
МЕЃУНАРОДНИ, ЕВРОПСКИ И НАЦИОНАЛНИ ПРАВНИ РЕЖИМИ ЗА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ

Уредници

Ана Никодиновска Крстевска
Олга Кошевалиска
Елена Максимова



Штип, 2026

МЕЃУНАРОДНИ, ЕВРОПСКИ И НАЦИОНАЛНИ ПРАВНИ РЕЖИМИ ЗА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ

Уредници
Ана Никодиновска Крстевска
Олга Кошевалиска
Елена Максимова

Штип 2026

МЕЃУНАРОДНИ, ЕВРОПСКИ И НАЦИОНАЛНИ ПРАВНИ РЕЖИМИ ЗА МИГРАЦИЈА И АЗИЛ

Издавач
2-ри Август – Штип

Уредници
Ана Никодиновска Крстевска
Олга Кошевалиска
Елена Максимова

Уредувачки одбор
Prof. Teresa Russo, University of Salerno
Prof. Niuton Muleti, EPOKA University, Tirana
prof. Kiara Neri, University of Lyon 3, Lyon
prof. Maja Savić Bojanić, Sarajevo School of Technology and Science
prof. Zvonko Nikodinovski, University Ss. Cyril and Methodius in Skopje

Лектура
Слаѓан Спасовски

Дизајн на корица
Ана Никодиновска Крстевска

Техничко уредување
Ана Никодиновска Крстевска

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР *5*

Габриел Гулијано де Годој
ПАНЕЛ ГОВОР: ПРОСЛАВА НА 30-ГОДИШНИНАТА ОД ПРИСУСТВОТО НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА УНХЦР ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 9

Џузепе Каталди
ИТАЛИЈА, ЕВРОПА И МИГРАЦИИТЕ ВО МЕДИТЕРАНОТ 13

Елена Максимова, Олга Кошевалиска и Ана Никодиновска Крстевска
ПРЕСУДАТА АА И ДРУГИ ПРОТИВ МАКЕДОНИЈА: ОД ОЧИГЛЕДНОТО ДО НЕОЧЕКУВАНОТО 31

Кјара Нери
ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ПРИВАТНИТЕ БРОДОВИ ВО ГОЛЕМИ СПАСУВАЧКИ ОПЕРАЦИИ НА МОРЕ 55

Џорџа Бевилаква
СВЕТЛИ И ТЕМНИ СТРАНИ НА ИТАЛИЈАНСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО НЕРЕГУЛАРНАТА МИГРАЦИЈА ВО ЦЕНТРАЛНИОТ МЕДИТЕРАН..... 73

Јасмина Димитриева
ЗАШТИТА НА НЕРЕГУЛАРНИТЕ МИГРАНТИ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ СО ЦЕЛ ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА: СТАНДАРДИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА И НИВНА ПРИМЕНА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 89

Светлана Јакимовска
АНАЛИЗА НА ТЕРМИНИТЕ И КОЛОКАЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО НА БЕГАЛЦИТЕ 113

Елена Трајковска
ИМПЛИКАЦИИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА: СУДСКИ ОДЛУКИ ЗА МИГРАЦИЈА НА ЕСЧП VIS-À-VIS МАКЕДОНСКОТО ПРАВОСУДСТВО 129

Богољуб Мијалков
ПОЛИТИКАТА НА АЗИЛ: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈОТ СО ЏУЛИЈАН АСАНЖ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ 145

ПРЕДГОВОР

Идејата зад оваа публикација беше на едно место да се соберат текстови од областа на бегалското право и политиките за миграција и азил, како на национално, регионално и европско, така и на меѓународно ниво. Целта беше да се создаде збирка на македонски јазик, имајќи предвид дека научната мисла и публицистиката во оваа област сè уште не се доволно развиени и застапени во домашниот академски и јавен простор, како и да се овозможи релевантната литература за студентите и за поширокатa читателска јавност да биде систематизирана на едно место и поблиску до македонската јавност.

Публикацијата содржи вкупно осум научни трудови, подготвени од десет автори, кои ги обработуваат клучните прашања поврзани со миграцијата, азилот и заштитата на бегалците од различни правни, политички, институционални и лингвистички перспективи. Во трудовите се преведени и вклучени дела од реномирани странски автори, професори по меѓународно јавно право и бегалско право, меѓу кои проф. Џузепе Каталди од Универзитетот во Неапол, Италија, проф. Кјара Нери од Универзитетот Жан Мулен Лион 3 од Лион, Франција и проф. Џорџа Бевилаква од Универзитетот „Луици Ванвители“ во Казерта, Италија. Станува збор за истакнати научници кои активно ја создаваат и развиваат современата научна мисла во оваа област и со својата работа придонесуваат за унапредување на бегалското право и на политиките за миграција и азил, а со тоа и за заштитата на бегалците и мигрантите ширум светот.

Покрај странските автори, во публикацијата се вклучени и македонски автори и универзитетски професори, меѓу кои проф. Елена Максимова, проф. Олга Кошевалиска, проф. Ана Никодиновска Крстевска, проф. Јасмина Димитриева и проф. Светлана Јакимовска, кои од своите научни области ги разработуваат овие тематики во македонскиот правен и институционален контекст. Научната мисла не би била целосна доколку не се вклучат и млади истражувачи кои ја продолжуваат и негуваат оваа традиција, меѓу кои и докторандите Елена Трајковска и Богољуб Мијалков.

Особено значајно е да се истакне дека Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип имаше плодна и повеќегодишна соработка со УНХЦР во Северна Македонија, која даде значаен придонес во развојот на академските активности, истражувањата и едукацијата во областа на бегалското право, миграцијата и азилот. Оваа публикација, во тој

контекст, претставува и резултат на една поширока академска и институционална заложба за унапредување на знаењето и свеста за овие прашања.

Изминатата година беше обележана со бројни турбуленции на меѓународната сцена кои значително влијаеја врз политиките за миграција и азил и врз заштитата на бегалците. Иако 2024 година беше означена како 30-годишнина од соработката со УНХЦР во Северна Македонија, овие глобални и регионални политички промени придонесоа за затворање на локалните канцеларии на Обединетите нации во повеќе балкански земји. Во јуни истата година Канцеларијата на УНХЦР беше целосно затворена и во Северна Македонија, со што се намалија и се затворија можностите за директна институционална заштита на бегалците и мигрантите во земјата. Во таков контекст, унапредувањето на научната и стручната литература во областа на бегалското право и политиките за миграција и азил се наметнува како навистина значаен чекор, а оваа збирка претставува сведоштво за таа идеја и заложба.

Во рамките на публикацијата се вклучени следните трудови:

„Италија, Европа и миграциите во Медитеранот“ од Џузепе Каталди претставува продлабочена правна и политичка анализа на миграциските текови преку Средоземното Море, со посебен фокус на улогата и одговорностите на Италија и Европската Унија. Трудот ги разгледува меѓународните и европските правни обврски за пребарување и спасување на море, критички се осврнува на политиките на екстернализација и на новите договорни решенија и аргументира потреба од хуман, солидарен и правно заснован пристап кон миграцијата.

„Пресудата АА и други против Македонија: Од очигледното до неочекуваното“ од Елена Максимова, Олга Кошевалиска и Ана Никодиновска Крстевска нуди критичка правна анализа на пресудата на Европскиот суд за човекови права во контекст на мигрантската криза од 2015–2016 година и практиките на колективно враќање на мигранти на македонско-грчката граница. Трудот ја преиспитува примената и проширувањето на исклучоците од забраната за колективно протерување, укажувајќи на нивните далекусежни импликации врз заштитата на човековите права и идната судска пракса на Судот.

„Предизвиците со кои се соочуваат приватните бродови во големи спасувачки операции на море“ од Кјара Нери претставува сеопфатна правна и практична анализа на улогата на приватните бродови во операциите за потрага и спасување на мигранти на море, со фокус на медитеранскиот контекст. Трудот ги анализира меѓународно правните обврски за спасување, како и сериозните оперативни, безбедносни и хуманитарни предизвици што произлегуваат од

недоволната координација меѓу државите, особено во однос на истоварувањето на спасените лица.

„Светли и темни страни на италијанското управување со нерегуларната миграција во централниот Медитеран“ од Џорџа Бевилаква нуди темелна правна анализа на италијанските политики и практики за справување со нерегуларната миграција по море, низ призмата на меѓународното поморско право и европските обврски. Трудот ги разгледува различните фази на италијанската интервенција – од хуманитарните спасувачки операции до рестриктивните безбедносни мерки – укажувајќи на постепеното повлекување од обврските за спасување и на ризиците што таквиот пристап ги носи за заштитата на човековите права.

„Заштита на нерегуларните мигранти и барателите на азил од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација: стандардите на Советот на Европа и нивна примена во Северна Македонија“ од Јасмина Димитриева претставува темелна правна анализа на меѓународните и европските стандарди за заштита од трудова експлоатација, со посебен фокус на ранливоста на нерегуларните мигранти и барателите на азил. Трудот ја анализира примената на Конвенцијата на Советот на Европа против трговијата со луѓе и судската пракса на Европскиот суд за човекови права во националниот контекст, укажувајќи на предизвиците и потребата од поефикасна идентификација, заштита и кривично-правен одговор во Северна Македонија.

„Анализа на термините и колокациите од областа на правото на бегалците“ од Светлана Јакимовска претставува систематска терминолошка и лингвистичка анализа на јазикот што се користи во правото на бегалците, со фокус на термините, колокациите, зборообразувањето и заемките. Врз основа на релевантни меѓународни и домашни правни текстови, трудот укажува на проблемите поврзани со нестандардизирана и неправилна употреба на термините и нуди насоки за нивна прецизна, стандардизирана и јазично усогласена примена.

„Импликации за интеграција во Европската Унија: судски одлуки за миграција на ЕСЧП vis-à-vis македонското правосудство“ од Елена Трајковска претставува сеопфатна анализа на улогата на Европскиот суд за човекови права во заштитата на правата на мигрантите и значењето на неговите пресуди за евроинтеграцискиот процес на Северна Македонија. Трудот ги разгледува степенот и предизвиците на имплементацијата на судските одлуки на ЕСЧП во националното правосудство, со посебен осврт на миграцијата и азилот како клучни области за усогласување со европските стандарди и начелото на владеење на правото.

„Политиката на азил: студија на случајот со Џулијан Асанж и меѓународните односи“ од Богољуб Мијалков е студентски есеј кој преку

случајот на Џулијан Асанж ја анализира политиката на азил во контекст на меѓународното право, дипломатијата и човековите права. Текстот го разгледува азилот како правен и политички инструмент, со посебен акцент на заштитата на укажувачите, слободата на медиумите и тензијата меѓу националната безбедност и јавниот интерес во современите меѓународни односи.

Се надеваме дека со оваа публикација ќе успееме да ги доближиме трендовите и литературата поврзана со бегалското право и политиките за миграција и азил поблиску до македонската читателска јавност и дека оваа збирка ќе побуди интерес за понатамошни истражувања, продлабочувања и унапредување на оваа научна област, како кај студентите, така и кај пошироката читателска публика.

Пријатно читање!

Габриел Гулијано де Годој[1]

ПАНЕЛ ГОВОР
12 декември 2024 година
Министерство за надворешни работи и надворешна трговија, Скопје

ТРИ ДЕЦЕНИИ СЛУЖБА: НАСЛЕДСТВО НА СОЧУВСТВО, СОРАБОТКА И ПОСВЕТЕНОСТ

Почитувани,

Би сакал да упатам искрена благодарност до министерот за надворешни работи и надворешна трговија за коорганизацијата на овој настан, како и до министерот за внатрешни работи и до министерот за правда за поддршката на ваквата иницијатива.

Ми претставува задоволство утрово заедно да ја одбележиме 30-годишнината од присуството на УНХЦР во Северна Македонија, како и ратификацијата на земјата на Конвенцијата за бегалци од 1951 година и нејзиниот Протокол од 1967 година.

Денес, ние сме заедно само за да одбележиме годишнина, туку и за да оддадеме почит на една извонредна историја—историја на човечност, храброст и неизмерна надеж. Пред 30 години, УНХЦР го воспостави своето присуство во Северна Македонија, земја која застана на раскрсницата на историјата и човештвото. Денес гледаме наназад кон тридецениската солидарност и непоколебливото верување дека секој човечки живот вреди да се заштити.

Во 1994 година, кога Северна Македонија ги направи своите први чекори како млада нација, конфликтот на Балканот покрена бран човечко страдање. Доаѓањето на УНХЦР не беше само одговор на таа криза - тоа беше ветување. Ветување дека ќе застане со оваа нација која ги отвори порти за оние кои бегаат од насилство и очај.

Кој би можел да ја заборави 1999 година, кога Северна Македонија прими речиси 400 000 бегалци од Косово? Во време на огромен напор, луѓето од оваа земја го научија светот што значи да се

[1] Поранешен претставник на УНХЦР Северна Македонија, говор по повод *Прослава на 30-годишнината на Канцеларијата на УНХЦР во Северна Македонија* (2023 – 2025)

биде хуман. Не беше лесно. Не беше без жртвување. Сепак, тоа беше чин на колективно сочувство што ќе се памети со генерации.

Но, оваа приказна не завршува со кризите од минатото. Од масовниот наплив по западнобалканската рута до војната во Украина, Северна Македонија остана непоколеблива, докажувајќи дека малите народи можат да имаат неизмерни срца.

Патување на промени

Во текот на три децении, ние не само што одговоривме на кризи, туку изградивме темели. Заедно, го постигнавме она што некогаш се чинеше невозможно:

1. Го донесовме првиот Закон за азил во 2003 година, поставувајќи ја основата за систем на правда и правичност.

2. Ги избришавме сенките на бездржавјанството, решавајќи 99% од случаите од случаите од поранешна Југославија, давајќи им го на илјадници луѓе непроценливиот дар на идентитет и припадност.

3. Се погрживме бегалците да имаат пристап до образование, здравство и достоинството на работа, трансформирајќи го опстанокот во можност.

И кога војната во Украина предизвика шокови низ целиот континент, Северна Македонија не попушти. Таа одговори на повикот, уште еднаш застана како светилник на надеж во неизвесни времиња.

Овие достигнувања не се само успех – тие се спас. Тие се нишките на заштитната мрежа која фатила и задржала безброј животи.

Заедничко ветување за утре

Сепак, како што гледаме наназад, мора да гледаме и напред. Патот пред нас е исполнет со предизвици, но и со можности. На оние на кои им служиме им должиме да сонуваат посилно, да дејствуваат похрабро и да градат посилно.

Да ја завршиме работата што ја започнавме со воспоставување на сеопфатна процедура за утврдување на бездржавјанството – за никој да не остане невидлив. Дозволете ни да направиме стратегии за интеграција кои ќе им овозможат на бегалците да напредуваат, а не само да преживеат, како полноправни членови на нивните заедници.

И дозволете ни да ги прифатиме иновациите за да се осврнеме на еволуирачката реалност на раселувањето со предвидливост и агилност.

Ништо од ова нема да биде лесно. Но, ништо што вреди – не е. Ќе биде потребна храброст, соработка и, пред сè, сочувство.

Момент за размислување

Додека сме заедно денес, се потсетувам на зборовите на Кочо Рацин: „Човекот е роден да се труди, да се бори, да се надева. Без надеж, светот би бил само пустелија“.

Надежта е она што не донесе овде. Надежта е она што ја поттикнува нашата работа. А надежта е она што ги тера секој маж, жена и дете што ризикува сè да најде сигурност. Им должиме да ја одржуваме таа надеж жива.

Завршни зборови

До Владата на Северна Македонија, до нашите партнери и до народот на оваа нација: Ви благодариме. Ви благодариме за довербата, партнерството и верувањето во нашата заедничка мисија. Ви благодарам.

До бегалците и луѓето без државјанство кои нè инспирираат секој ден: вашата сила нè прави скромни, вашата издржливост нè воздигнува, а вашите соништа нè потсетуваат зошто работиме тоа што работиме.

Додека гледаме кон иднината, оваа прослава нека послужи како повик за акција. Да се посветиме на принципите кои не обединуваат. Дозволете ни да изградиме заедници каде секој човек може да живее достоинствено и со надеж.

Заедно, да се обврземе дека следните 30 години нема да бидат само години на реакција, туку години на трансформација.. Да застанеме како еден, непоколебливи во нашата посветеност на свет во кој никој не е изоставен.

Ви благодарам.

Габриел Гулијано де Годој

Поранешен претставник на УНХЦР во Република Северна Македонија (2023 – 2025)

Џузепе Каталди[1]

ИТАЛИЈА, ЕВРОПА И МИГРАЦИИТЕ ВО МЕДИТАРАНОТ

Превод од италијански јазик, проф. Радица Никодиновска[2]

1. Вовед

Пред неколку години Високиот комесаријат на Обединетите нации за бегалци изјави: *„Вистина е дека не можеме да ги одвратиме луѓето кои бегаат за да си го спасат животот. Тие ќе дојдат. Но, ние можеме само да избереме дали соодветно ќе ги прифатиме и со колкав степен на хуманост ќе го сториме тоа. Ако Западните земји продолжат со затворање на границите, ќе се продолжи со заложништвото на илјадници очајни луѓе во раце на криминалците, правејќи не сите да се чувствуваме небезбедно.“*

Мигрантите се поттикнати од желбата да живеат во места место каде што ќе можат да избегнат прогони, конфликти, сиромаштија, природни катастрофи или други несреќи. Плаќаат огромни суми пари, изложувајќи го на голем ризик својот живот при патување низ пустина и море. Знаат кога ќе тргнат, но не знаат кога ќе пристигнат, и доколку успеат во тоа, ќе се соочат со дискриминирачко и несигурно живеење во нелегална состојба. Како што е општо познато, на правото на секое човечко суштество да мигрира (предвидено во чл. 13 став 2 од Универзалната декларација за човекови правата, каде се зацртува дека секој поединец има право да напушти која било држава, вклучувајќи ја и својата, и во чл. 12 став 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 г.), не му соодветствува обврска за прифаќање од страна на државата на дестинацијата. Оттука и масовната појава на неовластени миграции, во однос на кои се прави разлика помеѓу присилните миграции, односно оние поттикнати од потребата да се бега од политички прогони или слични настани (војна, револуција, природна

[1] Редовен професор по меѓународно право, Универзитет во Неапол „Ориентале“ и почесен професор по меѓународно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Претседател на *Меѓународната асоцијација за морското право,* Раководител на модулот Жан Моне на Европската Унија за „Меѓународно право за правото на морето“, и проектен менаџер на проектот FAO GCFM-Lex, e-mail: g.cataldi@unior.it.

[2] Професор Радица Никодиновска е редовен професор на Катедрата за италијански јазик при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, email: rnikodinovska@gmail.com.

катастрофа) и миграции од економски причини, предизвикани од состојби на ендемска, неподнослива беда.

Транзитот на мигранти се карактеризира со драматични аспекти во Средоземното Море, затоа што миграциите преку море носат поголеми ризици за човечкиот живот поради начинот на кој се врши пренесувањето. Утврдено е дека транснационални криминални организации ги контролираат и профитираат од сите фази на патувањето на мигрантите, од нивното поаѓање, често од земјите во Супсахарскиот Регион, преку преминувањето на пустината, до нивното задржување во центрите за „прераспределба“ по должина на јужното медитеранско крајбрежје, потоа качувањето на гумени чамци, и во некои ситуации, на матични бродови, од кои подоцна се префрлаат на други мали трошни пловила насочени кон европските крајбрежја, па сè до „асистенција“ при нивното пристигнување на копно и патувањето до посакуваната крајна дестинација. Најчесто користени „коридори“ од страна на тие пловила се Сицилијанскиот Канал, Јонското Море и Гибралтарскиот Теснец. Оттаму произлегува дека Средоземното Море претставува главниот природен „sид“ како препрека на миграциите, на кој се надоврзуваат и sидовите што владите на одредени европски држави ги кренале со цел да го попречат, по „колапсот“ на Сирија, користењето на „копнените рути“ преку Турција, Грција, Северна Македонија, Србија, Унгарија и Хрватска.

Како да се управува со овој феномен? Предизвикот за државите од северното крајбрежје, особено за Европската Унија, која неодамна одлучи да усвои заедничка миграциска политика, треба да биде да не се негира себеси и своите темелни принципи, а со тоа да дозволи примена на одредбите од Лисабонскиот договор и од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија. Оттука произлегува дека наместо да се креваат „sидови“ (материјални и нематеријални), потребно би било да се усогласат хуманитарните аспекти, кои секогаш треба да се сметаат за приоритетни, со потребите за контрола на границите и за превенција и сузбивање на кривични дела, излегувајќи од логиката на кризна состојба, бидејќи, впрочем, вистинска кризна состојба е онаа која се однесува на „Југ – Југ“, со речиси четири милиони сириски бегалци во Либан и Јордан, многу помала територија во споредба со онаа на 27-те земји членки на Европската Унија. Најважно е, пред сè, да се делува на причините што ги тераат мигрантите да заминат. Исто така, секоја одлука во врска со управувањето со мигрантските приливи не смее да ги негира постулатите поврзани со „солидарноста“ и со почитувањето на човековите права. На крај, соработката меѓу државите е неопходна со цел да се превенираат и да се сузбијат кривичните дела поврзани со трговија со мигранти, организирани од страна на транснационални криминални организации.

На чисто хуманитарен план, најзначаен пример за интервенција останува операцијата *Mare Nostrum*, започната во Италија како одговор на трагедијата што се случи во близина на крајбрежјето на Лампедуза на 3 октомври 2013 г., несреќа во којашто загинаа повеќе од 350 лица. Стануваше збор за операција којашто траеше до крајот на 2014 г., која имаше исклучиво национален карактер, но која истовремено беше целосно во согласност со принципите на Европската Унија во оваа материја. Голем број на средства и човечки ресурси од разни институции беа ставени во употреба на голема површина од Средоземното Море (дури до Либиското крајбрежје), и навистина беше голем бројот на интервенции и на спасени човечки животи. Високата цена на оваа операција и критиките упатени од страна на многу партнери на Унијата, доведоа до нејзино прекинување. Главната забелешка, како од внатрешната политичка опозиција така и од европските влади (особено Шпанија и Грција), беше наводниот ефект на поттикнување („calling effect“) на поаѓањата на мигрантите, поради големата веројатност да бидат пресретнати во многу пространата зона, и да бидат „спасени“ од страна на италијанската крајбрежна стража и донесени во пристаништата на Апенинскиот Полуостров. Сепак, мора веднаш да се побијат ваквите критики, особено во светло на трагичните настани по завршувањето на операцијата *Mare Nostrum.* Поттикот за прекуморско мигрирање, како што покажуваат бројките и трагедиите, се должи исклучиво на општествено-политичките услови во земјите на потекло и транзит[3].

Операцијата *Mare Nostrum* беше заменета со други операции за контрола на границите, раководени и финансирани од Европската Унија, како што е операцијата *Triton*. Спасувањето на мигрантите на море и понатаму останува најмногу обврска на крајбрежните држави, пред сè на Италија, затоа што Сицилијанскиот канал претставува најчесто користена рута во Средоземното Море. Обврската за спасување се однесува на сите мигранти, без оглед на нивните причини за „патувањето“.

Според меѓународното право, нерегуларните мигранти имаат право да бидат третирани на хуман начин а не како да се криминалци. Доколку се најдат во опасност на море, нерегуларните мигранти имаат право да бидат спасени и да бидат пренесени на безбедно место. Доколку пак се истовремено и бегалци, во тој случај тие имаат право да не бидат вратени во местото каде што биле подложени на прогон, и да им се овозможи барање за азил. Како секое човечко суштество, така и

[3] Види повеќе во E. CUSUMANO e M. VILLA, *Sea Rescue NGOs: a Pull Factor of Irregular Migration?*, in *Policy Brief. Migration Policy Centre. Robert Schuman Centre for Advanced Studies. European University Institute, Issue 2019/22, November 2019*. Авторите, засновајќи го своето истражување на податоци и факти, докажуваат на ефикасен начин дека оваа хипотеза е погрешна.

нерегуларните мигранти имаат право да не бидат вратени во држава каде што постои ризик да бидат подложени на тортура. Сепак, меѓународната правна рамка сè уште е далеку од соодветна и потребно е подобро да се дефинира, особено кога станува збор за местото каде што мигрантите и барателите на азил треба да се симнат на копно и за заштитата на нивното право да бараат азил.

Со текот на времето, Европската Унија усвои различни мерки за управување со мигрантскиот феномен, но тие не се покажаа како соодветни и/или не обезбедуваа соодветна заштита на човековите права. Освен тоа т.н. „Даблински систем“ (усвоен кон крајот на 2013 г., во областа на азилот, составен од две директиви и две регулативи), којшто ја одредува државата надлежна за разгледување на барањето за меѓународна заштита, особено примената на критериумот на „прв влез“ (најчесто користен во пракса), резултираше со непропорционален притисок врз граничните држави, коишто, меѓу другото, не беа често во можност соодветно да одговорат на потребите за прифаќање и разгледување на барањата за азил.

2. Италија и миграциите. Од почетоците до проблемите со потрага и спасување на море

Веќе истакнавме дека Италија претставува целна дестинација (директна или транзитна точка кон земјите од Северна Европа) на најголемиот дел од мигрантските приливи коишто доаѓаат од Јужното крајбрежје на Средоземното Море. Тоа значи дека Италија е земја на имиграција и транзит. Но не е само тоа! Денес Италија е осма земја во светот по број на емигранти, а бројот на заминувања во 2018 година беше највисок од 1971 година! Имиграцијата е присутна најчесто во Северна Италија (можеби како „отскокна точка“ на претходно преселени луѓе од јужна Италија). Ја напуштаат млади образовани луѓе (т.н. *Skilled migration*) но и оние без никаква стручност: емигрираат пензионери (т.н. Sun migration), заради проблеми поврзани со одаточување на пензиите, и за жал, тие заминувања не се надоместуваат со имигранти од иста категорија во државата, што сведочи за отсуство на циркулација на културните елити (Brain drain and gain). Исто така, и во Италија постои феноменот на најсиромашни луѓе коишто не можат ни да си замислат какво и да е мигрирање[4].

Потребно е да се разбијат одредени митови и да се потсетиме на сопствената историја, особено на односот што уште од самиот почеток италијанската држава го имаше во однос на странските државјани. Чл. 3 од Граѓанскиот законик од 1865 година, инспириран од прочуениот

[4] Повеќе за овие податоци, и воопшто повеќе за феноменот види Е. PUGLIESE, *Quelli che se ne vanno. La nuova emigrazione italiana*, Bologna, 2018.

правник и патриот од југот на Италија, Пасквале Станислао Манчини, утврдува дека *„странците имаат право да ги уживаат граѓанските права на граѓаните“*. Оваа одредба ја стави Италија во авангардна позиција во Европа во оваа сфера. Наполеоновиот законик, иако претставуваше референтен модел за италијанскиот законодавец, напротив, го применуваше принципот на реципроцитет, ограничувајќи ги правата на странците во Франција на оние коишто француските граѓани ги уживале во странската држава од којашто доаѓале странците, врз основа на меѓународен договор. Италијанскиот законодавец направил модерен и широкоград избор, но тој треба да се стави „во контекст“ со оглед на тоа што странците на кои се однесувал биле граѓани на една од оние држави коишто го сочинуваа она што не случајно се нарекуваше „Европски сојуз“. Сепак, мора да се истакне важноста на овој иновативен избор и поради фактот што тој беше сосема изменет од страна на законодавецот во 1942 г., којшто го воведе принципот на реципроцитет во чл. 16 од воведните одредби од новиот Граѓанскиот законик. Но, ставовите на Манчини сепак се враќаат во чл. 10 став 3 од Републиканскиот Устав, кој де факто го прави застарен и неприменлив принципот на реципроцитет, особено во однос на уставно загарантираните права, утврдувајќи дека *„правната положба на странците се регулира со закон, во согласност со меѓународните норми и договори“*, што значи дека секоја внатрешна одредба во врска со таа материја мора да биде во согласност со прифатените меѓународни норми. Очигледно е дека за првите сто и дваесет години од нашата историја, фокусот бил ставен пред сè на регулирање на емиграцијата на италијанските граѓани. Оттука потекнува Законот за заштита на јавната безбедност и контрола врз „агенциите за емиграција“ (тогашните т.н. криумчари *на луѓе*). Во 1888 година е донесен „Законот Криспи“ за слобода на емиграцијата *„во согласност со законските обврски наметнати на граѓаните*“. Уште во повоениот период се зборува за емиграција во Уставотворното собрание. Во дискусијата за членот 35, значајна е изјавата на пратеникот Доминедо: ‘*Оној што се сеќава на тешките повреди на правото на емиграција поради воени, националистички или расистички причини,* ќе признае колку е важно во иднина тоа човеково право да биде заштитено од други опасности – правото на човекот да ја развие својата личност и, следствено, правото да учествува во заедницата на народите, како што велеше Мацини – оној кој ги сака сите татковини, затоа што искрено ја сака својата“. Овие зборови се мошне актуелни и денес, и треба да ја насочуваат денешната италијанска административна пракса и законодавство за имиграција – чиј зародиш, како што е познато, се создава дури во 1990 година, и денес, за жал, идеолошки тежнее кон опасно и антиисториско „затворање“ на границите.

Тоа особено се забележува во прашањето за потрага и спасување на море. Иницијативите во оваа област од страна на италијанските влади

(од почетокот на зголемувањето на поаѓањата од јужниот брег), и покрај различниот парламентарен состав што ги поддржуваше, имаат заеднички пристап и карактеристики. Единствен позитивен исклучок е претходно споменатата операција Mare Nostrum. Заедничката линија може да се резимира на следниов начин: непочитување на обврските кои произлегуваат од меѓународното право – дури и кон оние што се доброволно преземени – и последователните често несмасни обиди, да се избегнат тие обврски. Нема потреба да се потсетува дека дури и ако одредбите имаат сила на закон, тоа не ја менува хиерархијата на правните извори, и затоа тие мора да бидат усогласени со одредбите од членовите 10, 11 и 117 од Уставот, кои му даваат примат на меѓународното право и правото на Европската Унија над внатрешното право.

Сведоци бевме, накусо кажано, на следново: на утврдување од страна на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) дека Италија прекршила повеќе одредби од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) поради примената на договорот помеѓу Италија и Либија за „пријателство, партнерство и соработка“ од 2008 година[5]; на донесувањето на т.н. „кодекс на однесување“ со неизвесна правна природа (т.н. „Кодекс Минити“, според името на тогашниот министер за внатрешни работи), кој се однесуваше на активностите на невладините организации кои се занимаваат со спасување на море. Во тој кодекс, меѓу другото, се бараше од невладините организации, дури и кога пловат под странско знаме, да се обврзат дека нема да го користат правото на „непречен премин“ низ територијалните води на трета држава (односно во либиските територијални води!)[6]; освен тоа, во совршена согласност со политичките ветришта што дуваа низ Европа и поттикната од недостатокот на солидарност од страна на партнерите во ЕУ при

[5] Пресуда на Големиот судски совет на ЕСЧП од 23 февруари 2012 година во случајот „Хирси Јамаа и други против Италија“. Повеќе види во: A. LIGUORI, *La Corte europea condanna l'Italia per i respingimenti verso la Libia del 2009: il caso Hirsi*, in *Rivista di diritto internazionale*, 2012, pp. 415 ss.; како што е познато, нов билатерален договор по ова прашање меѓу двете земји беше потпишан во 2017 година. Види: M. MANCINI, *Il Memorandum di Intesa tra Italia e Libia del 2017 e la sua attuazione*, in N. RONZITTI e E. SCISO (ур.), *I conflitti in Siria e Libia. Possibili equilibri e le sfide al diritto internazionale*, Torino, 2017, p. 204 ss.; A. LIGUORI, *The Externalization of Border Controls and the Responsibility of Outsourcing States under the European Convention on Human Rights*, in *Rivista di Diritto Internazionale*, 2018, p. 1228 ss.; ID., *Migration Law and The Externalisation of Border Controls*, London and New York, 2019 A. SPAGNOLO, *The Conclusion of Bilateral Agreements and Technical Arrangements for the Management of Migration Flows: An Overview of the Italian Practice*, in *Italian Yerbook of International Law*, 2018 p. 211 ss; F. DE VITTOR, *Responsabilità degli Stati e dell'Unione europea nella conclusione e nell'esecuzione di 'accordi' per il controllo extraterritoriale della migrazione*, in *Diritti umani e diritto internazionale*, 2018, p. 5 ss.; A. Fazzini, *L'esternalizzazione delle frontiere e la responsabilità degli Stati europei. Il caso Italia – Libia*, Napoli, 2023.

[6] За „законот Минити“ се упатува на M. RAMACCIOTTI: *Sulla utilità di un codice di condotta per le organizzazioni non governative impegnate in attività di Search and Rescue (SAR)*, in *Rivista di diritto internazionale*, 2018, p. 213 ss.; F. FERRI, *Il Codice di condotta per le ONG e i diritti dei migranti: fra diritto internazionale e politiche europee*, in *Diritti umani e diritto internazionale*, 2018, p. 189 ss.

справувањето со пристигнувањата на мигрантите, започна – од јуни 2018 година – ерата на „затворени пристаништа“, преку т.н. „безбедносни декрети“, со очигледна повреда на важечките меѓународни норми – како што во повеќе наврати беше посочено од авторот на овој текст[7], и потврдени од судската пракса на редовните судски инстанции и на Касационниот суд[8]. Уредбата со законска сила бр. 130 од 2020 година (т.н. „декрет Ламорџезе“, наречен според името на тогашниот министер), која ги укина административните казни и запленатa на бродови коишто спроведуваат спасувачки операции на море, под услов да се почитуваат меѓународните конвенции, но и невладините организации претходно да ги имаат пријавено своите активности на надлежните национални власти. Меѓутоа, уредбата сепак, не ја елиминира можноста да се забрани влез на бродови во националните пристаништа, доколку тие не ги исполнуваат условите според внатрешната регулатива, ниту можноста од покренување кривична постапка, со глоби до 50 000 евра за НВО одговорни за операциите на море. Од тие причини, како и затоа што за прв пат се бележи обид за попречување на активностите на НВО преку „административни задржувања“ на бродови, врз основа на повторувани проверки на техничките услови на пловилата, ова се нарекува како

[7] G. CATALDI, *Il “decreto sicurezza bis” alla prova degli impegni internazionali dello Stato in materia di diritto del mare. Alcune osservazioni*, in *Diritti dell’uomo. Cronache e battaglie*, 2019, p. 439 ss.; Id., *L’impossibile “interpretazione conforme” del decreto “sicurezza bis” alle norme internazionali sul soccorso in mare*, in *Questione Giustizia, https://www.questionegiustizia.it/articolo/l-impossibile-interpretazione-conforme-del-decreto_26-02-2020.php*; ID., *Audizione informale nell’ambito dell’esame del disegno di legge C. 1913 Governo, di conversione in legge del decreto-legge 14 giugno 2019, n. 53, recante ‘Disposizioni urgenti in materia di ordine e sicurezza pubblica’*, 2 luglio 2019, https://www.camera.it/application/xmanager/projects/leg18/attachments/-upload_file_doc_acquisiti/pdfs/000/001/960/Relazione_Giuseppe_Cataldi.pdf. .; ID., *L’evoluzione normativa in Italia in tema di gestione delle migrazioni via mare. Quale rilievo agli impegni internazionali dello Stato?*, in *Eurojus.it*, 11 aprile 2024.

[8] Меѓу многуте судски одлуки, овде ќе се потсетиме само на неколку: **Судот во Катанија, 7 декември 2018,** кој, во врска со случајот со бродот *Дичоти (Dicotti)*, истакна дека *„обврската за спасување на животи на море претставува прецизна должност на државите и има предност пред сите норми и билатерални договори насочени кон спречување на нерегуларната миграција“*; **Судијата на претходна постапка во Трапани, во Пресуда од 3 јуни 2019**, во случајот *Vos-Thalassa*, кој ја признава оправданоста на самоодбрана кај мигранти кои биле спасени, а потоа се спротивставиле на присилно враќање кон Либија; и особено **Касациониот суд, III кривично одделение, пресуда бр. 112 од 20 февруари 2020**, во случајот *Carola Rackete*, капетан на бродот *Sea Watch 3*. Касациониот суд утврди дека таа, од почетокот до крајот на операциите за спасување, дејствувала во целосна согласност со обврските што ги налага меѓународното право, вклучително и одлуката да не се придржува кон забраната за влез во територијалното море и во италијанско пристаниште (забрана издадена согласно „декретот за безбедност бис“), пробивајќи ја блокадата наметната од воените власти и одведувајќи ги спасените мигранти (на 12 јуни 2019) до безбедно место за нивно пристигнување.

пракса на „полузатворени“[9] или „полуотворени пристаништа“[10]. Накрај, по појавата на пандемијата на КОВИД-19, италијанскиот министер за инфраструктура и транспорт, во координација со министрите за надворешни работи, за внатрешни работи и за здравство, донесе уредба на 7 април 2020 година, според која, поради здравствената криза, италијанските пристаништа не ги исполнуваа условите предвидени со Конвенцијата за меѓународната потрага и спасување на море, за да се сметаат за „безбедно место“ за операции за потрага и спасувања извршени од бродови под странско знаме, надвор од италијанската зона на пребарување и спасување т.н. SAR зона (Search and Rescue). Оваа уредба предизвика сериозни сомнежи за нејзината усогласеност, како во методолошка така и во содржинска смисла, со предметот и целта на Хамбуршката конвенција (1979), како и поопшто со меѓународните обврски на Италија во оваа област, а со тоа и сомнежи за противуставност, за кои се упатува на правната литература што јасно ги истакна тие проблеми[11]. Она што е важно да се потенцира е дека, преку оваа уредба, италијанските власти всушност ја искористија пандемијата како изговор за да ја префрлат одговорноста – колку што е можно повеќе – на бродовите на НВО со знамиња на други држави, што резултираше со неосновано и нелегитимно намалување на обврските на Италија, како најблиска држава до зоните на спасување во море.

Екстернализацијата на управувањето со миграцискиот феномен и непријателскиот став кон НВО, кои се сметаат за „виновни“ дека ги

---

[9] Види во S. ZIRULIA, *Dai porti chiusi ai porti socchiusi: nuove sanzioni per le navi soccorritrici nel Decreto Lamorgese*, во *ADiM Blog*, март 2021, http://www.adimblog.com/2021/03/31/dai-porti-chiusi-ai-porti-socchiusi-nuove-sanzioni-per-le-navi-soccorritrici-nel-decreto-lamorgese/; за политиката на „административни забрани “ види во F. DE VITTOR, *Il Port State Control sulla navi delle ONG che prestano soccorso in mare: tutela della sicurezza della navigazione o ostacolo alle attività di soccorso?*, во *Diritti umani e diritto internazionale*, 2021, p. 103; L. MASERA, *Il contrasto amministrativo alle ONG che operano soccorsi in mare, dal codice di condotta di Minniti, al decreto Salvini bis e alla riforma Lamorgese: le forme mutevoli di una politica costante*, in *Questione Giustizia*, 15 јуни 2021, https://www.questionegiustizia.it/articolo/nm60c4b77c1d7670-26683604). П**оопшто, во врска со спротивставувањето на активностите на НВО,** G. BEVILACQUA, *Italy versus NGOs: The controversial Interpretation and Implementation of Search and Rescue Obligations in the Context of Migration at Sea*, in *Italian Yearbook of International Law*, 2018, p. 11 ss.

[10] C. FAVILLI, *La stagione dei porti semichiusi: ammissione selettiva, respingimenti collettivi e responsabilità dello Stato di bandiera,* in *Questione Giustizia*, 8 novembre 2022 на линкот: www.questionegiustizia.it/articolo/porti-semichiusi, во однос на случаите на „селективна дозвола за влез“, односно ограничено само на лица со сериозно нарушена здравствена состојба, кои Владата на Италија се обиде да ги примени во ноември 2022 година.

[11] E. ZAMUNER, *Convenzione SAR e luogo sicuro alla prova dell'emergenza Covid-19: i limiti del decreto interministeriale del 7 aprile 2020*, in *Rivista di diritto internazionale*, 2020, p. 838 ss.; F. MUNARI, *Il decreto interministeriale per gestire l'emergenza covid-19 nell'ambito degli obblighi dell'Italia ai sensi della Convenzione SAR: l'insostenibile «intermittenza» del luogo sicuro per i migranti diretti verso l'Italia*, *SIDIBlog*, 16 aprile 2020; A. M. PELLICONI, *Covid-19: Italy Is Not a «Place of Safety» Anymore. Is the Decision to Close Italian Ports Compliant with Human Rights Obligations?*, *EJIL:Talk!*, 23 aprile 2020, www.ejiltalk.org .

остават во италијанска надлежност спасените лица, беа контекстот во кој се носеа сите овие мерки. Нема да ги повторуваме сите критики што беа изнесени, ниту ќе се обидуваме повторно да ја докажеме очигледната противправност на повеќето норми во оваа сфера. Ќе потсетиме уште еднаш на неколку неспорни точки, кои повеќепати биле потврдени како од националната така и од супранационалната судска пракса, имено: 1) обврската за спасување – според еден исконски принцип на обичајното право – ги обврзува сите држави и секој капетан на брод. Таа обврска за државите е кодифицирана во членот 98 од Конвенцијата на Обединетите нации за правото на морето (UNCLOS), без никакви географски посочувања и ограничувања, и со обврска државата да промовира: *„создавање на траен, ефикасен и соодветен систем за пребарување и спасување“*[12]. Подетални се одредбите во Меѓународната конвенција за безбедност на човечкиот живот на море (SOLAS) од 1974 и Хамбуршката конвенција за пребарување и спасување на море (1979) која подетално се занимава со ова прашање и утврдува т.н. SAR-зони (Search and Rescue). За капетаните на бродовите, оваа обврска произлегува и од Наслов V, чл. 33 од SOLAS, како и од националните прописи, како што е членот 489 од Законот за морепловство; 2) НВО само го пополнија просторот што државите (интенционално) го оставија нерегулиран, не исполнувајќи ги преземените обврски, и дотолку повеќе создавајќи дополнителни проблеми на поморската трговија. Во една изјава од 11 јуни 2018 година, Меѓународната поморска трговска комора од Лондон (ICS) истакна дека *„ако бродовите на НВО не можат да ги симанат спасените лица во италијанските пристаништа, ќе има сериозни последици и за трговските бродови (...), кои повторно ќе треба масовно да учествуваат во операциите на спасување“*; средствата користени за преминување на Медитеранот, како и фактичките околности, од самиот почеток создаваат состојба на нужност, со што се активира обврската за спасување според обичајното право и се прави исклучок од правилото за забрана на влез на неовластени бродови во пристаништа; 4) операцијата на спасување се смета за завршена само кога лицата во опасност се пренесени, во најкус можен рок, на „безбедно место“, каде што ќе биде

[12] *„Секоја држава мора да бара од капетанот на брод што плови под нејзино знаме, колку што може да стори без притоа да го загрози бродот, екипажот или патниците: а) да пружи помош на секој што ќе се најде во опасност на море; б) да постапи што е можно побрзо во спасувањето на лицата во опасност, доколку дознае дека имаат потреба од помош, колку што е разумно да може да се очекува од него; в) да пружи помош, во случај на судир, на другиот брод, на неговиот екипаж и патниците и, кога е можно, да му го соопшти на другиот брод своето име и пристаниште каде е регистриран, како и кое е најблиското пристаниште во кое ќе застане. 2.Секоја крајбрежна држава ја поттикнува воспоставување и постојано функционирање на ефикасено и соодветен систем за потрага и спасување со цел заштита на поморската и воздушната безбедност и, кога околностите го диктираат тоа, соработува со соседните држави преку регионални договори.“*

загарантирана нивната безбедност и остварување на основните човекови права.

3. Италија и миграциите. Последни случувања: *„Протоколот меѓу Владата на Италијанската Република и Советот на министри на Република Албанија за зајакнување на соработката во областа на миграцијата“*

Со Закон бр. 14 од 21 февруари 2024, Парламентот го овласти Претседателот да го ратификува Протоколот меѓу Владата на Италија и Советот на министри на Албанија, потпишан во Рим на 6 ноември 2023 од страна на италијанската премиерка и нејзиниот албански колега. Овој Протокол претставува правна основа за изградба на два центри за управување со мигранти на територијата на Албанија, но под италијанска јурисдикција. Станува збор за нова форма на екстернализација, поразлична од претходните, бидејќи не подразбира пренос на одговорности на друга држава, туку директна примена на италијанското право надвор од италијанската територија.[13] И покрај тоа, постојат многу сомнежи за легитимноста на овој договор, особено во однос на уставното право, меѓународното право и правото на ЕУ[14]. Овде ќе се задржиме само на неколку важни аспекти поврзани со правилата за спасување на море.

Најпрво треба да се повикаме на членот 3, став 2 од Законот бр. 14/2024, каде се наведува дека во центрите во Албанија *„може да се пренесуваат само лица качени на бродови на италијанските власти надвор*

---

[13] *Значително поразлично, на пример, од експериментот со екстернализација што го усвои Обединетото Кралство врз основа на Меморандум за разбирање потпишан со Руанда на 13 април 2022 година.* За ова, како и за настаните по склучувањето на Меморандумот, се упатува на A. LIGUORI, *Storica sentenza sull'accordo Regno Unito-Ruanda, ma la battaglia non è finita …*, *ADiM Blog, Osservatorio della Giurisprudenza*, dicembre 2023..

[14] M. SAVINO, *La legge di ratifica ed esecuzione del Protocollo Italia-Albania: tre problemi di sostenibilità giuridica e amministrativa*, *ADiM Blog, Editoriale*, gennaio 2024; A. Spagnolo, *Sull'illegittimità del Protocollo Italia – Albania in materia migratoria, SIDI Blog*, 9 novembre 2023; C. Favilli, *Audizione 8 gennaio 2024 Protocollo Italia – Albania*, leg19.com01.Audizioni.Memoria.PUBBLICO.ideGes.26889.11-01-2024-11-46-29.403.pdf (camera.it); L. MASERA, *Il disegno di legge di ratifica ed esecuzione del Protocollo tra Italia ed Albania in materia di immigrazione: analisi del progetto e questioni di legittimità*, *Sistema penale*, 28 dicembre 2023; G. GRATTAROLA, *Il disegno di legge di autorizzazione alla ratifica del protocollo Italia-Albania: profili di (in)compatibilità con il diritto dell'Unione europea", SIDI Blog*, 13 febbraio 2024; F. Z. EL HARCH, *Il Protocollo Italia-Albania al vaglio della Corte costituzionale albanese, ADiM Blog, Osservatorio della Giurisprudenza*, gennaio 2024; A. SACCUCCI, *Il Protocollo Italia-Albania sulla "dislocazione" territoriale dei migranti, Rivista di diritto internazionale*, 2024, p. 635 ss.; G. CARELLA, *Procedura di confine e procedura ai confini della realtà nel Protocollo Italia-Albania in materia di migrazione, SIDIBlog*, 17 maggio 2024; ASGI, L'analisi giuridica del Protocollo Italia – Albania, 22 novembre 2023, https://www.asgi.it/allontamento-espulsione/albania-italia-protocollo-analisi-giuridica/.

од територијалните води на Италија или на други земји членки на ЕУ, вклучително и по спасувачки операции. Очигледна е намерата на таа одредба да се исклучи можноста во тие нови центри да се испраќаат странци кои се веќе на италијанска територија. Со други зборови со цел да се избегнат случаи на „пренос“ или дури и „депортација“. Сепак, според членот 4 од Законот за пловидба, во согласност со обичајното меѓународно право и членот 94 од Конвенцијата на ОН за правото на морето: *„италијанските бродови на отворено море и воздухоплови во место или простор кои не припаѓаат на друга држава се сметаат за италијанска територија“*. Следствено, Италија има обврски и целосна одговорност во однос на лицата качени на такви бродови, дури и ако не биле качени од италијанско пристаниште или во италијански територијални води. Сите мигранти качени на италијански брод треба да добијат еднаква правна заштита според правото на ЕУ (вклучително и пристап до меѓународна заштита). Италија, во вакви случаи, се смета за земја на „прв влез“ на странецот на територија на ЕУ[15]. Исто така, се применува и уставна заштита предвидена особено во членот 10, став 3 од Уставот, кој му гарантира право на азил на територијата на Република на странец *„кој не може во својата земја да ги ужива демократските слободи загарантирани со италијанскиот Устав“.*

Постојат сериозни сомнежи околу можноста да се пренесуваат во Албанија лица спасени во Сицилијанскиот теснец, зона во која во

[15] Сепак, треба да се потенцира дека во институциите на Европската Унија не постои усогласеност по ова прашање. Претседателката на Комисијата го поздрави Протоколот дефинирајќи го како *„пример на нестандардно размислување, базирано на праведна распределба на одговорностите со трети земји, во согласност со обврските според правото на ЕУ и меѓународното право*“, додека Комесарката за внатрешни работи изјави дека *„не го крши правото на ЕУ“ бидејќи „е надвор од правото на ЕУ*“, со оглед на тоа што разгледувањето на барањата за азил ќе го вршат италијанските власти согласно применливото италијанско законодавство (Eunews, 15 ноември 2023. Види исто така изјавите на www.youtube.com/watch?v=aB7MM5qx1z0). Но Европскиот парламент веднаш упати прашање до Комисијата за ризиците од кршење на правото на Унијата, поточно за принципот на *non-refoulement*, за еднаквоста на третманот, за правата на одбрана и на лична слобода што произлегуваат од Протоколот (достапен на www.europarl.europa.eu/doceo/document/E-9-2023-003289_EN.html). Комисијата одговори дека за да може да се произнесе, ѝ се потребни дополнителни информации од страна на италијанската влада (www.europarl.europa.eu/doceo/document/E-9-2023-003289-ASW_EN.html). Без да влегувам во суштината на прашањето, претходно би посочил сомнежи во можноста правото на Италија да се применува автономно во однос на правото на ЕУ. Како што е познато, италијанското законодавство за азил е целосно базирано на нормативните акти донесени од страна на Унијата. Исто така, спогодбата предвидува, меѓу другото, изградба на структури, еквивалентни на гранични или транзитни зони, во подрачјата дадени на располагање од страна на албанската влада, каде ќе се применува гранична процедура. Станува збор за институти регулирани со иста Директива 2013/32/ЕУ, транспонирана од Италија со законски декрет бр. 25/2008, член 28-бис, став 4. Следствено, се чини малку реалистично тврдењето дека правото на Унијата нема да се имплементира во Албанија.

моментов се одвиваат најмногу операции на пребарување и спасување (со оглед на тоа што претставува миграторска рута која од Северна Африка минува низ Централниот Медитеран), но и низ Тиренското или Јонското Море, бидејќи правилото, за коешто претходно беше зборувано, предвидува обврска за доведување на спасените лица (и соодветното право на овие лица да бидат доведени) до најблиското безбедно пристаниште, правило што пред сè се заснова на логични причини. Целта е операцијата да се заврши ефикасно и во најкус можен рок, во интерес на заштитата на човечкиот живот, бидејќи бродот може да се смета за безбедно место само привремено[16]. Токму затоа, дури по истоварувањето, операцијата за спасување се смета дека е завршена. Пристаништето Шенѓин во Албанија, кое се наоѓа на околу 500 наутички милји оддалеченост од Сицилија, бара значително продолжување на времето на пловидба, што се покажува како неоправдано бидејќи може да се докаже постоењето на можности за прифаќање на спасените лица на многу поблиски точки за истоварување, лоцирани на сицилијанскиот брег.

Освен тоа, според античките норми на обичајното правот, капетанот на бродот има одредено дискрециono право (со соодветна одговорност) при одредувањето на местото на пристигнување, бидејќи тој се наоѓа во најповолна положба да ги процени сите околности на пловидбата (состојбата на морето, временските услови, состојбата на спасените лица)[17]. Ова правило е сосем (и неоправдано) отфрлено.

Треба да се додаде и тоа дека, бидејќи Протоколот не се применува на ранливи категории на лица (како малолетници, бремени жени или лица на кои им е потребна посебна медицинска нега), и бидејќи пловилата на италијанските власти што спроведуваат спасување во отворено море не смеат да влезат во територијалните води на Италија или на други земји членки на Европската Унија — инаку би се оневозможил трансферот во

---

[16] На ова прашање, многу јасни се препораките на **Меѓународната поморска организација.** Види Резолуција MSC.167 (78) од 20 мај 2004, *Guidelines on the treatment of persons rescued at sea.*

[17] Ова правило е содржано особено во Наслов V од SOLAS, каде во чл. 34-1 се предвидува: „*Сопственикот, закупецот, компанијата што управува со бродот, како што е дефинирано во чл. IX/1, или кое било друго лице, не смее да го спречи или ограничи капетанот на бродот да донесе или спроведе одлука која, според професионалната проценка на капетанот, е неопходна за безбедноста на човечките животи на море и за заштита на морската средина*“. Во врска со ова, може да се видат и публикациите на Комисаријатот за човекови права при Советот на Европа, *Lives saved. Rights protected. Bridging the protection gap for refugees and migrants in the Mediterranean*, Strasbourg, 2019, како и на Канцеларијата за човекови права на Обединетите нации, *“Lethal Disregard”: Search and rescue and the protection of migrants in the central Mediterranean Sea*, Geneva, 2021. Во правната литература, за позицијата на капетанот се упатува на: M. STARITA, *Il dovere di soccorso in mare e il diritto di obbedire al diritto (internazionale) del comandante della nave privata*, *Diritti umani e diritto internazionale*, 2019, p. 5 ss.

албанските објекти — легитимно е да се постави прашањето: како италијанските власти, откако ќе ги качат спасените лица, ќе можат да ја спроведат идентификацијата на евентуалните ранливи случаи и, соодветно, да направат разлика помеѓу лицата кои треба што побрзо да се префрлат на италијанска територија бидејќи се ранливи (и затоа подложни на редовни процедури), и останатите, кои би требало да бидат предмет на посебниот режим на дислокација предвиден со Протоколот (секако, во рамки на предвидениот максимален капацитет на центрите во Албанија)[18]. Во врска со ова се предлагаат две теоретски можности: првата е секоја операција да заврши со симнување од брод на албанска територија, а потоа — по проценка направена на албанска почва — ранливите категории на лица да бидат префрлени во Италија. Втората, пак, предвидува идентификацијата на ранливите групи да се изврши уште на бродот, по што тие веднаш би биле префрлени на друго пловило и транспортирани во Италија, за разлика од нивните сопатници, кои би продолжиле кон албанските брегови (секако, можно е и обратно, на друго пловило да бидат префрлени оние наменети за Албанија).

Сепак, и двете решенија предизвикуваат бројни дилеми во светло на обврските за спасување и заштита на човечкиот живот на море. Во првиот случај, покрај дополнителните трошоци што ги носи, продолжувањето на времето на пловидба — наметнато токму на ранливи групи — може да ја влоши нивната веќе критична состојба. Освен тоа, не е исклучено дека, ако сите спасени — дури и малолетници, ранливи групи на лица или барателиа на азил — бидат одведени во албанските центри за притвор, резултатот ќе биде не само вршење на бесцелна и скапа активност, туку и би биле подложни на колективно протерување, слично на она што беше утврдено од Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во случајот *Хирси против Италија (Hirsi v. Italy)*, веќе спомнат, кога Судот ја потврди применливоста на ЕКЧП и одговорноста на италијанската држава поради фактичка контрола врз операцијата на спасување, транспорт и предавање на мигрантите на либиските власти. Фактот што Албанија се смета за безбедно место за симнување од брод, од една страна, и што центрите во Албанија се под италијанска јурисдикција, од друга страна, не ја исклучуваат можноста за прекршување на меѓународните права — особено на Европската

[18] Исто така, вреди да се забележи дека со одлука од 6 февруари 2023 година, Судот во Катанија го прогласи за незаконско т.н. *селективно симнување од брод* на преживеаните од бродолом, бидејќи дискриминаторски го спроведува правото на спасување и правото на азил, што е во спротивност со член 3 од Уставот, дури и кога различниот третман се заснова врз состојба на ранливост. Освен тоа, во меѓународните норми нема основа за различно толкување на обврската за спасување според посебните услови на настраданите; напротив, се потенцира дека таа обврска секогаш мора да се спроведува на недискриминаторски начин.

конвенција за човекови права (ЕКЧП) — кои се обврзувачки за Италија. Во првиот случај, треба да се потсети дека ЕСЧП повеќепати ја осудил Италија (и не само неа) за протерувања кон „безбедни“ земји и за автоматска примена на механизмот на „Даблинската регулатива“ од страна на земјите членки на ЕУ, без да се земат предвид обврските што произлегуваат од ЕКЧП. Во однос на втората спомената точка, треба да се има предвид дека на албанска територија навистина ќе се создаде еден вид италијанска енклава, исклучиво наменета за притворање странци[19], и дека таа енклава ќе биде под италијанска јурисдикција — со што евентуални прекршувања на договорните обврски ќе ѝ се припишуваат на Италија. Но, сепак, не може да се исклучи и одговорност на албанските власти — на пример, од моментот на симнување од брод на албанското тло до присилното префрлање во центрите, или доколку мигрантите успеат да избегаат од објектот (бидејќи контролата околу објектите е во надлежност на Албанија).

Во случај идентификацијата на ранливите категории на лица да се врши на брод, се појавуваат два речиси непремостливи проблеми. Како прво, потребата на бродот да има соодветен персонал и опрема за проценка и идентификација на ранливите групи на лица[20]; и второ, ризиците поврзани со изведување на операција на преместување на лица, кои веќе се сепак истоштени (макар и „не ранливи категории“), на други пловила или воздухоплови — сето тоа на отворено море.

Во моментот кога го пишуваме ова, примената на Протоколот е ограничена само на еден случај, во кој, меѓу другото, беа применети и двете решенија. Имено, бродот *Либра* на италијанската воена морнарица, кој во средината на октомври 2024 година пресретнал неколку импровизирани чамци во близина на либиското крајбрежје, на кои се наоѓале лица — главно Египќани и Бангладешани — што се обидувале да стигнат до италијанските брегови, извршил *„пред-селекција*“ на околу 80 лица во отворено море[21]. Од нив биле избрани шеснаесет за префрлање во Албанија. Сепак, понатамошната проценка на албанска територија довела до исклучување на уште четворица (двајца малолетници и двајца во лоша здравствена состојба), кои бродот *Либра* морал повторно да ги преземе и да ги одведе во Италија. Исто така, надлежните италијански судии не ги потврдија преостанатите

[19] Во врска со ова видиL. MASERA, *Il Disegno di legge di ratifica,* cit.

[20] Во врска со ова види M. SAVINO, *La legge di ratifica ed esecuzione del Protocollo Italia-Albania, cit.*; исто така, мошне значајниот документ на УНХЦР со коментари и препораки за Протоколот: https://www.unhcr.org/it/wp-content/uploads/sites/97/2024/01/Commenti-e-raccomandazioni-UNHCR_Protocollo-Italia-Albania_09.01.2024.pdf

[21] За оперативните дејности на *pre-screening* спроведувани во таа прилика, со поддршка на агенцијата на ООН за миграции, советувам да ги погледнете соопштенијата во печатот: https://www.repubblica.it/italia/2024/10/17/news/migranti_nave_libra_albania_brindisi_sicilia-423561540/

дванаесет притвори во италијанскиот центар за задржување на мигранти во Ѓадер, Албанија, повикувајќи се на пресудата на Судот на правдата на Европската Унија од 4 октомври 2024 година[22]. Но, дури и независно од последново, сметаме дека веќе овој прв случај покажува дека Протоколот помеѓу Италија и Албанија замислен (иако формално е претставен како мерка за зајакнување на билатералната соработка во таа област) да претставува механизам за одвраќање на мигрантите, преку воведување нови форми на пречки за лицата спасени во отворено море, е апсолутно неприфатлив.

4. Заклучоци

Управувањето со спасувачките операции во централниот Медитеран претставува навистина тежок предизвик. Примената на Даблинската регулатива врз државите на прв влез во Унијата ги казнува крајбрежните земји, особено Италија, кои се изложени на товар што би требало подеднакво да се распределува. Поголемиот дел од земјите на ЕУ, напротив, се противат на промена на Даблинскиот режим и се фокусираат, особено на политичко ниво, на спречување на т.н. „секундарни движења“ на мигрантите кои пристигнуваат на брегovите на земјите членки на ЕУ. Солидарноста помеѓу државите членки на Унијата, како и човечката солидарност воопшто, налага поинаков

[22] Одделението за човекови права и имиграција при Судот во Рим не ја потврди ниту една од дванаесетте мерки за задржување што се однесуваа на исто толку мигранти. Според судиите, *„одбивањето за потврда на задржувањата во албанските структури и зони, кои се изедначени со италијанските гранични или транзитни зони, е резултат на неможноста да се признаат како 'безбедни земји' државите од кои потекнуваат задржаните лица, со што станува неприменлива граничната постапка и, како што е предвидено со Протоколот, станува невозможен трансферот на мигрантите надвор од албанската територија, според тоа тие имаат право да бидат пренесени во Италија*“. Ова се темели на пресудата на Судот на правдата на Европската унија (Голем состав) од 4 октомври 2024 година, предмет C-406/22, донесена по претходно прашање упатено од Регионалниот суд во Брно, Република Чешка. Во таа пресуда, Судот ги толкуваше членовите 36 и 37 од Директивата 2013/32, кои се однесуваат, соодветно, на концептот „безбедна земја на потекло“ и на определувањето на „безбедни трети земји“ од страна на земјите членки.
Директивата воспоставува посебен режим на разгледување, кој земјите членки можат да го применат при обработка на барања за меѓународна заштита, заснован на претпоставка за минимална заштита во земјата на потекло — претпоставка која сепак може да биде побиена од подносителот ако тој наведе валидни причини поврзани со неговата конкретна ситуација. Судот изјави дека, за една земја да биде сметана за „безбедна трета земја“, таа не смее да врши прогон, дискриминација или тортура врз никого, ниту во еден дел од нејзината територија. Применувајќи ги овие критериуми, италијанските судии не ги сметале за безбедни земји Египет, Бангладеш и Тунис, од каде потекнувале некои од мигрантите пренесени во Албанија. Оттука, не можела да се примени забрзаната гранична постапка и стапува во сила обврзувачкиот услов мигрантите да бидат изведени надвор од албанската територија, со што тие имаат право да бидат вратени во Италија.
.

пристап — и, пред сè, поинакви иницијативи. Но, наместо тоа, Советот на ЕУ на 14 мај 2024 го усвои Новиот пакт за миграција и азил, еден сет реформи што го зголемува криминализирањето и дигиталниот надзор над мигрантите, без да ја земе предвид клучната потреба од отворање доволно легални и различни канали за влез на мигрантите, особено за барателите на азил. Таквите канали би биле едни од главните алатки за спречување на опасни патувања. За жал, мораме да констатираме дека пристапот е пред сè од безбедносен карактер, фокусиран на употреба на модерни технологии, поттикнувајќи однос кон мигрантот како само по себе потенцијално сомнително лице[23]. Овој ограничен и стеснет пристап на ЕУ е во спротивност со целите на т.н. *Global Compact* на Обединетите нации [24].

Во овој контекст, за жал, совршено се вклопува Протоколот помеѓу Италија и Албанија. Но, сметаме дека е неразумно да се организира задржување на мигранти во земја што не е членка на ЕУ, која според тоа не е обврзана да ги почитува европските стандарди и гаранции, и тоа за бројка од најмногу до три илјади мигранти месечно (толку е предвидено со договорот) упатени кон Италија, да се трошат огромни финансиски средства, да се наметнуваат дополнителни денови пловидба, и да се јави ризик од постојани прекршувања на домашните и меѓународните норми, санкционирани од судовите.

Според нашето скромно видување, оние што имаат политичка и владина одговорност би било многу подобро да ја насочат својата енергија за реформирање на постојниот систем, наместо на ад-хок уредби кои, со суштинска нејасност и често повикувајќи се на вистински или измислени итни состојби, се обидуваат да избегнат консолидирани и задолжителни правни норми, но кои, на крај, можеби ќе бидат укинати од судовите или надминати со новодонесени закони.

Историјата нè учи дека цивилизациите кои граделе ѕидови за да ги запрат мигрантските текови брзо биле урнати, додека отвореноста и културниот спој („*melting pot*“) го поттикнувале социјалниот, економскиот и цивилизациски развој на државите. Современата Европа е потомок на „патот на свилата“, односно на размената помеѓу стационарни и номадски култури низ отворен коридор низ кој течел

---

[23] https://www.consilium.europa.eu/it/policies/eu-migration-policy/eu-migration-asylum-reform-pact/. Во врска со тоа се упатува на A. DEL GUERCIO, *Migrazioni via mare e tutela dei naufraghi: quale ruolo per l'Unione europea alla luce del nuovo Patto?,* in *Quaderni AISDUE*, Fascicolo speciale n. 4/2024, *Il futuro del diritto e della politica migratoria europea: il Nuovo Patto e oltre.*

[24] Во врска со ова, видие G. CATALDI e A. DEL GUERCIO, *I Global Compact su Migranti e rifugiati. Il Soft Law delle Nazioni Unite tra spinte sovraniste e potenziali sviluppi*, in *Diritto, Immigrazione e Cittadinanza*, 2019, p. 188 ss.

животот. Веќе околу една деценија, истражувањата укажуваат на врската помеѓу миграцијата и локалниот развој, не само во земјите што ги примаат мигрантите, туку и во земјите на потекло — благодарение на транснационалниот активизам на дијаспората, по нејзиното интегрирање во економско-социјалното ткиво на земјите-домаќини. Европа одлучи да изгради наднационална Унија, рушејќи ѕидови. Во Европа денес живеат околу 35 милиони странски државјани, што претставува 8,4% од населението. Во период од дваесет години, од 1990 до 2010 година, Европа привлекла 28 милиони мигранти, три пати повеќе од бројот што пристигнал помеѓу 1970 и 1990 година. Развојот и растот на Европа се должат токму на нив.

Но, каква е иднината во ова време на криза, на враќање на национализми и на градење нови ѕидови? Иднината, во една Европа која опаѓа демографски и каде што во следните дваесет години се предвидува раст од 30% на старото население, и пад од 29% на младите, е во приемот на нови мигранти; не како прашање на социјална должност, туку како неопходен проект за градење на заедничкиот европски дом. Европа, со својот коефициент на демографски раст, што во три четвртини е резултат на миграцијата, може да биде спасена само преку мигрантите.

Елена Максимова[1]
Олга Кошевалиска[2]
Ана Никодиновска Крстевска[3]

ПРЕСУДАТА АА И ДРУГИ ПРОТИВ МАКЕДОНИЈА: ОД ОЧИГЛЕДНОТО ДО НЕОЧЕКУВАНОТО

1. Вовед

Мигрантската криза од 2015 година претставува еден од најголемите хуманитарни и политички предизвици за Европската Унија и нејзините членки, а истовремено влијаеше и на земјите во регионот на Балканот, меѓу кои и Република Северна Македонија. Од почетокот на последната мигрантска криза во Европа, во 2015 година, Европа, но и Северна Македонија, се соочија со низа предизвици во поглед на адекватно справување со огромниот наплив на мигранти. Во текот на оваа криза, стотици илјади мигранти и бегалци патуваа преку Македонија, барајќи безбедност и азил во земјите на Западна Европа. Република Северна Македонија, како клучна транзитна рута, наоѓајќи се на стратешкиот пат на овие миграции, придонесе кон значителни правни, социјални и хуманитарни предизвици. Беа детектирани низа проблеми предизвикани од страна на мигрантите и кон нив, но и низа неправилности, особено непосредно по започнувањето на кризата и во периодот по донесување на „брзоплети“ решенија од страна на засегнатите држави. Неминовни беа серии на прекршување на основни човекови права и слободи, кои останаа без правна разрешница (Максимова, 2022, стр. 86). Според извештаите на меѓународните набљудувачи и волонтери во процесот, мажи, жени и деца од земјите зафатени со конфликти, како што се: Сирија, Сомалија и Авганистан, се соочија со полициско насилство и нечовечки, деградирачки третман и произволен притвор во Македонија (Human Rights Watch, 2015).

Македонија, како транзитна држава на патот кон подобра иднина, не беше целна дестинација на повеќето мигранти, туку само точка која мора да ја поминат за да стигнат до посакуваната дестинација во Европа. Затоа и мигрантите не сакаа да се задржуваат овде повеќе од потребното, па и по цена на повреда на нивните слободи и права, што од

[1] Проф. д-р Елена Максимова е вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, email: elena.maksimova@ugd.edu.mk;
[2] Проф. д-р Олга Кошевалиска е редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, email: olga.kosevaliska@ugd.edu.mk;
[3] Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска е редовен професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, email: ana.nikodinovska@ugd.edu.mk;

друга страна придонесе за подолу елаборираните проблеми. Така, една од најзначајните задачи која ја имаше земјата во текот на кризата беше обезбедувањето на основните права и слободи на мигрантите, како што се правото на азил, правото на слободно движење, забраната за принудно враќање без соодветна индивидуализација и забраната за деградирачко и нечовечко постапување и казнување. Република Северна Македонија, како дел од меѓународните правни обврски и потписник на Европската конвенција за човекови права, е обврзана да ги почитува човековите права и да обезбеди хуман третман на мигрантите. Но, во контекст на брзо растечката бројност на мигрантите, земјата се соочи со низа неуспеси во усогласувањето на своите практики со овие меѓународни стандарди.

Случај од нашево поднебје, кој покрена сериозни и жестоки дебати во оваа област е апликацијата АА и други против Северна Македонија (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016), поднесена до Европскиот суд за човекови права. Во оваа апликација, се покренува прашањето за прекршување на правата кои произлегуваат од членот 4 од Протоколот 4, забраната за колективни протерувања на странци од Конвенцијата и членот 13, правото на реална жалба, чија разрешница пред ЕСЧП остави зад себе лавина на коментари и реакции.

Поради важноста која ја има истата, како за Република Северна Македонија и функционалноста на нејзиниот правен систем во поглед на справување со кризи, и адекватното почитување на основните човекови права и слободи, така и за праксата на Европскиот суд за човекови права и преседаните кои се создаваат, истата детално ќе биде разработена во текстот кој следи, притоа иницирајќи суштински прашања за праксата на Европскиот суд на кои допрва треба да следат практични одговори.

Самиот контекст на мигрантската криза поставува не само правни, туку и политички и хуманитарни дилеми, кои бараат одговорности од државата да ги заштити најслабите групи во општеството. Република Северна Македонија, во својата улога на транзитна земја, мора да научи од своите грешки, да се соочи со овие предизвици, при што за во иднина да се обезбедат соодветни механизми за правична и правна заштита на мигрантите и бегалците, и да се избегнат повреди на нивните основни човекови права. Но, од друга страна, анализата е адресирана повеќе на креирање на исклучоци во правилата при практичното работење на Судот, па се поставува прашањето, дали во иднина исклучоците на гаранциите опфатени во Конвенцијата ќе прераснат во правила?

2. За фактите на случајот АА и други против Северна Македонија

Во текот на 2014 година беше забележано значително зголемување на бројот на мигранти од Авганистан, Ирак, Сирија и сл., кои се обидуваат да стигнат до земјите од Европската Унија. Најкористена рута за таа цел беше таканаречената „Балканска рута“, која подразбираше патување од Турција преку Грција до Република Македонија, а потоа преку Србија до Европската Унија. До втората половина на 2015 година, континуираните и одржливи нерегуларни мигрантски текови станаа загрижувачки. Миграциската и бегалската криза во Република Македонија, според своите облици и интензитет, Стојановски ја дели на три периоди: првиот – во кој мигрантите и бегалците нелегално ја преминуваа границата и продолжуваа да се движат, (најчесто по железничката пруга и автопат за ориентација, при што триесетина од нив беа прегазени и ги загубија животите); вториот период – во кој се организираше регистрирање на мигрантите на влез во земјата и овозможување во рок од 72 часа да поднесат барање за остварување право на азил или да ја напуштат земјата; и третиот период кога земјите од ЕУ престанаа да примаат мигранти, и се затвори Балканската рута (Стојановски, 2018). Од 19 ноември 2015 година, властите во државава одлучија дека ќе се дозволува влез во земјата само на лица од Сирија, Ирак или Авганистан. Оваа пракса продолжи и во 2016 година, но само до 7 март, кога целосно се затворија границите на т.н. „Балканска рута“ за бегалците, што следеше по самитот ЕУ-Турција за мигрантската криза (Цветановска, 2017). Како резултат на затворањето на границите се зголеми бројот на бегалците кои нерегуларно пристигнуваат и транзитираат во земјата, најчесто со помош на криумчари. Речиси еден месец откако Австрија одлучи да стави ограничување на дневниот број бегалци и мигранти кои се дозволени на нејзина територија, создавајќи каскаден ефект на земјите од „Балканската рута“ и оставајќи неколку илјади бегалци заглавени на северната грчка граница, се случи т.н. „Марш на надежта“.

Апликанти во апликацијата број 55798/16 се сириско семејство од Алепо. Тие ја напуштиле Сирија кон крајот на 2015 година, а на 24 февруари 2016 година пристигнале во Идомени – Грција, град кој се наоѓа на границата со РС Македонија, каде што беше поставен камп за бегалци. Во жалбата наведуваат дека на 14 март 2016 година се придружиле на голема група бегалци (околу 1 500) подоцна позната како „Маршот на надежта“, со која ја преминале границата поминувајќи преку река (Сува Река) и влегле на македонска територија. „Маршот на надежта“, поаѓаше од Идомени до реката Сува Река, каде бегалците се обидуваа да ја преминат реката во синџири со помош на јаже врзано за страните на реката (The European Council on Refugees and Exiles, 2016). Подоцна, дошле до точка каде што стотици бегалци (најмалку 500)

наводно биле опкружени од воениот персонал на Северна Македонија, а биле присутни и чешки и српски војници. Ноќта ја поминале на отворено, а, според претставката на апликантите, во 5 часот следното утро војниците на Северна Македонија им се заканувале на бегалците, вклучително и на апликантите, со насилство доколку не се вратат во Грција. Апликантите пешачеле три до четири часа за да се вратат во Идомени – Грција (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, p. § 8).

Во другите четири апликации, кои се споени со претходната - 55808/16, 55817/16, 55820/16 and 55823/16, апликантите се државјани на Авганистан, Ирак и Сирија. Во својата апликација тие тврдеа дека на 14 март 2016 година го напуштиле кампот Идомени, се приклучиле на „Маршот на надежта“, преминале река (Сува Река) и влегле на територијата на тужената држава. Жалителот од пријавата бр. 55817/16, кој е лице во инвалидска количка, се возел каде што е можно и се потпирал на други да го пренесат преку каллив или карпест терен и преку реката. Во Моин, апликантите биле пресретнати и опколени од македонски војници, кои им рекле дека доколку не им ги исклучат камерите и телефоните, ќе им ги одземат. Војниците, согласно наведеното во апликација, потоа се разделиле и уапсиле активисти, новинари и волонтери (кои ги придружуваа бегалците на маршот), и спречиле да се документираат дејствијата на државните службеници. Војниците, наводно, им наредиле на апликантите да се качат на армиски камиони и ги вратиле назад до грчката граница. Некои од апликантите тврделе дека македонски полицајци држеле стража на граничната ограда. Други тврдеа дека војниците формирале две редици и им наредиле на бегалците да трчаат меѓу нив. Војниците, наводно, користеле стапови за да ги тепаат бегалците додека трчале кон оградата. На апликантите им било наредено да ја преминат оградата на грчката страна на границата. Минувале низ дупка во оградата или се вовлекувале под неа. Набргу потоа се вратиле во кампот во Идомени – Грција (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, p. § 9).

Пријавените доставиле видеоснимки од делови од маршот и се посочиле себе си на видеата.. Една волонтерка во кампот во Идомени, ги придружувал мигрантите за време на маршот. Таа изјавила дека војниците на Северна Македонија им укажале на претставниците на медиумите да ги исклучат камерите или ќе ги одземат и дека војниците ги држале своите пиштоли вперени во нив и кога стигнале до границата (таа се сокрила меѓу мигрантите), војниците формирале два реда, ги терале мигрантите да влезат во колони, викајќи им да се движат брзо и ги воделе меѓу оградите додека не наишле на дупка во нив. Мигрантите биле натерани да ползат низ дупката и под оградата да продолжат назад во Грција. Странските новинари, волонтери и другите немигранти кои го придружувале маршот биле одвоени од мигрантите, идентификувани, казнети, протерани и им била изречена забрана за

влез во Северна Македонија на шест месеци. Двајца странски новинари потврдиле дека им се одземени камерите (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, pp. §§ 10 - 13).

Случајот е поткрепен и со изјава која следи непосредно од Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија. Министерството на 15 март 2016 година ја информира јавноста дека имало обид за илегален влез на мигранти во околината на селото Моин, односно дека околу 1 500 мигранти илегално ја преминале државната граница со Грција, а на границата била пресретната и друга група од околу 600 лица, со намера илегално да преминат. Со нив имало 72 странски новинари, кои биле обезбедени и им биле издадени патни налози, по што биле вратени во Грција. Во соопштението стои дека „...мигрантите кои илегално преминаа на територија на Република Македонија беа вратени назад“ (Министерство за внатрешни работи, 2016).

Во апликациите, барателите навеле и дека македонските власти во ниту еден момент не направиле потребна индивидуализација и идентификација – дека не ги прашале за нивните имиња ниту пак биле побарани од нив какви било други идентификациски податоци. Ниту дека им била дадена можност да ја објаснат својата лична ситуација или да побараат меѓународна заштита, и дека не им бил издаден административен судски налог за нивна депортација. Дополнително навеле и дека не им бил обезбеден преведувач или правна помош. Согласно членот 16 од Законот за азил и привремена заштита[4] кој е на сила во тој период странец на граничен премин или во внатрешноста на територијата на Република Македонија може усно или писмено да искаже намера за поднесување на барање за признавање право на пред полициски службеник на Министерството за внатрешни работи, а полицискиот службеник ги прибележува личните податоци на странецот кој искажал намера, му издава примерок од потврдата за искажаната намера и го упатува во рок од 72 часа да поднесе барање за признавање право на азил пред овластеното службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за барателите на азил (Законот за азил и привремена заштита). А согласно членот 14 барателите на право на азил имаат право на правна помош и објаснување во врска со условите и постапката за признавање на правото на азил, како и имаат право и на бесплатна правна помош во сите фази на постапката, согласно со прописите за бесплатна правна помош.

[4] Законот за азил и привремена заштита Службен весник на Република Македонија број 49/2003, 66/2007, 142/2008, 146/2009, 166/12, 101/15, 152/15, 55/16 и 71/16.

3. Наводни повреди на Европската конвенција за човекови права и одлука на Судот

Во септември 2016 година, барателите поднеле индивидуални жалби до ЕСПЧ, а биле и заеднички поддржани од Европскиот центар за уставни и човекови права[5] и ПРО АСИЛ[6] и застапувани од партнерот на ЕСЧП, Карстен Герике од Хамбург. Во јануари 2017 година, Европскиот суд за човекови права го соопштил случајот до македонската Влада и поставил неколку прашања во врска со протерувањата на границата. Во текот на подоцнежните постапки, македонската Влада и барателите поднеле дополнителни забелешки до судот. Покрај тоа, во јуни 2017 година, Здружението на млади правници од Македонија[7] издало интервенција во поддршка на барателите.

Во случајот опишан погоре, апликантите се повикуваат на повреди на членот 4 од Протоколот бр. 4 од Конвенцијата и членот 13 од Конвенцијата, во врска со нивното колективно враќање назад во Грција по противзаконското преминување на територијата на Северна Македонија, како и наводниот недостаток на ефикасен домашен правен лек.

3.1. За наводната повреда на членот 4 од Протоколот 4 и оценката на Судот

Членот 4 од Протоколот 4 од ЕКЧП содржи апсолутна забрана за протерување на странци: „Забрането е колективно протерување на странци“. Според Упатството 3 од Дваесетте упатства за присилни враќања на СЕ: „одлука за трансфер може да се донесе само врз основа на разумно и објективно испитување на конкретниот случај на секоја засегната личност, земајќи ги предвид сите околности кои се специфични за дадениот предмет (Henning Becker v. Denmark, 1975). Со членот 4 од Протоколот 4 членот 4 од Протокол 4 се прави разлика за два типа на колективно протерување[8]: протерување на група која има заеднички карактеристики и протерување на група на индивидуи без да се разгледа нивната индивидуална ситуација. Принципот за забрана за колективно протерување го наметнува условот секој поднесок да се разгледува на индивидуална основа, на правичен и објективен начин. Став на Судот е дека под колективно протерување се подразбира преземање на секоја мерка од страна на надлежните органи за таргетирана група на странци да ја напуштат земјата, освен ако таквата мерка не е преземена врз основа на оправдано и сериозно испитување

[5] http://www.ecchr.eu/
[6] https://www.proasyl.de/en/
[7] Home page - Myla
[8] Andric v. Sweden, application no. 45917/99, judgement on 23.02. 1999; Sultani v. France, application no. 45223/05, judgement on 20. 09. 2007; Tahiri v. Sweden, application no. 25129/94, 11.01. 1995.

на секој индивидуален случај од групата[9]. Забраната за овој втор вид протерување има за цел да спречи „автоматски“ решенија, што може да значи кршење на човековите права на протераните. Во такви ситуации, „индивидуална анализа“, а не само „идентификација“, е најважниот фактор за проценка дали мерката има колективна природа. Така, протерувањето на група на поединци, дури и ако му претходи идентификација на секој од членовите, може да претставува колективна мерка ако ги игнорира другите важни елементи што ја карактеризираат личната приказна на поединците, што дури би можело да ја исклучи можноста за протерување. Според праксата на ЕСЧП, странци на кои се однесува забраната од колективно протерување не се само оние со законски престој на територијата туку „сите оние коишто немаат реално право на државјанство во државата, независно дали поминуваат низ земјата или престојуваат или се домицилни таму, независно дали се бегалци или влегле во земјата по сопствена иницијатива или се без државјанство или поседуваат друго државјанство“ при што зборот „протерување“ треба да се толкува во „неговото генеричко значење, во актуелната употреба (да се истера некој од некое место). Исто така, според праксата на судот фактот дека одреден број странци добиваат слични одлуки не води до заклучок дека постои „колективно протерување“ кога на секое засегнато лице му е дадена можност да ги изнесе аргументите против неговото протерување до надлежните органи на индивидуална основа (Alibaks and Others v. the Netherlands, 1998).

Во случајот N.D. and N.T. v. Spain (N.D. and N.T. v. Spain , 2020), Судот воспостави исклучок од правилото. Тука, Судот не утврдил повреда на членот 4 од Протоколот 4 во случај кога мигранти сакале неовластено и масовно да ја преминат границата на Мелила за влез во Шпанија. Судот констатирал дека терминот „протерување“ треба да се толкува автономно и се однесува на секое насилно отстранување на странец од територијата на една држава, без оглед на законитоста на престојот на лицето, должината што ја поминала на територијата, локацијата на која тој или таа била уапсена, неговиот или нејзиниот статус на мигрант или барател на азил или неговото или нејзиното однесување ја преминува границата. Апликацијата е поднесена бидејќи апликантите биле отстранети од шпанска територија и насилно вратени во Мароко, против нивна волја и со лисици, од членовите на Guardia Civil, што, според апликантите, претставувало „протерување“ во смисла на членот 4 од Протоколот бр.4. Сепак Големиот совет утврдил дека повреда на членовите 4 од Протоколот 4, како и членот 13 во врска со споменатиот членот, не постои бидејќи: „апликантите всушност самите се ставиле во незаконска ситуација кога на 13 август 2014 година

[9] Andric v. Sweden, application no. 45917/99; judgement on 23 February 1999, application no. 51564/99; judgement on 05 February 2002; Sultani v. France, application no. 45223/05, judgement on 20 September 2007; Tahiri v. Sweden, application no. 25129/94, judgement on 11January 1995;

намерно се обиделе да влезат во Шпанија преку преминување на структурите на заштита на границата Мелила како дел од голема група и на неовластена локација, искористувајќи го големиот број на групата и употребувајќи сила“. Судот смета дека тие избрале да не ги користат правните процедури кои постоеле за да влезат на шпанска територија легално. Па недостатокот на поединечни одлуки за отстранување, според Судот може, да се припише на фактот што апликантите не ги користеле официјалните процедури за влез кои постоеле за таа цел, и дека тоа било последица на нивното сопствено однесување. А бидејќи утврдил дека недостатокот на индивидуализирана постапка за нивно отстранување било последица на однесувањето на апликантите, Судот не можел да ја смета тужената држава одговорна за недостатокот на правен лек во Мелила што ќе им овозможи да го оспорат тоа отстранување (European Court of Human Rights, 2020).

Слично на споменатата пресуда, Судот ја утврдува надлежноста врз основа на членот 1 од Конвенцијата, поради обид за оспорување на видеоснимки поднесени како докази од апликантите, од страна на Владата, во поглед на местото каде се направени, а со тоа и надлежноста на земјата. Сепак постои изјава, како што наведовме погоре, од страна на самото министерство за настаните кои недвосмислено покажуваат за постоење на вакви случувања на македонска територија. Судот, во пресудата, забележува дека и претходно има заземено став дека посебната природа на миграцискиот контекст не може да оправда област вон законот каде што поединците не ги покрива ниту еден правосуден систем кој може да им обезбеди уживање на правата и гаранциите кои им се загарантирани со Конвенцијата и кои државите се залагаат да им ги обезбедат на сите во рамките на нивната надлежност. Како уставен инструмент на европскиот јавен ред, Конвенцијата не може да биде селективно ограничена на само некои делови од територијата на една држава преку вештачко намалување на опсегот на нејзината територијална надлежност. Да се заклучи поинаку би било еднакво на поништување на значењето на идејата за ефективна заштита на човековите права на која се заснова целата Конвенција (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §63). Сепак Владата тврдеше дека членот 4 од Протоколот бр. 4 не бил применлив бидејќи во случајот не станувало збор за колективно протерување, туку спречување на илегално/противправно влегување во државата (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §74). Судот зазеде став дека, е неспорно дека апликантите биле отстранети од македонската територија и (присилно) биле вратени во Грција од страна на членови на полицијата и војската на тужената држава и дека постоело „протерување“ во рамки на значењето на членот 4 од Протоколот бр. 4. Соодветно на тоа, констатираше дека одредбата е применлива во конкретниот случај и го отфрли прелиминарниот приговор на Владата по ова прашање(A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §80).

Владата исто така тврдеше дека ситуацијата на апликантите можела да се припише на вина на апликантите за нивното сопствено однесување, поради некористење на официјалните процедури за влез. Апликантите не биле третирани како да барале меѓународна заштита главно поради нивните сопствени насилни и агресивни обиди да се пробијат низ територијата на тужената држава наместо да пробаат законски да влезат. Владата нагласила дека апликантите можеле да ја изразат својата намера да побараат азил на било кој граничен премин, како на пример на Богородица, во било кое време пред или по настаните од 14 и 15 март 2016 година, но тие не го сториле тоа и решиле противзаконски да ја преминат границата на државата, а доколку апликантите законски ја преминеле границата, ќе имале можност да ја следат стандардната процедура за добивање азил. Но, областа во која тие се нашле била „меѓугранична“ зона во која било невозможно да се искаже намерата за барање на азил (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §92-94). Што се однесува до дејствијата на полициските службеници, Владата сметала дека тие биле потребни заради особените прилики на овој случај, како што е масовното противправно преминување на границата од страна на мигрантите и нивниот пропуст конкретно да побараат азил или законски престој по валидна основа, и со тоа да се заштитат од непримање, и дека противзаконски и насилен обид да се влезе во државата не е валидна основа за таков престој. Со што, Владата го оспорила толкувањето на апликантите на терминот „употреба на сила“, каде истите нагласиле дека воопшто ситацијата не може да се препише на нивна вина затоа што недостига употреба на било каква сила од нивна страна. Но, Владата сметала дека употребата на сила од страна на апликантите била таква што се создало јасно нарушена ситуација која било тешко да се контролира и која ги загрозила јавниот ред и безбедност (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §97).

Судот направил анализа на два сегмента во однос на утврдување на вина на страна на апликантите кое би можело да го оправда однесувањето на државата: употреба на сила од страна на апликантите и намерното заобиколување на ефикасната процедура за законски влез во државата.

Во погореспоменатата пресуда N.D. and N.T. Судот утврдил дека исклучокот кој ја ослободува државата од одговорност според членот 4 од Протоколот бр. 4 треба да се применува на ситуации во кои однесувањето на лица кои ја преминале копнената граница на недозволен начин, намерно користејќи ја предноста на својата многубројност и користејќи сила, било такво што создава јасно нарушување на ситуацијата кое е тешко да се контролира и ја загрозува јавната безбедност (N.D. and N.T. v. Spain, 2020 §201), па Судот продолжува во оваа насока за да утврди дали недостатокот на поединечни одлуки за отстранување можело да се оправдаат со личното однесување на апликантите. По констатирање дека не постоел отпор и

примена на сила од страна на апликантите за да може да се оправда третманот кој го добиле од државата, Судот продолжува да испитува дали, со противправното преминување на границата, апликантите ја заобиколиле ефикасната процедура за законски влез во државата. Анализирајќи ја претходната пракса и статистичките показатели за бројот на издадени потврди за изкажана намера за барања за азил на територијата на државата, Судот заклучува дека државата обезбедува вистински и ефикасен пристап до граничниот премин Богородица, иако е нагласено дека во периодот околу критичниот статистика за вакви процфедури изостанува. Потоа констатира дека нема ништо во списите на предметот што сугерира дека потенцијалните барателите на азил на било кој начин биле спречени да пристапат до официјалните гранични премини и да поднесат барање за азил или дека апликантите се обиделе да побараат азил на граничниот премин и биле вратени назад, како и дека апликантите не навеле дека воопшто некогаш пробале законски да влезат на македонска територија. Според ова, Судот истакна дека не е убеден дека апликантите ги имале потребните убедливи причини да не го искористат граничниот премин Богородица, или кој било друг граничен премин, во времето на случувањата со цел да изнесат причини против нивно протерување на соодветен и законски начин што покажало дека апликантите навистина не биле заинтересирани да аплицираат за азил во тужената држава, туку нивниот интерес бил само транзитот низ неа, кој веќе не бил возможен и затоа одбрале протиправно да преминат во неа. Судот не бил убеден дека тужената држава потфрлила во обезбедувањето вистински и ефикасен пристап до процедурите за легален влез во Северна Македонија, ниту дека апликантите – претпоставувајќи дека воопшто имале искрена намера да бараат меѓународна заштита во Северна Македонија – имале убедливи причини, засновани врз објективни факти за кои била одговорна тужената држава, да не ги искористат тие процедури (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §122). Па согласно вториот сегмент од двата анализирани – заклучил дека самите апликанти биле тие кои се довеле во опасност преку учествуво во противправен начин на влез на македонска територија на 14 март 2016 година, искористувајќи ја предноста на бројноста на групата, и дека недостатокот на поединечни одлуки за напуштање на државата можел да се препише на фактот дека апликантите, доколку навистина сакале да ги остварат своите права загарантирани со Конвенцијата, би е ги употребиле официјалните процедури за влез кои постоеле. Така, заклучено е дека случувањата се само последица на нивното сопствено однесување и дека не постои повреда на членот 4 од Протоколот бр. 4 на Конвенцијата - mutatis mutandis, N.D. and N.T (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §123)

3.2. За наводната повреда на членот 13 од Конвенцијата и оценката на Судот

Членот 13 од Конвенцијата предвидува дека секому кому му се прекршени човековите права и слободи има право на ефикасен правен лек пред националните власти без оглед на тоа дали повредата потекнува од службени лица или не. Целта на овие одредби е да се заштити судската заштита која треба да им се нуди на лицата кои сакаат да се жалат (Kuijer, p. 1). Затоа и правото на ефективен правен лек е суштински предуслов за ефективна заштита на човековите права. Овој членот гарантира право на секого да вложи делотворен правен лек пред националните власти поради суштинска повреда на неговите човекови права. Нормираното во членот 13 се предвидува во врска со повреда на било кое суштинско право кое го гарантира Конвенцијата, затоа и неговиот обем на примена на правото на делотворен правен лек зависи од обемот на правото на чија повреда се повикува жалителот (Jakšić, 2006). Членот 13 се толкува како правен лек во домашниот закон само во однос на жалби коишто можат да се гледаат како ,,спорни“ во поглед на ЕКЧП[10]. Членот 13 го гарантира постоењето на правен лек на домашно ниво за спроведување на суштината на правата и слободите од ЕКЧП во која било форма што може да биде обезбедена во домашниот правен поредок. Овој членот поради тоа бара одредбата за домашен правен лек да им овозможи на надлежните државни власти да го разгледаат жалбеното барање од ЕКЧП по суштината и да определат соодветно обесштетување/надоместок, иако на договорните им се дозволува дискреција во однос на начинот на кој тие ја усогласуваат својата обврска со оваа одредба. Правниот лек треба да биде ,,ефективен“, како во практика така и законски[11].Правниот лек според членот 13 не мора нужно да биде даден од суд. Тој мора да биде ,,делотворен” во практиката како што е во законот, особено имајќи чувство за тоа дека неговата употреба не смее да биде незаконски попречена со дејство или пропуштање на органите на повиканата држава[12].

Апликантите се повикаа на повреда на членот 13 од Конвенцијата во врска со членот 4 од Протоколот бр. 4. Тие истакнаа дека немале ефективен правен лек со суспензивен ефект со кој можеле да ја оспорат нивната колективна депортација во Грција. Владата се спротивставила на тие наводи со аргументи дека постоење на таков правен лек во ситуација на масовен прилив на мигранти било неприфатливо бидејќи би значело преголем товар на државите кои веќе се соочувале со сериозни предизвици во нивните обиди да се справат со мигрантските бранови, а дека апликантите имале на располагање соодветни правни лекови кои не ги употребиле, што апликантите сметале дека не е

[10]Cakici v. Turkey, App no 23657/94
[11] Wille v. Liechtenstein, App. No 18396/95
[12] Aksoy v Turkey, App. No 21987/93, 18.12.1996, p.95

возможно поради нивната итна и колективна депортација (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §124-126).

Став на Судот, а надоврзувајќи се на она кое беше констаитрано за членот 4 од Протоколот 4, дека апликантите самите се довеле во противправна ситуација, е дека македонското право обезбедува можност за жалба против решението за протерување, но од самите апликанти исто така се барало да ги следат правилата за поднесување таква жалба против нивното протерување. Констатирано е дека со ваквиот акт апликантите покажале не почитување на домашното законодоваство, па во иста насока со тоа дека отсуството на индивидуална процедура за одстранувањето од територијата на државата било последица на сопственото однесување на апликантите, не може да се смета тужената држава за одговорна што не обезбедила правен лек против тоа отстранување. Така, судот не нашол повреда на членот 13 во врска со членот 4 од Протокол 4 од Конвенцијата (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §130-132).

4. Македонското здружение на млади правници во улога на *amici curiae*

Македонското здружение на млади правнци (Macedonian Young Lawyer Association - MYLA) како независна непрофитна професионална организација основана во Република Северна Мадеодинија, од 2003 година обезбедува бесплатна правна помош и стратешки води судски спорови за заштита на човековите права. Од 2010 година, заштитата на правата на бегалците и мигрантите е еден фундаментален аспект на мисијата на здружението. Од 2015 година, континуирано се присутни во двата бегалски кампови по должината на јужната граница со Грција (Транзитен центар Винојуг) и северната граница со Србија (Транзитен центар Табановце). Теренските адвокати на здружението (МЗМП понатаму) обезбедиле правна помош на над 340 000 бегалци и помогнале на граничната полиција во регистрирањето на над 520 000 бегалци. По затворањето на рутата на Западен Балкан, МЗМП активно и редовно ги следи практиките на враќање и одбивање спроведени од страна на македонските гранични власти.

На 29 јуни 2017 година здружението, поднесе писмени забелешки, како интервенција од трето лице (Македонско здружение на млади правници, 2017), до Европскиот суд за човекови права. Согласно здружението овие белешки се напишани од три причини. Прво, интервенцијата дава преглед на гаранциите пропишани со македонското право за постапките за депортација и враќање. Второ, тие претставуваат фактички приказ за настаните во кои биле вклучени македонските власти во близина на селото Моин. Адвокатите на МЗМП биле присутни на местото и биле сведоци. Трето, интервенцијата ги

нагласува наодите на МЗМП во врска со систематската практика на македонските власти за насилно враќање на бегалци/мигранти од 2015 година (Македонско здружение на млади правници, н.д.).

Во овој пишан текст, МЗМП дава детално објаснување на македонското законодавство (Законот за странци) – ја објаснува постапката за депортација и протерување на странци, заедно со гаранции во согласност со ЕКЧП. МИЛА во параграф 14 заклучи дека *„во овој случај, македонските власти не ја искористиле оваа постапка и го спречиле пристапот до заштитата и гаранциите дадени со законот на барателите"* (Македонско здружение на млади правници, 2017). Имено, МИЛА објаснува дека македонскиот закон за странци, кој бил во сила во тоа време, обезбедува гаранции [13] кои се во согласност со Европската конвенција за човекови права. Во Интеревенцијата МЗМП ги издвојуваат релевантните членови од Зконот објаснуваат дека странец може да биде предмет на протерување од земјата само ако тој/таа остане на територијата „нелегално". Сепак, за странец да биде предмет на протерување, Министерството за внатрешни работи мора да издаде одлука за протерување, во рок од 30 дена од утврдувањето на причините за протерувањето. Одлуката за протерување мора да го наведе датумот кога странецот мора да ја напушти земјата. Временската рамка за заминување мора да се утврди со оглед на времето потребно за лицето да ги добие документите и средствата потребни за напуштање на земјата. Странецот има право да поднесе жалба против одлуката за протерување во рок од 8 дена од добивањето на одлуката. Оваа жалба нема суспензивен ефект, освен ако лицето не престојува повеќе од 3 месеци во земјата. Државната комисија мора да издаде одлука како одговор на жалбата во рок од 15 дена по поднесувањето на жалбата. Одлуката на Државната комисија може да се обжали пред Управниот суд во рок од 30 дена од добивањето на одлуката. Странците кои не ја напуштаат земјата доброволно во пропишаните рокови во нивните одлуки за протерување, може да бидат предмет на присилно враќање. Сепак, странец може да биде присилно вратен само ако одлуката за протерување е во сила, што значи дека рокот за доброволно заминување е истечен. Постапката за насилно враќање како што е пропишано со закон е следната: овластените службеници на Министерството за внатрешни работи го носат засегнатото лице до државната граница, го придружуваат преку границата и го предаваат на властите на земјата што го прима. Пред нивното присилно враќање, странците мора да поминат медицински преглед со цел да се процени нивната здравствена состојба. Законот за странци јасно наведува дека странец не може насилно да се врати во земја каде што неговиот/нејзиниот живот или слобода би биле загрозени поради неговата/нејзината раса, религија, националност,

[13] Објавен е на 23 март 2006 година, Службен весник на Република Македонија бр. 35/2006, 66/2007, 117/2008, 92/2009, 156/10, 158/11, 84/12, 13/13, 147/13, 148/15, 217/15.

припадност на општествена група или политички ставови, или каде тој/таа би бил подложен на тортура, нехумано или понижувачко постапување или казнување.

Во врска со колективното протерување на бегалците на 14 март 2016 година – теренските адвокати на МЗМП биле присутни на 7 март 2016 година во транзитниот центар „Винојуг“, кој се наоѓа околу 500 метри од македонско-грчката граница. На 14 март 2016 година, канцеларијата на МЗМП во Скопје била информирана од страна на теренскиот персонал дека голема група бегалци навлегле на македонска територија во близина на селото Моин, во близина на реката Сува Река. Со цел да се следи развојот на ситуацијата и, ако е потребно, да се обезбеди поддршка на персоналот на МЗМП на терен, двајца од постарите адвокати на МЗМП го посетија селото Моин. Од нивната гледна точка (во центарот на селото), адвокатите на МИЛА можеле да видат околу 1.000 лица присутни во полето во близина на селото. Тие седеле на земја, опкружени од македонската гранична полиција и воени претставници. Во текот на следните два часа, адвокатите на МЗМП виделе дека службениците на специјалните полициски сили земале група од 50 лица и ќе им наредат да се качат на воен камион, кој потоа го напуштил селото. Качувањето и заминувањето на воените камиони се случувало на секои 20-30 минути. За време на овие операции, адвокатите на МЗМП не можеле да видат дали физичка сила била употребена против лицата кои се качувале на воените возила. За време на нивното присуство во Моин, на адвокатите на МЗМП не им бил дозволен никаков контакт со ниту едно од лицата кои биле задржани и побарале да се качат на воените камиони. Адвокатите на МЗМП не виделе други адвокати кои имале контакт со овие лица или кои биле присутни на самото место ниту пак преведувачи присутни во селото или на теренот каде што била држена големата група луѓе. Не забележале ниту дека полицијата или воените службеници спроведуваат било каков вид на идентификација или регистрација на лицата кои се качуваат на воените возила.

Во интервенцијата Здружението рефлектира и состојба на систематски push – backs, односно одбивања, од страна на македонските власти кон Грција. Имено МЗМП заклучува дека, „гореспоменатиот настан не е изолиран инцидент, туку дел од поширокатa практика на систематско одбивање спроведено од страна на македонските власти, кое трае во текот на 2015, 2016 и 2017 година. Од 19 ноември 2015 до 31 мај 2017 година, според информациите на МЗМП, македонските власти вратиле 10.377 бегалци/мигранти назад во Грција. Тие изјавија дека таквите практики на одбивање биле потврдени и од страна на македонските власти (Македонско здружение на млади правници, 2017)[14]. Ваквото тврдење го поткрепуваат со изјавата на Портпаролот на

[14] Параграф 23

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија дека од 8 март 2016 до 13 мај 2016 година, македонските власти вратиле 11.803 мигранти во Грција.

Здружението забележува два типа на вакви одвраќања – првиот тип е кон мигранти и бегалци кои се идентификувани и од кои биле земени отпечатоци. Имено, овие мигранти биле носени во Транзитниот центар „Винојуг“ и за неполни два часа по идентификацијата ги носеле на граничната линија со Грција надвор од кој било воспоставен официјален граничен премин. Вториот тип на оттурнувања не вклучуваат чекор на земање отпечаток од прст, односно, властите ги пресретнувале и приведувале мигрантите и бегалците на територијата на Република Северна Македонија и ги враќале назад на граничната линија со Грција повторно надвор од официјалните гранични премини и ги принудувале пешки да ја поминат границата со Грција. Во сите вакви одбивања, немало каква форма на испитување на индивидуалната ситуација на секое лице, бидејќи се случиле надвор од која било правна рамка пропишана од националното законодавство. На бегалците/мигрантите кои биле повлечени назад не им биле издадени одлуки за протерување Недостатокот на процедура неминовно води кон недостаток на било каква можност за користење на правни лекови.

Во оваа насока Здружението смета дека постојат прекршувања на засегнатите членови од Конвенцијата, бидејќи се работи на системски протерувања, без соодветна идентификација и без можност за обезбедување пристап и до барање за азил и до соодветни правни лекови.

5. Од очигледното до неочекуваното

Мигрантската криза донесе со себе низа неизвесности и неправилности, како во постапките на мигрантите и бегалците, така, а можеби и со посилен интензитет, во постапките на оние кои требаше да се справат со неа. Државите потфрлија, потфрлија и меѓународните организации, за жал на сметка на невините човечки судбини. Во периодот по затворањето на рутата, од страна на од волонтери беа собрани мноштво на пријави за насилни повратни удари на грчко-македонската граница неколку години последователно (Jones, 2021). Погоренаведениот настан не се смета за изолиран инцидент, што повеќе, за востановена пракса за тој период. Настанот низ меѓународниот простор се прикажува како дел од моделот на систематски депортации од Северна Македонија во Грција (European Center for Constitutional and Human Rights, 2022). Северна Македонија ја спроведе координираната одлука за делумно затворање на хуманитарниот коридор со извршување на збирни групни враќања на бегалците во Грција. Бројни организации за човекови права, известуваа

за практиките на систематизирани, колективни (push backs) враќања на грчко-македонска граница. Извештаите вклучуваа обработка на случаи на насилство и малтретирање, и многу од засегнатите нагласија дека биле неколкупати враќани. Amnesty International прикажа серија случаи на лица кои биле неколкукратно принудно враќани од Македонија во Грција уште пред овој инцидент да се случи. Се наведува дека враќањето се случувало не само на оние кои се детектирани непосредно по преминувањето на македонско-грчката граница, туку и за случаи на мигранти кои стигнале до српско-македонската граница. Случаите кои се прикажани се сведоштва на мигранти кои нагласуваат дека не им била направена никаква идентификација. Издвоени се и случаи каде лицата колективно се оставани и во Србија. Дадени се и сведоштва за нечовечки третмани на граничните премини од страна на службените лица кои се наоѓале на македонската граница (Amnesty International, 2015). Во однос на релевантниот датум, Amnesty International ги опишале условите во кампот во Идомени како „бедни“ и „запрепастувачки“, бидејќи луѓето биле оставени да спијат без засолништа, изложени на лоши временски услови и без доволно санитарни објекти. Во мај 2016 година, и УНХЦР ги опишале условите како „мизерни“, што е издвоено и во самата пресуда (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §25). Human Rights Watch исто така, уште од 2015 година апелира за полициската бруталност против мигрантите и барателите на азил во Македонија. Преку низ 64 длабински интервјуа со жртви и сведоци, прикажуваат насилствата и произволни притворања (продолжен административен притвор, без оправдување или без можност за значајна ревизија) кои ги искусиле мигрантите и барателите на азил во Македонија (Human Rights Watch, 2015). Дури и Специјалниот претставник на Советот на Европа за миграција и бегалци во својот извештај од април во односната година, споменува за постоење наводи за колективни враќања на границата (Boček, 2016).

Со оглед на отсуството на каква било процедура предвидена за време на овие колективни враќања, немаме официјална евиденција. Сепак, началничката на Секторот за односи со јавност и протокол во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања при македонското МВР, Наталија Спирова, за турската новинска агенција Анадолија (Идивиди, 2016) изјавува дека повеќе од 11 800 лица биле вратени од Северна Македонија во Грција само помеѓу затворањето на границата на 8 март и средината на мај (Anadolu Agency website , 2016). Во истото интервју началничката нагласува и дека „мигрантите фатени во овие ситуации кои преку „криумчарите на мигранти“ се обидуваат нелегално да остварат влез, да транзитираат низ Република Македонија, како би стигнале во некоја од земјите на ЕУ што е нивна крајна цел, се носат во прифатниот Центар во Гази Баба и се процесираат по редовни судски постапки “ (Канал 5, 2016). И во самата пресуда Судот забележува дека Владата не го одрекла постоењето на експедитивните протерувања од 14

и 15 март 2016 г., туку сосема спротивното. На 15 март 2016 година, Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија ја известило јавноста дека имало обид за нелегален влез на мигранти во близина на селото Моин и дека мигрантите кои противзаконски преминале биле вратени назад (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, стр. §13).

Согласно податоците на Министерството за внатрешни работи за односната година биле евидентирани 127.358 мигранти (заедно со оние на кои се издадени потврди за време на кризата). Во истата година се примени 603 барања за азил од вкупно 760 лица, а од нив на едно лице му се призна правото на азил – признаен бегалец, а на 6 лица им се призна правото на азил заради супсидијарна заштита (Министерство за внатрешни работи, Оддел за односи со јавност и стратешки прашања, Сектор за односи со јавност и протокол, 2020). Во пресудата пак стои дека од 9 март до 31 декември 477 лица побарале азил, кој им бил одобрен на пет лица, на едно лице му бил доделен статус на бегалец, единаесет барања за азил биле одбиени, а постапките за 460 други случаи биле запрени бидејќи лицата кои ги поднеле барањата ги напуштиле местата во кои престојувале и не се појавиле на интервјуата (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §29). Во самата пресуда е наведено и дека е посочено во извештај на Министерството за внатрешни работи дека помеѓу 1 јануари и 14 март 2016 година, на 89.628 мигранти им биле издадени потврди за искажана намера со барање за признавање право на азил, а и дека на 14 март 2016 година не била издадена ниту една потврда и не била поднесено ниту едно барање за азил (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §23). Во пресудата е наведен и ставот на Европскиот совет за бегалци и лица во егзил (ECRE) и Меѓународната комисија на правници (ICJ), во извештај до Комитетот на министри при Советот на Европа, каде заклучуваат дека постојните пречки во пристапот до процедурата за добивање азил во Грција ги изложила оние кои барале азил на сериозен ризик од депортација, без индивидуална проценка на ризикот тие да бидат испратени во земја каде има сериозна основа да се верува дека ќе бидат изложени на третман спротивен на членовите 2, 3, 5 или 6 од Конвенцијата (A.A. And Others v. North Macedonia, 2016, §26). И дека, според Хелсиншкиот комитет за човекови права во Скопје од 8 – 20 март 2016 година не била издадена ниту една потврда за искажана намера за поднесување на барање за признавање право на азил, а од 21 и 27 март 2016 година, не бил регистриран ниту еден бегалец.

Повеќе од јасно е дека коридорот 10 и самата рута која во 2015 година ја користеа мигрантите за транзит и влегување во државата беше затворена во 2016 година. Одовде и прашањето, кој би пробал неизвесна нова рута низ река и полиња, вклучително и барател што користи

инвалидска количка, доколку беше достапен пристап до овластен влез насекаде по должина на границата (Wriedt, 2022)?

Во пресудата на која се потпира Судот при одлучувањето, ND and NT (N.D. and N.T. vs. Spain, 2020), како што наведовме погоре, Големиот судски совет создаде исклучок од заштитата на членот 4 протокол 4 за „ситуации во кои однесувањето на лица кои ја преминуваат копнената граница на неовластен начин, намерно го искористуваат нивниот голем број и користат сила па се создава јасно нарушувачка ситуација која е тешко да се контролира и ја загрозува јавната безбедност“ (§201). Судот смета дека овие услови се применуваат во случајот на насилство и ги обвини жалителите за некористење на правни патишта (и покрај суштинските докази кои покажуваат дека тие не биле достапни во пракса), прикажувајќи ги како опасност. Пресудата беше критикувана како „историско разочарување“ (Schmalz, 2020), без фактичка основа и јасност, претворајќи ги целите на расното профилирање во виновници, како и поткопување на суштината на забраната за колективно протерување и одбивање (Wriedt, 2022).

Во два последователни случаи во кои се отвори прашањето за повреда на членот 4 од Протоколот 4 се дискутираа утврдените исклучоци од примената на членот воспоставени со Н.Д. и Н.Т. против Шпанија, но сепак се одлучи дека постои повреда. Така во случајот Шахзад против Унгарија (Shahzad v. Hungary, 2021) Судот се осврна на исклучокот од правилото и разгледуваше дали може недостигот на идивидуална одлука за отстранување да се оправда преку однесувањето на апликантот (Shahzad v. Hungary, 2021, §60). Сепак одлучува во корист на апликантит од причини што од снимките се гледа дека апликантот, заедно со останатите мигранти, не користи сила ниту пак прават неред, а дека ситуацијата е под целосна контрола на службениците кои ги сместуваат во комбе и ги носат до граница за повратк (слично како и во нашиот случај). Судот исто така заклучува дека покрај неавторизираниот начин на влез (на место кое е 40 и 84 км оддалечено од двете официјални транзит зони Томпа и Рошке) на апликантот, случајот не може да се поистовети со Н.Д. и Н.Т. против Шпанија. Земено е предвид тврдењето на апликантот дека немал реални шанси да влезе во транзит зоната и да поднесе барање за меѓународна заштита, а и тврдењето дека тој претходно се обидел да го регистрира своето име на листата на чекање но бил одбиен поради статусот на самец. Владата не навела доволно аргументи за да ги одбие наводите, а судот поклонил верба и на извештаите на УНХЦР за односната ситуација со лимит на примање на дневни апликации. Заклучокот на Судот е дека државата не обезбедила ефективни средства за легален влез на апликантот (Shahzad v. Hungary, 2021, §60 - 68).

Другиот од двата последователни случаи е против Хрватска. Настанот датира од 2017 година, мигрантка и нејзините шест деца

влегле во Хрватска од Србија заедно со еден возрасен маж. Хрватските полицајци и пришле на групата додека се одмарале на нива. Групата им кажала на полицајците дека сакаат да побараат азил, но полицајците го игнорирале нивното барање, им наредиле да влезат во возилото и ги однеле на граница. На граница полицајците им рекле да се вратат во Србија следејќи ги шините. Групата почнала да оди и по неколку минути поминал воз и удрил во едно од децата (M.H. and others v. Croatia, 2022). Во овој случај се детектирани повреди на повеќе членови меѓу кои и повреда на членот 4 од Протоколот 4. Иако се испитува постоење на вина на страната на апликантите како исклучок од правилото, Судот констатира дека (и покрај укажаното од Владата дека апликантите можеле да побараат влез во Хрватска од хуманитарни причини) намерата да се побара меѓународна заштита можела да се изрази на граничен премин, со што се активира постапка за испитување на лична ситуација, но дека Владата не доставила никакви конкретни информации во врска со процедурите за азил на границата со Србија. Па, врз основа на информациите Судот не бил во можност да утврди дали во моментот на материјалното време тужената држава им овозможила на апликантите вистински и ефективен пристап до процедурите за легален влез во Хрватска. Со што, Судот смета дека, не постои вина на страна на апликантите и дека е прекршен членот 4 од Протоколот 4, §262-304 (M.H. and others v. Croatia, 2022).

Меѓутоа, во АА против Северна Македонија, Судот го продолжи исклучокот, или како што го опишуваат критичарите на оваа пракса „ја зголеми дупката во оградата“ (Schmalz, Enlarging the Hole in the Fence of Migrants' Rights, A.A. and others v. North Macedonia, 2022). Иако потенцираше дека околностите се разликуваат од оние дефинирани во Н.Д. и Н.Т. („нема употреба на сила“, §114), сепак испитуваше дали, со нередовно преминување на границата, апликантите ја заобиколиле ефективната постапка за легален влез. Судот ги заобиколи кумулативните предуслови за применливост, потпирајќи се единствено на неовластениот карактер на граничниот премин како доволен услов. Со оглед на отсуството на законски процедури за влез што ги принудуваат бегалците да патуваат без овластување или безбедност, ова толкување би значело дека „сопственото виновно однесување“ повеќе нема да биде исклучок од забраната за колективно протерување, туку негова главна примена. Понатаму, оценката на Судот за пристапот до правните патишта го претвора „сопственото виновно однесување“ во претпоставка што треба да се отфрли (Wriedt, 2022).

Заклучок

Преку ваквото толкување на членот 4 од Протоколот 4 и воспоставување на ваква пракса, и продлабочување на исклучоците од правилото, Судот сериозно ризикува гаранциите воспоставени во членот да станат чисто илузорни и теоретски.

Иако мигрантската криза со себе донесе серија на предизвици, и најголемиот број од мигранти и бегалци кои доаѓаа до границата на Северна Македонија имаа намера само да транзитираат низ неа, а не да да добијат меѓународна заштита, сепак она кое беше воспоставено како пракса со случајот Hirsi Jama и потребата од индивидуализација не смеат да се занемарат, заобиколат и наполно отфрлат. Секој случај е индивидуален и во група на бегалци и мигранти, па дури и во толпа, не сите имаат исти позадини и причини поради кои тргнале на патувањето на својот живот. Напротив.

Како што потенцираше и Хелсиншкиот комитет за човекови права во Македонија, мигрантите во неможност да ги издржат мизерните и нечовечки услови во камповите во Идомени – Грција, и во знак на револт поради затворањето на границите од страна на државите по „Балканската рута“, на 14 март 2016 година околу 700 бегалци нелегално ја преминуваа границата на Македонија со Грција во близина на селото Моин, Гевгелиско (Хелсиншки комитет за човекови права, 2017), дури и по цена да ги загубат сопствените животи. А под изговор за значително зголеменото нелегално преминување по затворањето на границите, државата си зема за право да ги „депортира“ сите бегалци затекнати на македонска територија. Ваквото масовно „депортирање“ на бегалците кон Грција, води кон сериозни ризици за прекршување на принципот на неврaќање, бидејќи постоеше реална можност од Грција, бегалците да бидат депортирани во своите земји на потекло, односно, кризни и воени подрачја каде што се доведуваат во ризик нивните животи и физичкиот интегритет.

Тука е и Конвенцијата за заштита на бегалците од 1951 година, која во членот 31 гарантира дека државите договорнички нема да наметнуваат казни, поради нивниот нелегален влез или присуство, на бегалците кои, кои доаѓаат директно од територија каде што нивниот живот или слобода биле загрозени под услов без одлагање да се претстават пред властите и да покажат добра причина за нивниот нелегален влез или присуство. Исто така и дека државите нема да применуваат други ограничувања за движењето на таквите бегалци освен оние што се неопходни и таквите ограничувања ќе се применуваат само додека нивниот статус во земјата не се регулира или не добијат прием во друга земја, а дека државите ќе им дозволат на таквите бегалци разумен период и сите потребни можности да добијат прием во друга

земја (United Nations, 1951), што не е испочитувано доследно, а е заобиколено во односната пресуда.

Исклучокот на правилото конципирано во членот 4 од Протоколот 4 изразен преку „сопствено виновно однесување“ ја поткопува суштината на забраната за колективно протерување. Мигрантите и бегалците се поистоветуваат со непожелна маса, и не се третираат како поединци чии приказни треба да се слушнат и да се решат. Судот во пресудата како да ги заобиколува фактите конципирани во мноштво извештаи од меѓународни набљудувачи и волонтери, како и дописот од „пријателот на Судот“ во случајов – Македонското здружение на млади правници. Судот не приклонува верба и ги занемарува укажувањата за недостатокот на пристап до легалните патишта преку границата, за затвореноста на рутата и нехуманите услови во транзитните центри. Наместо тоа, жртвите ги става во улога на виновници, а исклучокот од правилото во членот од Конвенцијата го прави правило, а правилото – исклучок. Онаму каде што веќе не постои обврска за испитување на поединечни случаи, без оглед на законитоста на влезот, а присилното враќање на лицата од територијата без постапка е легализирано, начелото на невраќање (суштината на заштитата на бегалците) е во сериозен ризик (Schmalz, 2022). Ваквата пресуда само ги оправдува колективните протерувања и е обесхрабрувачка за какви било идни обиди на мигрантите и бегалците да бараат заштита на нивните права преку официјални ентитети.

Консултирана литература:

[1] A.A. and Others v. North Macedonia, Applications Nos. 55798/16 and others (European Court of Human Rights 2016).

[2] Alibaks and Others v. the Netherlands (Commission decision, December 16, 1998).

[3] Amnesty International. (2015). *Europe's borderlands: Violations against refugees and migrants in Macedonia, Serbia and Hungary*. Amnesty International.

[4] Anadolu Agency. (2016, May 22). *Since Macedonia has sealed border to migrants in early March, more than 11,000 have been sent back to Greece*. https://www.aa.com.tr/en/world/macedonia-more-than-11-000-migrants-sent-back-to-greece/572300

[5] Boček, T. (2016). *Report of the fact-finding mission by Ambassador Tomáš Boček, Special Representative of the Secretary General on migration and refugees to Greece and "the former Yugoslav Republic of Macedonia"*. Council of Europe. SG/Inf(2016)18.

[6] European Center for Constitutional and Human Rights. (2022, April). *Case report: Push-backs at the Greek–North Macedonian border*.

https://www.ecchr.eu/fileadmin/Fallbeschreibungen/Case_report_Idomeni_April2022.pdf
[7] European Court of Human Rights. (2020, February 13). *Spain did not breach the Convention in returning migrants to Morocco who had attempted to cross the fences of the Melilla enclave* (Press release).
[8] Henning Becker v. Denmark, Application No. 7011/75 (European Court of Human Rights 1975).
[9] Human Rights Watch. (2015, September 21). *"As though we are not human beings": Police brutality against migrants and asylum seekers in Macedonia*. https://www.hrw.org/report/2015/09/21/though-we-are-not-human-beings/police-brutality-against-migrants-and-asylum
[10] Human Rights Watch. (2015, September 22). *„Како да не сме луѓе": Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија*.
[11]Jakšić, A. (2006). *Evropska konvencija o ljudskim pravima – komentar* (pp. 330–337). Beograd, Serbia.
[12] Jones, C. (2021, June 8). *Foreign agents and violence against migrants at the Greek–Macedonian border*. Statewatch. https://www.statewatch.org/analyses/2021/foreign-agents-and-violence-against-migrants-at-the-greek-macedonian-border/
[13] Kuijer, M. (n.d.). *Effective remedies as a fundamental right*. http://www.ejtn.eu/Documents/About%20EJTN/Independent%20Seminars/Human%20Rights%20BCN%2028-29%20April%202014/Outline_Lecture_Effective_Remedies_KUIJER_Martin.pdf
[14] M.H. and Others v. Croatia, Applications Nos. 15670/18 and 43115/18 (European Court of Human Rights, April 4, 2022).
[15] N.D. and N.T. v. Spain, Applications Nos. 8675/15 and 8697/15 (European Court of Human Rights, February 13, 2020).
[16] Schmalz, D. (2020, February 14). *"Unlawful" may not mean rightless: The shocking ECtHR Grand Chamber judgment in case N.D. and N.T.* Verfassungsblog. https://verfassungsblog.de/unlawful-may-not-mean-rightless/
[17] Schmalz, D. (2022, April 6). *Enlarging the hole in the fence of migrants' rights: A.A. and Others v. North Macedonia*. Verfassungsblog. https://verfassungsblog.de/enlarging-the-hole-in-the-fence-of-migrants-rights/
[18] Shahzad v. Hungary, Application No. 12625/17 (European Court of Human Rights, July 8, 2021).
[19] The European Council on Refugees and Exiles. (2016, March 18). *The "March of Hope": Refugees in extreme humanitarian conditions try alternative crossing path*. https://ecre.org/the-march-of-hope-refugees-in-extreme-humanitarian-conditions-try-alternative-crossing-path/

[20] United Nations. (1951). *Convention relating to the status of refugees*. https://www.unhcr.org/sites/default/files/2025-02/1951-refugee-convention-1967-protocol.pdf
[21] Wriedt, V. (2022, June). *Expanding exceptions? A.A. and Others v. North Macedonia, systematic pushbacks and the fiction of legal pathways*. EU Immigration and Asylum Law and Policy. https://eumigrationlawblog.eu/expanding-exceptions-aa-and-others-v-north-macedonia-systematic-pushbacks-and-the-fiction-of-legal-pathways/
[22] Законот за азил и привремена заштита, *Службен весник на Република Македонија*, бр. 49/2003, 66/2007, 142/2008, 146/2009, 166/2012, 101/2015, 152/2015, 55/2016, 71/2016.
[23] Идивиди. (2016, мај 17). *Грчки медиуми: За два месеца Македонија во Грција вратила повеќе од 11.800 бегалци*. http://www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/1072123/index.htm
[24] Канал 5. (2016, мај 17). *Грчки медиуми: За два месеца Македонија во Грција вратила повеќе од 11.800 бегалци*. https://kanal5.com.mk/grchki-mediumi-za-dva-meseca-makedonija-vo-grcija-vratila-povekje-od-11-800-begalci/a261214
[25] Македонско здружение на млади правници. (n.d.). https://myla.org.mk/9519/
[26] Македонско здружение на млади правници. (2017, јуни 29). *Интервенција од трета страна во случајот А.А. и други против ф.Ј.Р. од Македонија (Апликација бр. 55798/16)*. https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2017/08/MYLA-Third-Party-Internvention-AA-and-Others-v-MKD-29.06.2017.pdf
[27] Максимова, Е. (2022). *Мигрантската криза и повредата на правата загарантирани во…* Во *Есеи за миграција и азил* (pp. 85–92).
[28] Министерство за внатрешни работи. (2016, март 15). *Информација за обидот за илегален влез на мигранти кај с. Моин*. https://mvr.gov.mk/vest/1638
[29] Министерство за внатрешни работи, Оддел за односи со јавност и стратешки прашања. (2020, април 15). *Решение за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 16.1.2-507/1*. https://www.mvr.gov.mk
[30] Стојановски, Т. (2018). *Права на бегалците, мигрантите и барателите на азил во Република Македонија – Извештај од истражување*. Скопје: Help on the Route.
[31] Хелсиншки комитет за човекови права. (2017, јануари 16). *Правата на бегалците: Национални и меѓународни стандарди наспроти состојбата на терен*. https://mhc.org.mk/analyzes/pravata-na-begalczite-naczionalni-i-meg/

[32] Цветановска, А. К. (2017). *Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија*. Скопје: Македонско здружение на млади правници

Кјара Нери[1]

ПРЕДИЗВИЦИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ПРИВАТНИТЕ БРОДОВИ ВО ГОЛЕМИ СПАСУВАЧКИ ОПЕРАЦИИ НА МОРЕ[2]

Преведено и адаптирано од англиски јазик од проф. д-р Олга Кошевалиска, проф. д-р Елена Максимова и докторанд Богољуб Мијалков

1. Вовед

„Бродовите, сега, ги исклучуваат своите радиостаници кога ќе се најдат на стратешки локации, за да го избегнат повикот да им помогнат на мигрантите во Медитеранот“.[3] Овие многу сериозни обвинувања, формулирани од данското превозништво по сагата на *Мерск Етјен* во 2020 година, ги нагласуваат тешкотиите и предизвиците со кои се соочува приватниот сектор при спасувањето на мигрантите на море. На барање на малтешките служби, на 4 август 2020 година, данскиот танкер *Maersk Etienne* спасил 27 луѓе од мал рибарски брод во неволја на брегот на Тунис. Танкерот, неговиот екипаж и 27 спасени лица биле заглавени 38 дена на море, затоа што немале назначено место за истоварување на преживеаните. На крајот, на 11 септември 2020 година, *Maersk Etienne* бил во можност да ги префрли на *Mare Jonio,* брод управуван од невладина организација. Стигнале до Поцало (Сицилија) на 13 септември. Овој инцидент драматично ги покажува тешкотиите со кои се соочуваат приватните бродови и бродската индустрија кога се вклучени во спасувачка операција во контекст на миграција[4]. Недостатокот на

---

[1] Проф. д-р Кјара Нери е редовен професор по меѓународно јавно право на Универзитетот Жан Мулен Лион 3 во Лион, Франција и директор на Центарот за меѓународно право на истоимениот универзитет, email: kiara.neri@univ-lyon3.fr;

[2] Текстот е прв пат објавен во Human Security in Navigable Spaces: Common Challenges and New Trends, edited by Giorgia Bevilaqua, Editoriale Scientifica, Napoli, 20201, pp. 95 -109.

[3] T. Kristiansen, “Migrant crisis has ships going off radio and rerouting near Malta”, Shippingwatch, 9.9.2020, (06/21)

[4] Видете L. Iussich and L. Maglic, “Search and rescue operations of Immigrants at sea: challenges for the crew of Merchant ships”, Journal of Maritime & Transportation Science, 2019, pp. 45-58; R. L. Kilpatrick, Jr, “Why Evolving European SAR Policies threaten Merchant Shipping”, MarSafeLaw Journal – Special Issue on the EU and Maritime Security, 2019, pp. 39-61; R. L. Kilpatrick Jr and A. Smith, “The International Legal Obligation to Rescue During Periods of Mass Migration at Sea: Navigating the Sovereign and Commercial Dimensions of a Mediterranean Crisis”, University of San Francisco Maritime Law Journal, 2018, pp. 142-195; R. L. Kilpatrick Jr., “The “Refugee Clause” for Commercial Shipping Contracts: Why Allocation of Rescue Costs is Critical During Periods of Mass Migration at Sea”, Georgia Journal of International and Comparative Law, 2018, pp. 403-446; K. S. Goddard, “Rescuing Refugees and Migrants at Sea: Some Commercial Shipping Implications”, International Journal of Maritime Law, 2015, pp. 352-367; Robert D. Peltz, “Adrift at Sea – The

политичка волја на државите да го прифатат истоварувањето на мигрантите во нивните пристаништа има сериозни практични, правни и комерцијални последици за капетаните на бродовите и нивниот екипаж. Освен тоа, во најголем број од случаите, трговските бродови не се опремени ниту обучени за спроведување на мисии за потрага и спасување, што ги прави значително скапи[5] и опасни.

Сепак, користењето приватни бродови во рамките на операциите за барање и спасување (search and rescue - SAR) е од суштинско значење. Како што истакнува самата Меѓународна поморска организација, „SAR-услугите ширум светот зависат од бродовите на море за да им помогнат на лицата во неволја. Невозможно е да се организираат SAR-услуги што во целост се потпираат на посебни копнени спасувачки единици за да обезбедат навремена помош за сите лица во неволја на море.“[6] Како резултат на ова, службите за SAR се потпираат на помоштa од приватни бродови за да ја обезбедат ефективноста на своите дејства и да спасат човечки животи..[7] На пример, Договорот помеѓу Соединетите Американски Држави и Мексико за поморска потрага и спасување предвидува употреба на „други единици“:

> „Крајбрежната стража на САД ги користи достапните единици кои не се дел од крајбрежната стража на САД, наместо, или во прилог, на единиците на крајбрежната стража на САД, како одговор на потенцијални поморски ситуации на неволја. Таквите единици може да вклучуваат, но не се ограничени на, [...] *достапни трговски бродови*. Слично на тоа, мексиканската морнарица може да користи ресурси кои не се од морнарицата за потрага и спасување. Крајбрежната стража на САД и мексиканската морнарица се обврзуваат, за целите на овој договор, да ги третираат таквите единици

duty of Passing Ships to rescue Standed Seafarers”, Tulane Maritime Law Journal, 2014, pp. 363-388; F. G. Attard and R. L. Kilpatrick, Jr., “Reflections on the Maersk Etienne Standoff and its Ramifications for the Duty to Render Assistance at Sea”, EJIL Talks !, 2020; F. G. Attard, The Duty of the Shipmaster to Render Assistance at Sea under International Law, Brill, Series: Queen Mary Studies in International Law, 2020

[5] R. L. Kilpatrick Jr., "The "Refugee Clause" for Commercial Shipping Contracts", cit. *Погоре* белешка 2.

[6] IMO, MSC.167(78) - Guidelines on the Treatment of Persons Rescued at Sea, 5.1.

[7] Види International Convention on Maritime Search and Rescue (SAR), 27 April 1979, entered into force 22 June 1985, Annex, 2.1.9 “Parties having accepted responsibility to provide search and rescue services for a specified area shall use search and rescue units and other available facilities for providing assistance to a person who is, or appears to be, in distress at sea.”

како единици кои ги исполнуваат условите на овој договор“.[8]

Затоа, значителен број на приватни бродови се вклучени во спасувачките операции секоја година. Тешко е да се имаат јасни веродостојни бројки,[9] но Меѓународната поморска организација проценува дека приватен брод е вклучен во една до десет операции за барање и спасување (SAR) во Средоземното Море во периодот од 2015 до 2017 година.[10]. На пример, во 2016 година, речиси 400 бродови биле пренасочени од нивните рути и околу 120 биле вклучени во спасувањето на речиси 14 000 луѓе.[11] Учеството на бродската индустрија и приватниот брод воопшто за глобалната цел за спасување на луѓето во неволја на море, е стара и добро всадена практика. Меѓународното право обезбедува добро воспоставена правна рамка и содржи обврска за капетаните на бродовите, да спасуваат лица во неволја на море. Поголемиот дел од времето, овие операции се спроведуваат без никакви проблеми, особено кога спасените лица се морски морепловци, рибари или туристи.

Сепак, правната рамка која го регулира нивното учество е ставена на испит за време на големи бранови на миграции по море. Ситуацијата во Средоземното Море од 2014 година е, секако, значајна, но не е без преседан. Истото се случувало во 1970-тите, за време на Индокинеската криза, кога воспоставувањето на комунистички режими во Виетнам, Лаос и Камбоџа доведе до значителен бран на миграција по море кон соседните држави. Во тоа време, илјадници мигранти биле спасени од трговски бродови, понекогаш без место за симнување, бидејќи соседните држави една по една одбивале да дозволат симнување на преживеаните во нивните пристаништа.[12]

Од тогаш, беа усвоени важни инструменти за да се спречи оваа ситуација да се повтори, особено Конвенцијата од 1979 година за барање

---

[8] Agreement between USA and Mexico on Maritime Search and Rescue, August 7, 1989, art VII.

[9] "Во принцип, се проценува дека различни трговски бродови спроведуваат спасувачки операции сами или во соработка со јавни или морнарички бродови во една третина од сите спасувачки операции на море", L. Iussich and L. Maglic, “Search and rescue operations of Immigrants at sea”, cit. supra, note 2, p. 49

[10] IMO (International Maritime Organization - Меѓународна поморска организација) Веб-страница:<https://www.imo.org/en/MediaCentre/PressBriefings/Pages/29-mixedmigration.-aspx> (04/21).

[11] Ibid;

[12] UNGA, Report of the Secretary-General on Oceans and the Law of the Sea, 7 November 1979, UN Doc A/34/627. See also F. G. Attard, The Duty of the Shipmaster to Render Assistance at Sea under International Law, cit. supra note 2, p. 6 ; W. C. Robinson, “The Comprehensive Plan of Action for Indochinese Refugees, 1989–1997: Sharing the Burden and Passing the Buck”, Journal of Refugee Studies, 2004, pp. 319–332; B. Wain, “The Indochina Refugee Crisis”, Foreign Affairs, 1979, pp. 160– 180

и спасување на море (SAR Конвенција). И покрај неспорното подобрување на правната рамка, прашањето за наоѓање на место за истоварување останува и е во центарот на тековните предизвици со кои се соочува меѓународната трговска флота.[13]

Како резултат на тоа, од 2015 година, бродската индустрија се обиде да го покрене прашањето на релевантните меѓународни *форуми* (IMO, ICS, итн.) аргументирајќи дека потпирањето на комерцијалниот превоз за SAR операции, особено во рамките на миграциската криза, не е одржливо.[14] Во раните години на миграцискиот бран, приватните бродови извршиле околу 25% од сите поморски спасувања во Средоземното Море.[15] Во периодот од јануари 2014 до декември 2015 година само во Средоземното Море, „над 1 350 трговски бродови се пренасочиле од планираното патување за да спасат над 57 000 мигранти во опасност да бидат изгубени на море".[16] Овој процент се намалил во следните години поради зголемувањето на ресурсите на државите и невладините организации и промената на миграциските патишта.[17] Сепак, поради запленувањето на поголемиот дел од бродовите на НВО во европските пристаништа, се очекува учеството на трговските бродови повторно да се зголеми.[18]

Јасно е дека приватните бродови имаат обврски според морското право во рамките на операциите за потрага и спасување (Дел 21). Но, исто така е јасно дека ангажирањето на приватната флота значително ги зголемува предизвиците (Дел 3) кои не се соодветно адресирани од страна на крајбрежните држави, што доведува до штетни последици врз спроведувањето на обврската за укажување на помош на море.

---

[13] . G. Attard and R. L. Kilpatrick, Jr., "Reflections on the Maersk Etienne Standoff and its Ramifications for the Duty to Render Assistance at Sea", cit. supra note 2

[14] S. Trevisanut, "Search and rescue operations in the Mediterranean: Factor of cooperation or conflict". International Journal of Marine and Coastal Law, 2010, pp. 523-542

[15] Strategic Note, "Irregular Migration via the Central Mediterranean", European Commission European Political Strategy Center, 22, 2 February 2017, (04/21), at 4, cited by Seline Trevisanut, "Search and rescue operations in the Mediterranean", cit. supra note 10.

[16] IMO, Assembly, Resolution A. 1093(29), Special recognition for merchant vessels and their crew involved in the rescue of mixed migrants at sea.

[17] 5 Strategic Note, "Irregular Migration via the Central Mediterranean", putting forward that reliance on merchant ships has decreased since 2014 because SAR operations have moved closer to Libya and away from the main commercial routes. cited by Trevisanut, "Search and rescue operations in the Mediterranean", cit. supra note 12. See also Kilpatrick, Jr, "Why Evolving European SAR Policies threaten Merchant shipping", cit. supra note 2

[18] See N. Madjidian, Towards Subjectivity? The Civil Rescue Fleet and its Humanitarian Agency in the Mediterranean, in this Volume.

2. Обврските на приватните бродови според меѓународното поморско право

Според правото на морето, приватните бродови имаат обврска да дадат помош (Дел 2.1). Сепак, спроведувањето на оваа обврска е далеку од лесно. Поради тоа, IMO издаде инструкции, упатства и прирачници со цел да им помогне на приватните бродови (Дел 2.1).

2.1. Релевантно морско право

Обврската да се даде помош на море. Според меѓународното обичајно право и конвенциите за поморско право,[19] секоја држава има обврска да побара од бродот кој плови под нејзино знаме, без разлика дали е приватен или јавен, да пружи помош на море на секое лице во неволја или во опасност да биде изгубено. Оваа обврска е долгогодишна поморска традиција, предвидена во членот 98 параграф 1 од UNCLOS, Регулатива V33.1 од Конвенцијата SOLAS и членот 2.1.10 од Анексот на SAR Конвенцијата.

Содржина на обврската. Обврската да се пружи помош на море ја содржи обврската за спасување, имено „да се вратат лицата во неволја, да се обезбедат нивните првични медицински или други потреби и да се пренесат на безбедно место".[20] Според Конвенцијата SOLAS, службите на SAR на крајбрежната држава, како и капетанот на бродот во неволја, имаат право да побараат еден или повеќе приватни бродови за да им дадат помош.[21] *Реквизицијата е задолжителна* за капетанот на приватниот брод.

Затоа, на барање на надлежните служби за спасување или на капетанот на бродот во неволја, капетанот на приватниот брод има обврска да *постапи со сета можна брзина*[22] за спасување на лицата во неволја, и да ги информира бродот во неволја и надлежните служби за спасување, ако е можно и што е можно побргу, .

Покрај тоа, SAR Конвенцијата[23] содржи *забрана за дискриминација* во SAR операциите. Обврската за пружање помош

---

[19] Член 11 од Convention for the Unification of Certain Rules of Law Relating to Assistance and Salvage at Sea, 23 September 1910 ; art. 12para.1 of the Geneva Convention on the High Seas, 29 April 1958 ; art. 98, para.1 of the United Nations convention on the Law of the Sea (UNCLOS), 10 December 1982 ; art. 2.1.10 of the International Convention on Maritime Search and Rescue (SAR), 27 April 1979, entered into force 22 June 1985; International Convention for the Safety of Life at Sea (SOLAS), 1 November 1974, entered into force 25 May 1980, Regulation V33.2.

[20] IMO and ICAO International Aeronautical and Maritime Search and Rescue Manual (IAMSAR Manual), November 1999, Volume III, definition of « rescue », p. xviii.

[21] SOLAS Convention, Regulation V33.2.

[22] Art. 98 para.1b) UNCLOS and Regulation V33.1 SOLAS Convention

[23] Art. 2.1.10 of the Annex. See also IMO, Resolution A.920(22) - Review of Safety Measures and Procedures for the Treatment of Persons Rescued at Sea.

мора да се применува без оглед на националноста на лицата во неволја, нивниот статус или околностите во кои се наоѓаат истите. Затоа, меѓународното право експлицитно забранува било каква разлика помеѓу спасувањето на мигрантите и операциите за спасување кои се однесуваат на други морнари или туристи. Обврската да се пружи помош, исто така, ја содржи обврската на приватниот брод да *се однесува хумано кон преживеаните* додека се на бродот, односно да ги задоволи нивните итни потреби и да дејствува во согласност со релевантните инструменти на IMO, меѓународните договори и долготрајните хуманитарни поморски традиции.[24]

На крај, бродот кој ја реализирал спасувачката мисија треба да *ги испрати преживеаните на безбедно место*.[25] Оваа обврска не може да биде исполнета од страна на приватните бродови без соработка на соседните крајбрежни држави и многу често е главна тешкотија со која се соочуваат бродовите кои ги враќаат лицата во неволја на море.

Исклучоци. Меѓународното прапредвидува два исклучоци од обврската да се пружи помош. Капетанот е ослободен од својата обврска, ако а) спасувачката операција може да предизвика сериозна опасност за бродот, екипажот или патниците[26] или ако б) од друг брод било побарано да продолжи со спасувањето или ако спасувањето веќе е реализирано.[27] Првиот исклучок може да биде тешко да се примени во пракса, особено кога се работи за безбедносни ризици. Во секој случај, ако капитенот на бродот кој го прима алармот за опасност не е во можност да продолжи со помоштa или смета дека е премногу опасно за бродот или неговиот екипаж, „капетанот мора да ја внесе во дневникот причината за неуспехот да се продолжи со помоштa на лицата во неволја, земајќи ја предвид препораката на Организацијата да ја информира соодветната служба за потрага и спасување".[28]

Како резултат на тоа, обврската да се пружи помош на море се однесува на приватните бродови. Сепак, спроведувањето на оваа обврска е предизвик за капетаните и екипажот. За да се одговори на овие предизвици, IMO предвидува значителен број на инструменти кои содржат насоки за капетаните на приватните бродови вклучени во операциите на SAR.

---

[24] IMO, MSC.167(78) - Guidelines on the Treatment of Persons Rescued at Sea and resolution A.920(22) - Review of Safety Measures and Procedures for the Treatment of Persons Rescued at Sea

[25] Ибид

[26] Art. 98 para.1 UNCLOS

[27] Regulation V33.3 and 4 SOLAS Convention.

[28] Regulation V33.1 SOLAS Convention.

2.2. Специфични инструменти и упатства

IMO издаде голем број на резолуции и циркулари кои содржат упатства[29], како и Прирачник[30] за да им помогне на капетаните во спроведувањето на деликатните спасувачки операции. По инцидентот *во Тампа*[31], Комитетот за морска безбедност на IMO усвои амандмани на Поглавјето V од Конвенцијата SOLAS и на поглавјата 2, 3 и 4 од Анексот на SAR Конвенцијата за Во исто време, MSC усвои нови насоки за третманот на лицата спасени на море, особено Резолуцијата MSC.167(78).[32] Оваа резолуција предвидува посебни насоки за капетаните за враќање на бродови. Првиот сет на упатства[33] е само општ и прецизира дека капетанот мора да ја разбере

---

[29] IMO Resolutions: MSC.167(78) - Guidelines on the Treatment of Persons Rescued at Sea; MSC.346(91): Application of SOLAS Regulation III/17-1 to Ships to Which SOLAS Chapter III Does not Apply See Circular MSC.1/Circ.1447; A.919(22) - Acceptance and Implementation of the International Convention on Maritime Search and Rescue, 1979, as Amended; A.920(22) - Review of Safety Measures and Procedures for the Treatment of Persons Rescued at Sea; A.949(23) - Guidelines on Places of Refuge for Ships in Need of Assistance; A .1093(29) - Special recognition for merchant vessels involved in the rescue of mixed migrants at sea.
IMO Circulars: COMSAR/Circ.22 - Guidance on Data Fields for SAR Databases; COMSAR/Circ.23 - Guidance for Central Alerting Posts (CAPs); COMSAR/Circ.31 - Guidance for Mass Rescue Operations; MSC/Circ.1073 - Directives for Maritime Rescue Co-ordination Centres (MRCCs) on Acts of Violence Against Ships; MSC/Circ.1079 - Guidelines for Preparing Plans for Co-operation Between SAR Services and Passenger Ships - Revision 1; MSC.1/Circ.1182 - Guide to Recovery Techniques - Revision 1; MSC.1/Circ.1183 - Guidelines on the Provision of External Support as an Aid to Incident Containment for SAR Authorities and Others Concerned; MSC.1/Circ.1186 - Guidelines on the Training of SAR Service Personnel Working in Major Incidents; MSC.1/Circ.1338 - Guidance to SAR Services in Relation to Requesting and Receiving Long-Range Identification and Tracking (LRIT) Information - Revision 1; MSC.1/Circ.1447 - Guidelines for the Development of Plans and Procedures for Recovery of Persons from the Water; MSC.5- Circ.13-Rev.3 - Information on Maritime Assistance Services (MAS)

[30] IMO and ICAO International Aeronautical and Maritime Search and Rescue Manual (IAMSAR Manual), November 1999

[31] На 24 август 2001 година, *Палапа*, мал индонезиски рибарски брод претоварен со 433 баратели на азил од Авганистан, се заглавил во меѓународни води околу 140 километри северно од Божиќниот Остров. Барателите на азил биле спасени од норвешкиот контејнерски брод, *MV Tampa*, под раководство на Австралиската поморска безбедносна власт. […] Во текот на 48 часа Ринан постојано бараше помош до австралиските власти. Овие барања биле прифатени, но не биле прифатени, па Ринан одлучил да влезе во австралиски води. Бродот ја преминал австралиската поморска граница на 29 август, непосредно пред пладне. Австралиските власти го известиле Ринан дека тој бил "флагрантно прекршување" на законот, а Владата испратила 45 војници од Специјалната воздухопловна служба (САС) да се качат на бродот и да го спречат да плови поблиску до Божиќниот Остров [...]" Австралиски национален музеј,
<https://www.nma.gov.au/defining-moments/resources/tampaaffair#:~:text=In%20August-%202001%20Австралиски%20војници,до%20bring%20them%20to%20Австралија > (04/21). Видете исто така Џесика Е. Тауман, "Спасен на море, но никаде да оди: Облачните правни води на кризата во Тампа", *Pacific Rim Law & Policy Journal*, 2002 стр. 461.

[32] MSC.167(78) - Guidelines on the Treatment of Persons Rescued at Sea; MSC.346(91), 20 May 2004.

[33] Points 5.1.1 and 5.1.2 of Resolution MSC.167(78).

својата обврска според меѓународното право (види погоре). Вториот сет на упатства е поврзан со IMASAR и бара негова правилна имплементација[34] и се залага за употреба на системи за известување воспоставени со цел олеснување на операциите на SAR. [35] Конечно, третиот сет на упатства е посебно посветен на координација со службите за спасување задолжени за локацијата каде што преживеаните биле пронајдени. Резолуцијата MSC.167(78) бара од капетаните да ги информираат надлежните служби за спасување за нивните дејства во врска со спасувањето[36] и да се усогласат со инструкциите на државата задолжена за регионот на SAR каде што преживеаните биле пронајдени.[37] Сепак, може да се појават два предизвика кои се адресирани со упатствата: прво, ситуација во која областа не е опфатена со назначена служба за SAR или каде што тие не се достапни. Во тој случај, IMO препорачува капетанот да контактира друг RCC или која било друга влада која може да помогне.[38] Второ, и клучно, капетанот треба да „се осигура дека преживеаните нема да бидат истоварени на место каде што нивната безбедност ќе биде дополнително загрозена".[39] Резолуцијата, сепак, не ја регулира околноста за тоа како да се артикулира обврската да се почитуваат инструкциите на државата одговорна за зоната на SAR и забраната за симнување на преживеаните на „небезбедно" место. Овие спротивставени обврски создале тешки ситуации во минатото, особено за невладините организации кога било побарано да ги симнат преживеаните во Либија.[40]

Покрај тоа, Прирачникот на IAMSAR , бил усвоен во 1999 година од страна на IMO, за да ги замени и Прирачникот за потрага и спасување на трговски бродови од 1971 година (MERSAR) и Прирачникот за потрага и спасување од 1978 година (IMOSAR). Прирачникот воод три тома е заеднички воздухопловен и поморски пристап за организирање и обезбедување на услуги за потрага и спасување. Целта на прирачникот е да обезбеди насоки за капетанот на секој брод кој може да биде повикан да учествува во операции за

[34] Ibid., point 5.1.3
[35] Ibid., point 5.2.
[36] Ibid., point 5.1.5
[37] Ibid., point 5.1.7.
[38] Ibid., point 5.1.4.
[39] Ibid., point 5.1.6.
[40] Видете ја одлуката на Италијанскиот трибунал во Дуброва, 16 април 2018 година, RG n. 1182/2018: спасувачката невладина организација (Open Arms) не е само одговорна за операциите за потрага и спасување, туку има право на глас во обезбедувањето на безбедноста при истоварувањето во согласност со принципот на забрана за враќање. Трибуналот наредил итно ослободување на бродот со оглед на тоа дека Либија не може да се смета за безбедно место. За краток коментар, видете В. Пасалаква, "Случајот "Отворени раце": Усогласување на поимот "место на безбедност" со човековите права на мигрантите", *Ejil Talks!* 21 мај 2018 или С. Focarelli, *Меѓународно право*, Edward Elgar Publishing 2019, 138.6.

потрага и спасување, без разлика дали е јавен или приватен брод. Иако се применува за приватни бродови, Прирачникот главно е насочен кон SAR единици. Сепак, Том III содржи релевантни упатства за приватните бродови, вклучувајќи процедури за подготовка за SAR мисија но исто така и координација на местото, организацијата на бродот и безбедносните барања. Прирачникот исто така ги повикува приватните бродови да усвојат систем за известување и да испраќаат редовни извештаи до органот кој управува со системот за известување на бродови за SAR и други услуги поврзани со безбедноста. Овие системи за известување, како што *е Амвер*, се од суштинско значење за идентификување на бродовите во близина на ситуација на опасност, за да се контактираат бродовите, да се намали времето за одговор и да се избегне повикување на дополнителни бродови за помош, но исто така и за да се добијат информации за бродот, како што е присуството на лекар на бродот.[41]

Процедурите за реагирање во итни случаи, вклучувајќи ги и спасувачките операции на морето исто така може да се најдат во Меѓународниот кодекс за управување со безбедност (ISM),[42] Кодексот за меѓународни бродови и пристанишни објекти (ISPS),[43] Меѓународниот медицински водич за бродови[44] и Водич за бродска хигиена.[45] Овие инструменти бараат компанијата и бродот да имаат посебен план во случај на итност: системот за управување со безбедноста на компанијата (SMS) и планот за безбедност на бродот (SSP).

Земени заедно, овие инструменти на IMO даваат практични инструкции и потсетуваат на правната и оперативната рамка која се применува на операциите на SAR на море. Сепак, бројот на инструменти, нивната сложеност и недостатокот на релевантност за спасувачки мисии од големи размери, доведоа до тоа меѓународната транспортна индустрија да издаде свои упатства, обидувајќи се да ги идентификува во сите овие инструменти, принципите кои се применуваат во специфичната ситуација на спасување на голем број мигранти и да ги земе предвид и да ги реши прашањата и

[41] IAMSAR Manual, Volume III Section 1, 1-3 and 1-4

[42] The International Safety Management (ISM) Code was adopted by IMO's MSC in 1993 by resolution A.741(18) and entered into force, on 1 July 1998.

[43] The International Ship and Port Facility (ISPS) Code is part of the SOLAS Convention (chapter XI-2). It entered into force on 1 July 2004.

[44] The International Medical Guide for Ships was published by the World Health Organization in 1967 (04/21 – Third edition)

[45] The Guide to Ship Sanitation was published by the World Health Organization in 1967 https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/43193/9789241546690_eng.pdf?sequence=1, (04/21- Third edition). 44 ICS, Large Scale Rescu

предизвиците со кои се соочува бродската индустрија.[46] Насоките на ИКС *за Големи спасувачки операции на море за обезбедување на безбедноста и сигурноста на морепловците и спасените лица (*ICS *Large-Scale Rescue Operations at Sea Guidance on Securing and Security of Seafarers and Saved Persons/)* даваат упатства за тоа како најдобро да се подготват бродот и екипажот за можен голем спасувачки зафат (планови и процедури, обука, опрема за спасување, залихи со храна и вода итн.). Тие исто така содржат насоки за тоа како да се спроведе самата спасувачка операција (одговарање на повикот за помош, проценка и мониторинг на ситуацијата, преземање на спасените лица) и за тоа како да се управува со преживеаните откако ќе се најдат на бродот (безбедност на екипажот и бродот, сместување, заразни болести, санитарни услови и хигиена, медицинска грижа). Конечно, насоките го разгледуваат прашањето за симнување на преживеаните од бродот, потсетувајќи дека одговорноста за пронаоѓање безбедна локација лежи кај властите надлежни за SAR-зоната во која спасувањето се одвивало. Но, насоките одат подалеку од правните прашања и даваат практични совети за управување со личните предмети, дејствија по симнувањето (барање на тајни патници, ефективно чистење) или размислувања за благосостојбата на екипажот (стрес, замор, психолошко влијание, итн.).

Сепак, и покрај сите овие инструменти и насоки, изведувањето наSAR-операција останува со многу предизвици за приватен брод.

3. Предизвиците со кои се соочува приватниот сектор

Главните, но не и единствените предизвици со кои се соочуваат капетанот на приватен брод и неговиот екипаж при спроведување на голема спасувачка операција, се недостатокот на подготовка (2.1), недостаток на координација за истоварување (2.2) и управување со безбедносни, сигурносни и санитарни ризици (2.3).

3.1. Недостатокот на подготвеност

Првиот предизвик со кој се соочуваат приватните бродови е недостатокот на подготвеност, вклучувајќи го и недостатокот на обука на екипажот, но исто така и недостатокот на подготвеност на самиот брод во однос на опремата и процедурите.

Недостаток на обука. IMSAR прирачникот потсетува на потребата

[46] 4 ICS, Large Scale Rescue Operations at Sea Guidance on Ensuring the Safety and Security of Seafarers and Rescued Persons, second Edition 2015, https://www.ics-shipping.org/wp-content/uploads/2015/01/large-scale-rescue-at-sea-min.pdf

капетаните и офицерите на трговските бродови да бидат соодветно обучени.[47] Меѓународната конвенција за стандарди за обука, сертификација и набљудување на морнарите (STWC)[48] наведува дека секој морнар мора да добие основна обука за безбедност (Уредба A-VI/1, поглавје 2 од STWC), која вклучува комуникации, контрола на заморот, тимска работа и прашања поврзани со морската средина.. Основното знаење за тоа како да се спроведе спасувачка операција, не е вклучено во барањата за екипажот. Како резултат на тоа, малку членови на екипажот[49]- ако воопшто и има - се обучени за оваа конкретна мисија. Дел A-VI/2 од Конвенцијата е посветен на задолжителните минимални барања за издавање на сертификати за вештини поврзани со бродови за преживување, спасувачки чамци и брзи спасувачки чамци. Овој дел е главно посветен на безбедноста на самиот брод и начините за на напуштање на бродот, ако тоа е потребно. Сепак, да се биде обучен за процедури за влечење со помош на спасувачки брод, е од суштинско значење за да се спроведе голема спасувачка операција.[50]Во рамките на Конвенцијата на STWC, моделните курсеви 1.23 и 1.24 препорачуваат еден час обука, која генерално, не се изведува и реализира.[51]

Недостаток на опрема и прецизни безбедносни процедури на бродот. Соодветните процедури треба да бидат планирани од страна на Безбедносните планови на бродовите.[52] Како и да е, голем број на мали приватни бродови немаат таков план на бродот. Освен тоа, опремата на бродот, без оглед на неговата големина, често не е доволна за да се изврши голема SAR операција, особено во однос на безбедноста, санитарните услови, снабдувањето со храна и вода. Водичот на Меѓународната бродска комора за *спасувачка операција во големи размери на море* може да обезбеди практични решенија за овие конкретни прашања.

3.2. Недостаток на координација за истоварување

„Обврската на капетанот да пружи помош треба да ја надополни соодветната обврска на владите-членки на IMO да се координираат и соработуваат во ослободување на капетанот од

[47] IAMSAR Manual, Volume III, 2.63.

[48] International Convention on Standards of Training, Certification and Watchkeeping for Seafarers (STWC), 7 July 1978, entered into force 28 April 1984.

[49] Shipmasters, Security officers, and every person designated to provide medical first aid on board a vessel are supposed to receive appropriate training (STWC Convention).

[50] See infra

[51] L. Iussich and L. Maglic, "Search and rescue operations of Immigrants at sea", cit. supra note 2, p. 55

[52] Таквиот план е задолжителен за бродовите во меѓународната трговија според ISPS Code.

одговорноста да обезбеди понатамошна грижа за преживеаните и да ги достави лицата извлечени од море на безбедно место".[53] Резолуцијата MSC.167 (78) не може да биде појасна: со цел системот за спасување да функционира правилно и да ја исполни својата мисија за спасување на човечки животи на море, и капетаните и државите треба да ги исполнат своите обврски, особено во однос на истоварувањето.

Конвенцијата за спасување се базира на мрежа на региони за потрага и спасување, за кои секоја страна е одговорна. Во однос на истоварувањето, Конвенцијата ја обврзува државата одговорна за зоната на спасување да најде безбедна локација што е можно поскоро. Навистина, амандманите од 2004 година обезбедуваат:

> *Страната одговорна за регионот за потрага и спасување во кој е испорачана таквата помош ќе има примарна одговорност за обезбедување на таква координација и соработка, така што преживеаните на кои им се помага ќе бидат истоварени од бродот за помош и доставени на безбедно место, земајќи ги предвид посебните околности на случајот и насоките развиени од страна на Организацијата. Во овие случаи, релевантните страни ќе организираат таквото истоварување да се изврши што е можно поскоро.*[54]

Покрај тоа, Конвенцијата има за цел да се осигура дека капетаните на бродовите кои обезбедуваат помош со качување на лица во неволја на море, се ослободени од нивните обврски со минимално понатамошно, отстапување од првичната рута на бродот. Оваа одредба е исклучително важна ако трговски брод е вклучен во спасувачката мисија.

Како резултат на тоа, државата одговорна за SAR зоната на има примарна одговорност да најде безбедна локација, со минимално понатамошно отстапување за трговскиот брод.[55] Сепак,

---

[53] Resolution MSC.167(78), cit. note 27.

[54] Resolution MSC.155(78), Amendments to the international convention on maritime search and rescue, 1979, 20 May 2004. Malta has not accepted these amendments

[55] Види на пример: K. Gombeer and M. Fink, "Non-Governmental Organisations and Search and Rescue at Sea", Marsafelaw Journal, 4/2018, p. 1-25; J. van Berckel Smit, "Taking Onboard the Issue of Disembarkation. The Mediterranean Need for Responsibility-Sharing after the Malta Declaration", European Journal of Migration and Law, 2020, pp. 492-517 or K. Neri, "The Missing Obligation to Disembark Persons Rescued at Sea", Italian Yearbook of International Law, 2018, pp. 47-62

SAR Конвенцијата не бара оваа локација да биде посебна територија или пристаниште. Освен тоа, оваа обврска не постои ниту за државата на знамето, ниту за спасувачките бродови. Во 2009 година, Комитетот за олеснување на IMO објави документ насловен како „Принципи кои се однесуваат на административните процедури за истоварување на авионите спасени на море“, обезбедувајќи понатамошни насоки за ова прашање.

> Ако истоварувањето од спасувачкиот брод не може брзо да се организира на друго место, Владата одговорна за SAR треба да го прифати истоварувањето на спасените лица во согласност со имиграционите закони и прописи на секоја земја-членка, на безбедно место под нејзина контрола каде што спасените лица можат да имаат навремен пристап до спасувачка поддршка.[56]

Ова е само препорака. Затоа, ситуациите во кои луѓето спасени на море морале да чекаат на брегoвите на Австралија, Италија или Малта неколку дена или недели пред да им се каже каде да се симнат, секако претставува прекршување на обврската да се обезбеди безбедна локација „штом е разумно можно“, но не се прекршува „непостоечката“ обврска да се дозволи пристап на спасените лица во пристаништата на државата..[57]

За да се спречат овие проблеми, Резолуцијата MSC.167(78) ги повикува земјата чие знаме се вее на бродот, и крајбрежните држави да „имаат ефективни договори за навремена помош на капетаните во ослободувањето од лицата пронајдени од бродовите на море“.[58] Навистина, недостатокот на координација меѓу медитеранските држави има сериозни последици и за приватните бродови кои учествуваат во SAR мисијата и за преживеаните, како што драматично е истакнато во инцидентите *Капанамур*[59], *Пинар*[60] или *Мерск Етјен*. Во случајот *Пинар*, на пример, турски трговски брод спасил 153 лица на брегот на Лампедуза, во Малтешката зона за

[56] 4 IMO, Principles Relating to Administrative Procedures for Disembarking Persons Rescued at Sea FAL.3/Circ.194 (22 January 2009).
[57] K. Neri, “The Missing Obligation to Disembark Persons Rescued at Sea”, cit. supra note 53.
[58] Resolution MSC.167(78), cit. supra note 27
[59] S. Trevisanut, « Le Cap Anamur. Profiles de droit international et de droit de la mer », Annuaire du Droit de la Mer, 2004, pp. 49-64
[60] See “Pinar. Alta tensione con Malta, Larmatore: "Situazione tragica"," La Repubblica, 18 April 2009; “I migranti del Pinar in Sicilia,” in Corriere della Sera, 19 April 2009; “Maroni Claims Malta Sent 40,000 Migrants to Italy,” Times of Malta, 21 April 2009

истражна и спасувачка акција. Италија и Малта тогаш им забраниле пристап на *Пинар* до нивните територијални води и нивните пристаништа.[61]

Европските држави сè уште не успеваат да усвојат јасна заедничка стратегија за истоварување. Сепак, токму за да се најде решение за проблемите со истоварувањето беа усвоени самата SAR Конвенција и нејзините амандмани од 2004 година, следејќи ги соодветно кризата во Југоисточна Азија и инцидентот „Тампа“ крај брегот на Австралија. Како потсетување, кога соседните држави на поранешна Индокина во доцните 1970-ти решија да ги затворат своите граници и повеќе да не прифаќаат истоварување на мигранти, трговските бродови, не успеаја да ги вршат спасувачките операции, што доведе до масовна хуманитарна криза[62]. Во 1979 година, УНХЦР веќе го покрена прашањето за истоварување во првото пристаниште или гаранции за раселување од страна на земјите на знамето.[63]

Планот за акција предложен од Генералниот секретар ги вклучуваше следниве повици до приватните бродови и владите:

> (q) Илјадници бродски случаи загинаа на море. Оние кои се во неволја *мора да бидат спасени* пред да умрат и *капетаните на бродовите во областа мора скрупулозно да го почитуваат законот на морето во овој поглед.* [...]

[61] 9 S. Trevisanut, “Search and rescue operations in the Mediterranean”, cit. supra note 12. See also R. L. Kilpatrick “Why Evolving European SAR Policies threaten Merchant Shipping”, cit. supra, note 2, p. 53: "Од една страна, тие се морално и правно обврзани да одговорат на барањата за помош на море и да се координираат со државните RCC за да ги испратат преживеаните на безбедно место. Ако тие не ги исполнат овие обврски, луѓето на кои им е потребна помош може да умрат, а бркапетаните исто така може да се соочи со кривично гонење. Но, од друга страна, ако операторите на трговски бродови ги почитуваат своите законски обврски, тие зависат од државите брзо да утврдат безбедно место за истоварување. Ако државите ги укинат овие одговорности, капетаните на приватните бродови не можат да ги исполнат своите должности без да ги стават животите на ризик и да претрпат значителна економска штета.

[62] UN General Assembly, Meeting on Refugees and Displaced Persons in South-East Asia, convened by the Secretary-General of the United Nations at Geneva, on 20 and 21 July 1979, and subsequent developments: Report of the Secretary-General, 7 November 1979, A/34/627 and Opening Statement by Mr. Poul Hartling, United Nations High Commissioner for Refugees, at the Consultative Meeting with Interested Governments on Refugees and Displaced Persons in South-East Asia, Geneva, 11 December 1978, https://www.unhcr.org/admin/hcspeeches/3ae68fce4c-/opening-statement-mr-poul-hartling-united-nations-high-commissioner-refugees.html

[63] Report of the Secretary-General, 7 November 1979, A/34/627 para. 35

(r) Во рамките на сите предвидени решенија, *владите на првото пристаниште мора да дозволат истоварување* на сите спасени.[...][64]

Повеќе од 40 години подоцна, и покрај усвојувањето на SAR Конвенцијата и нејзините амандмани, проблемот сè уште не е решен.

3.3. Безбедносни, сигурносни и санитарни прашања

Современите трговски бродови не се погодни за извршување на SAR операции воопшто, особено кога вклучуваат голем број луѓе во исто време, значително побројни од екипажот. На пример, во октомври 2016 година, танкер со екипаж од 21 морнар, спасил над 1500 луѓе од гумени чамци[65]. Тие нудат несоодветно засолниште, медицинска нега или санитарни услови, и имаат ограничени резерви на храна и вода на бродот.

Но, покрај условите за живеење на бродот, операцијата на SAR БиС е исто така голем предизвик за екипажот во однос на сигурноста и безбедноста.

Ризиците поврзани со закрепнувањето. Операцијата за обновување сама по себе е многу опасна, како поради технички проблеми, така и поради човечките ризици. На пример, во април 2015 година, контејнерски брод под португалско знаме, *„Кралот Џејкоб*“ одговорил на повик за опасност на брод со повеќе од 800 луѓе. За време на спасувачката операција, бродот за мигранти се судрил со *бродот Кинг Џејкоб*, предизвикувајќи смрт на стотици луѓе.[66]

За спасување можат да се користат два главни метода, и двата деликатни. Методот „брод на брод“ подразбира приврзување на бродот во неволја покрај трговскиот брод и користење на бродски премин. Овој метод е изводлив само при добри временски услови. Ако првиот метод не е применлив, екипажот ќе го примени „методот со спасувачки чамец“: или со спасувачки чамец ќе го влече бродот во опасност (или спасувачкиот плот), или ќе ги пренесува луѓето во помали групи до спасувачкиот чамец. Обата метода носат сериозни ризици и се деликатни, но употребата на спасувачки чамец е особено сложена

[64] Ibid., para. 37q) and r)

[65] IMO Media Center: <https:// www.imo.org/en/MediaCentre/PressBriefings/Pages/29-mixedmigration.aspx> (04/21).

[66] М. Меско, "Како искушението на мигрантите се претвори во трагедија на море", *The Wall Street Journal,* 21 април 2015 година, <https:// www.wsj.com/articles/captain-error-caused-migrant-ship-to-capsize-investigators- say-1429614614> (04/21).

бидејќи тој, воопшто, е значително помал и полесен од бродот во неволја и затоа е нестабилен во случај на панични реакции на очајни луѓе кои се фрлаат кон спасувачкиот чамец.

Ризиците на бродот. Безбедносни прашања, исто така, може да се појават ако меѓу лицата во неволја се присутни криминалци. Оваа можност често е предложена од бродската индустрија[67] или некои научници.[68] Сепак, е ретка што практиката речиси не постои. За да се адресира овој ризик, некои предлагаат патниците да се информираат пред качување на бродот дека оружје или дрога не се дозволени, да се врши груба лична проверка при влегување, како и систематска употреба на рачни метални детектори за да се проверат спасените дали носат оружје..[69]

Во пракса, прашањата за безбедност и актите на насилство произлегуваат од очајот на преживеаните, на пример кога не може брзо да се најде место за истоварување или кога сфаќаат дека ги враќаат во земјата од која тргнале. На пример, кога преживеаните на бродот „Elhiblu 1“ сфатија дека бродот што ги спасил се враќа во Либија, употребија насилство за да го принудат капетанот и екипажот да ја сменат насоката и да ги однесат во Малта. На 28 март 2019 година малтешките сили го запреа бродот пред да влезе во водите на Малта и презедоа контрола; тројца млади мажи беа уапсени и кривично се гонат во Малта.. Слично на тоа, во јули 2018 година, било објавено дека мигрантите спасени од италијанскиот брод за снабдување на платформи, *Вос Таласа*, му се заканиле на екипажот кога откриле дека ги враќаат во Либија.[70] Италијанската крајбрежна стража интервенирала и ги префрлила мигрантите на брод на крајбрежната стража на море.[71]

---

[67] A. Adamopoulos, “Shipowners Worried for Crew After Vessel Hijacked by Migrants”, Lloyd’s List, 28 March 2019 (04/21); L. Tondo and J. Rankin, “Rescued Migrants Hijack Merchant Ship Off Libya”, The Guardian, 27 March 2019 (04/21)

[68] L. Iussich and L. Maglic, “Search and rescue operations of Immigrants at sea”, cit. supra note 2, p. 55.

[69] 7 Ibid., p. 55

[70] T. Kington and D. Charter, “Mutinous migrants threaten to kill Italian crew after rescue”, The Times, 11 July 2018 (04/21). Two men were prosecuted for violent and intimidating actions against the crew of the Vos Thalassa. However, the Tribunal of Trapani acquitted both defendants on the grounds of self-defence (well-founded fear of return to Libya). Tribunal of Trapani, Office of the Judge for Preliminary Investigations (Piero Grillo), 23-05-2019. To read a summary of the decision: https://www.asylumlawdatabase.eu/en/case-law/italy-tribunal-trapani-office-judge-preliminary-investigations-piero-grillo#content

[71] Similarly, in November 2018, 77 survivors refused to leave a Panamanian-flagged cargo ship, the Nivin, when arriving in Misrata (Libya) after being rescued off the Libyan coast: “Rescued migrants refuse to leave ship taking them to Libya”, BBC, 18 November 2018 (accessed April 2021).

Санитарни прашања. Капетанот на спасувачкиот брод исто така треба да ги земе предвид ризиците за екипажот во однос на здравјето, физиолошките и психолошките потреби. Подиректен ризик се јавува кога некој од спасените страда од заразна болест. Кризата со КОВИД-19 ја влоши ситуацијата. По една година пандемија, Меѓународната поморска спасувачка федерација издаде упатства[72] за тоа како да се продолжи со спасувачката операција во овој контекст. Клучните приоритети беа да се минимизира ризикот од инфекција за екипажот, додека се обезбедува ефикасно спасување и се пружаат спасувачки услуги. Упатствата се наменети за SAR услуги, а не за приватни бродови, но тие содржат релевантни општи принципи кои треба да се применуваат во која било SAR операција за време на пандемијата.

На пример, изготвување на план за одговор за сомнителна инфекција кој содржи обезбедување на соба/област каде лицето може безбедно да биде изолирано и заштитено, барање за темелно чистење на сите области во кои било заразеното лице и индикации за тоа кој треба да се контактира за помош и како да се повика помош.

Заклучок

Европските политики за миграција по море, особено недостатокот на јасни правила за истоварување, ја стават транспортната индустрија во неодвоива ситуација и ја загрозуваат животоспасувачката SAR мисија . Несомнено е дека повеќето од капетаните продолжуваат да учествуваат во спроведувањето на обврската да им дадат помош, понекогаш дури и со храброст.[73] Сепак, невладините организации и морнарите, исто така, укажале на ретка, но растечка тенденција трговските бродови да целосно да избегнуваат да се вклучат во спасувањето.[74]

---

[72] Меѓународна поморска федерација за спасување, Упатство за одговор на пандемија за поморски организации за потрага и спасување, февруари 2021 година. <https://www.international-maritime- rescue.org/Handlers/Download.ashx?IDMF=7fee8ef0-5c28-4fc7-b365-6312000dec1f >(04/21).

[73] IMO, Assembly, resolution A.1093(29) Special recognition for merchant vessels and their crew involved in the rescue of mixed migrants at sea. the IMO Assembly delivers certificates for the bravery, professionalism and compassion displayed by crews of merchant vessels in the rescue of migrants at sea. For instance, the IMO awarded the Captain and the crew of the Okyroe, who rescued 1,536 people from rubber dinghies in 2016

[74] R. L. Kilpatrick, Jr, "Why Evolving European SAR Policies threaten Merchant Shipping", cit. supra note 2. See also: F. D'Emilio, "Aid Groups: Ships Not Willing to Save Mediterranean Migrants", Associated Press, 12 August 2018 (04/21); T. Kington, "Captains 'Hide Ship Locations in Med to Avoid Migrant Rescues", The Times, 1 August 2018 (04/21).

Џорџа Бевилаква[1]

СВЕТЛИ И ТЕМНИ СТРАНИ НА ИТАЛИЈАНСКОТО УПРАВУВАЊЕ СО НЕРЕГУЛАРНАТА МИГРАЦИЈА ВО ЦЕНТРАЛНИОТ МЕДИТЕРАН

Превод од италијански јазик проф. д-р Радица Никодиновска[2]

1. Вовед

Географските карактеристики на Италија, која, со повеќе од 7 000 километри крајбрежје, се протега во срцето на Средоземното Море, отсекогаш ја правеле територија особено изложена на феноменот на нерегуларна миграција по море. Сепак, по востанијата кои се запишани во историјата како „Арапска пролет“, миграциските текови од брегoвите на Северна Африка нагло се зголемија. Статистичките податоци, објавени од страна на Агенцијата за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР), покажуваат дека во последните осум години повеќе од 2,3 милиони мигранти и бегалци го преминале Медитеранот за да стигнат до јужните крајбрежја на европскиот континент.[3]

Како одговор на тоа, земјите погодени од овој феномен можат да реагираат на различни начини. Во оваа смисла, може да се каже дека на местото на политиките за прифаќање и интеграција, применети онаму каде што мигрантите се сметаат како можност за економски и културен развој, сè почесто се применуваат политики на одбивање, онаму каде што мигрантите се сметаат како фактор на ризик по благосостојбата, јавниот ред и националната безбедност.[4] На тоа треба да се додаде дека

---

[1] Џорџа Бевилаква е вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Луиџи Ванвители“ во Казерта, Италија, email: Giorgia.bevilacqua@unicampania.it;

[2]Професор Радица Никодиновска е редовен професор на Катедрата за италијански јазик при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, email: rnikodinovska@gmail.com.

[3]United Nations, *High Commissioner for Refugees (UNCHR),* https://storymaps.arcgis.com/-stories/07502a24ce0646bb9703ce96630b15fa . За анализа на податоците за пристигнување на пристаништата, се упатува на: Fondazione ISMU, Ventisettesimo Rapporto sulle migrazioni 2021, Milano, 2022, e VILLA, Fact-checking: migrazioni 2021, 13 luglio 2021, Istituto degli Studi di Politica Internazionale: https://www.ispionline.it/it/pubblicazione/ispitel-fact-checking-migrazioni-2021-31027

[4] Во однос на политиките за враќање по море, треба да се потсетиме дека во добро познатиот случај *Хирси Џамаа*, италијанската влада беше осудена за враќање во Либија на брод кој превезувал мигранти. Види во Европски суд за човекови права (Голем судски совет), пресуда од 23 февруари 2012 година, Hirsi Jamaa and others agains Italy, Application. Nr. 22765/12; меѓу другото, види и. Liguori, *La Corte europea dei diritti dell'uomo condanna l'Italia per i respingimenti verso la Libia del 2009: il caso* Hirsi, *Rivista di diritto internazionale*, 2012,

кога мигрантите доаѓаат преку море по нелегални канали, за правните системи на засегнатите држави се јавуваат уште два дополнителни проблеми; тие држави, во согласност со прописите на меѓународното право за правото на морето, од една страна, мора да се спротивстават на кривичните дела поврзани со миграциите – пред сè на трговијата со мигранти, и од друга страна, должни се да ги заштитат животите и основните права на оние што нелегално се движат и стануваат жртви на тие кривични дела. Во однос на меѓународното договорно право, Италија, но и многу други држави, се обврза да ја постигне двојната цел односно да се бори против транснационалната трговија на мигранти и истовремено да обезбеди заштита на жртвите преку *ad hoc* правен инструмент. Станува збор за Протоколот за борба против трговијата на мигранти по копно, море и воздух (Протоколот од Палермо), чија цел е токму: „спречување и борба против трговија на мигранти, како и поттикнување на соработката меѓу државите членки во таа насока, заштитувајќи ги притоа правата на криумчарените мигранти.[5] Во текот на втората половина на минатиот век, две децении пред Протоколот од Палермо, слични но пошироки поставени цели беа опфатени и со други инструменти на меѓународното право на морето, се мисли првенствено на Конвенцијата од Монтего Беј за правото на морето (Конвенција од Монтего Беј), каде правилата за примена на полициските овластувања против сомнителни странски бродови коегзистираат со правилата насочени кон заштита на безбедноста на бродовите, екипажот и патниците.[6] Освен тоа, во врска со поморската безбедност, треба да се потсетиме на уште две други специфични конвенции чија потписничка е и Италија, наменети за заштита на човечкиот живот на море (Конвенцијата SOLAS)[7] и на регулирање на активностите за пребарување и спасување (Конвенцијата SAR).[8] Во практичка смисла,

---

p. 415 ss; Moreno-Lax, *Hirsi v Italy or the Strasbourg Court v Extraterritorial Migration Control?, Human Rights Law Review*, 2012, p. 574 ss.

[5] Дополнителен протокол кон Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал за борба против криумчарење на мигранти по копно, море и воздух, склучен во Њујорк на 15 ноември 2000 година, стапи во сила на 28 јануари 2004 година, United Nations*, Treaty Series,* V, UN Doc. A/55/383, стр. 507, особено во чл. 2. Протоколот и Конвенцијата беа ратификувани и стапиле во сила во Италија со Закон бр. 146, од 16 март 2006.

[6] Конвенцијата на Обединетите нации за правото на морето, склучена во Монтего Беј на 10 декември 1982 година, стапи во сила на 16 ноември 1994 година, и е ратификувана и стапува во сила во Италија со Законот бр. 146 од 16 март 2006.

[7] Конвенцијата за спасување на човечкиот живот на море (SOLAS), усвоена на 1 ноември 1974 година од страна на Меѓународната конференција за безбедност на човечкиот живот на море одржана во рамките на Меѓународната поморска организација (IMO), и стапува во сила на 25 мај 1980 година.

[8] Конвенцијата за пребарување и спасување (SAR), усвоена во Хамбург на 27 април 1979 година, стапува во сила на 22 јуни 1985 година, и е ратификувана и спроведена во Италија со Законот бр. 147 од 3 април 1989, adesione alla convenzione internazionale sulla ricerca ed il salvataggio marittimo, in *Gazzetta Ufficiale*, n. 97 del 27 aprile 1989.

мерките што ги презедоа различни државни органи на нашата земја за справување со зголемените нерегуларни миграциски текови на море се многубројни и од различна природа.[9] Во некои случаи стануваше збор за иновативни и ефикасни решенија, но, во други случаи, пак, преовладуваше дискутабилна и кратковидна безбедносна логика.

Со оглед на оваа сложена ситуација која е сè уште во тек на дефинирање, сметаме дека е неопходно понатамошниот дел од нашата анализа да го посветиме на анализа на италијанската стратегија за справување со миграцискиот притисок на јужните брегови на земјата. За таа цел, ќе започнеме со преглед на најзначајните одлуки што ги има донесено Италија, како самостојно така и во рамките на институционалниот контекст на Европската Унија (дел 2). Потоа ќе ја провериме нивната усогласеност со широкиот спектар на правила од меѓународното поморско право, од кои произлегуваат прецизни обврски што Италија мора да ги почитува и како крајбрежна држава и како држава на знамето (дел 3).

Уште во воведот треба да се истакне дека, од географска гледна точка, истражувањето се фокусира на централниот Медитерански регион. Постојат бројни морски рути што ги користат трговците со луѓе за нелегално пренесување на илјадници мигранти од Африка во Европа. Сепак, во последниве години, најфреквентна и најрелевантна за италијанското крајбрежје е опасната централно-медитеранска рута, која води од Тунис, Египет или Либија кон Малта, но пред сè кон Италија.

2. Управување со миграциските текови во централниот Медитеран: италијанската практика

За мигрантите, пристигнувањето на јужните брегови на Италија значи да се стават во рацете на вешти и снаодливи криминалци, кои, пред сè, се свесни за ограничувањата што меѓународното поморско право ги наметнува во однос на примената на државната јурисдикција во различните морски зони.[10] Конкретно, она што би сакале да го истакнеме во врска со криминалното однесување на трговците со луѓе кои делуваат во централно-медитеранската рута е тоа што тие најчесто пловат од либискиот брег со т.н. матичен брод полн со мигранти и кога ќе стигнат до надворешната граница на либиското територијално море,

[9] Зголемувањето на миграциските текови во Италија имаше важно влијание врз нашиот правен систем, чија прва реакција беше прогласување на хуманитарна криза. Види Декрет на Претседателот на Советот на министри, *Dichiarazione dello stato di emergenza umanitaria nel territorio nazionale in relazione all'eccezionale afflusso di cittadini appartenenti ai paesi del Nord Africa*, n. 11A02242, 12 febbraio 2011, in *Gazzetta Ufficiale* Serie Generale n. 42 del 21-02-2011.

[10] SCOVAZZI, *"Human Rights and Immigration at Sea",* in *Rubio-Marín* (ed.), *Human Rights and Immigration*, Oxford, 2014, стр. 213 и сл.

ги принудуваат да се префрлат на други помали и понестабилни бродови со ограничени резерви на вода, храна и гориво. Откако ќе се префрлат на помалите пловила, мигрантите често се принудувани сами да управуваат со пловилата, додека криумчарите непречено се враќаат кон либиското крајбрежје.[11]

Како резултат на тоа, јасно е дека за Италија, управувањето со миграциските текови на нејзините јужни брегови значи справување со два комплексни и меѓусебно поврзани предизвици. Првиот се однесува на интервенцијата против трговците со луѓе кои би можеле да се наоѓаат на различни видови пловила, во различни морски зони, вториот е интервенција во корист на мигрантите кои се во сериозна животна опасност.

Како што беше споменато во воведниот дел, мерките преземени од страна на Италија за решавање на овој двоен предизвик се бројни и од различна природа. За полесно разбирање и анализа, ќе ги групираме во три последователни фази, кои одговараат на три различни временски периоди.

2.1. Од хуманитарната криза до проактивната интервенција на италијанските власти

Првата фаза се однесува на двегодишниот период 2013-2014. Она што ја одбележа колективната меморија на овој период е еден многу специфичен датум. На 3 октомври 2013 година, повеќе од 360 луѓе ги загубија своите животи во бродоломот што се случи на неколку морски милји оддалеченост од островот Лампедуза. Но тој настан остана незаборавен и од друга причина, успеа да предизвика силни реакции од страна на италијанските институции, пред сè во однос на заштитата на човечкиот живот на море.

Така започна сега добро познатата операција *Mare Nostrum*, воена операција со извонреден хуманитарен карактер, востановена од страна на италијанската влада на 18 октомври 2013 година. Операцијата беше координирана од страна на воената морнарица, но вклучуваше неколку национални и европски администрации, чии воздушни и поморски средства патролираа во голем дел од Медитеранот, излегувајќи надвор од надворешната граница на италијанското територијално море, со главна цел да се спасат и потоа да се истоварат во Италија мигрантите

[11] За *modus operandi* најчесто применуван од страна на шверцерите, види, CATALDI, *Giurisdizione e intervento in alto mare su navi impegnate nel traffico di migranti*, *Giurisprudenza Italiana*, 2015, p. 1498 ss.; I. Papanicolopulu, *Immigrazione irregolare via mare ed esercizio della giurisdizione: il contesto normativo internazionale e la recente prassi italiana*, in ANTONUCCI, PAPANICOLOPULU, *L' immigrazione irregolare via mare nella giurisprudenza italiana e nell'esperienza europea*, (a cura di T.Scovazzi), Torino, 2017, p. 1 ss.

од Либија.[12] Повеќе од 150000 луѓе беа спасени благодарение на таа иницијатива.[13] Но токму нејзиниот успех предизвика нејзино прекинување на 31 октомври 2014 година. И ФРОНТЕКС и внатрешната политичка опозиција веруваат дека *Маре Нострум* е само по себе фактор на привлекување за мигрантите, кои наводно биле поттикнати да го напуштат либискиот брег благодарение на големата веројатност да бидат пресретнати и спасени од страна на италијанските власти на широка морска зона.

Во првата фаза, хуманитарните активности за потрага и спасување (SARS) коегзистираа со помалку познати полициски активности насочени кон борба против трговија на мигранти. Координацијата на овие иницијативи ѝ беше доверена на Националната дирекција за борба против мафијата (DDA) на иницијатива на окружните дирекции кои се најзасегнати со истоварувањето на мигрантите: Реџо Калабрија, Лече, но пред сè Катанија. На нивна иницијатива, ДДА им даде насоки [14] на окружните обвинителства и полициските органи за координирана интервенција на италијанските поморски и воздушни сили во меѓународни води, кога има индиции за кривично дело – особено за злосторничко здружување[15] со цел поттикнување нелегална миграција. [16] Во случај на сомнеж за поврзаност со италијанска територија, се повикуваа на интервенција дури и во меѓународни води, како против „матичните“ бродови така и против помалите пловила. Како резултат на оваа стратегија, стотици осомничени трговци со луѓе беа уапсени, согласно оперативните насоки на DDA.

2.2. Управување со вонредни ситуации на море во соработка со невладини организации и европските партнери

Втората фаза одговара на двогодишниот период 2015-2016. Најважен факт од оваа фаза, од која произлезе серија значајни

[12] За повеќе информации за администрациите кои се вклучени и оперативните методи на *Mare Nostrum*, види ја рубриката посветена на таа тема на веб-страницата на морнарицата: https://www.marina.difesa.it/cosa-facciamo/per-la-difesa-sicurezza/operazioni-concluse/Pagine/mare-nostrum.aspx.

[13] CARRERA, DEN HERTOG, "Whose Mare? Rule of Law Challenges in The Field of European Border Surveillance in The Mediterranean", CEPS Centre for European Policy Studies, Brussels, (Write Date: 27.01.2015, http://www.ceps.eu/system/files/LSE_79.pdf (16.04.2015).).

[14] DNA, Atto di indirizzo, 2014.

[15] Наведено во чл. 416 став 6 од Кривичниот законик.

[16] Наведено во член 12 став 3 од Законскиот декрет бр. 286 од 25 јули 1998 година. Усогласен текст за одредбите што се однесуваат на регулирањето на имиграцијата и нормите за статусот на странецот (т.н. единствен текст за имиграција), во Службен весник од 18 август 1998 година, бр. 191." меѓу многуте, на оваа тема, види, S. Trevisanut, Immigrazione irregolare via mare diritto internazionale e diritto dell'Unione europea, Napoli, 2012, p. 187 ss.

последици во однос на управувањето со миграциските текови во Медитеранот, е престанокот на *Mare Nostrum*. Италија остана ангажирана и во операции за потрага и спасување (SAR) и во борбата против трговијата со луѓе, но во однос на двата вида на активности, нејзината улога и придонес значително се менуваат.

Што се однесува до првата категорија на активности, институционалниот вакуум што произлезе од прекинувањето на *Mare Nostrum* беше пополнет со интервенција на приватни воздушно-поморски пловила, главно управувани од невладини организации (НВО) од различни националности. Во оваа фаза, екипите на НВО патролираа во морските зони кои се најизложени на опасност, даваа прва помош и ако беа доволно опремени, ги пренесуваа спасените луѓе на безбедно место за истоварување кое, во најголем број случаи е некое италијанско пристаниште.[17] Зоната во која делуваат приватните единици беше приближно како онаа во која претходно делуваа единиците координирани од воената морнарица, протегајќи се од италијанските територијални води до границата на либиските води. Во втората фаза, координацијата на спасувањата се враќа во рацете на Крајбрежната стража.[18]

Што се однесува до активностите за борба против трговија на мигранти, во втората фаза Италија активно придонесуваше во патролирање на Медитеранот, земајќи учество како во полициски операции, координирани од страна на ФРОНТЕКС така и во вистински воени операции. Првата, од долгата серија на полициски операции, се нарекува *Тритон*. Официјално започната на 1 ноември 2014 година, *Тритон* е резултат на компромисот помеѓу европските институции и италијанската влада, која се надеваше дека *Mare Nostrum* ќе добие европско продолжение. *Тритон* и подоцна *Тритон Плус*, беа насочени кон заштита на надворешната морска граница на ЕУ и се далеку од тоа да

[17] Во врска со безбедно место за истоварување, според точката 3.1.9 од Конвенцијата SAR: "[Државите] членките треба да обезбедат координација и соработка потребни за да се осигура дека капетаните на бродовите кои им помагаат на лицата во неволја на море се ослободени од нивните обврски и отстапуваат што е можно помалку од предвидената рута, под услов ослободувањето од таквите обврски да не ја загрозува дополнително безбедноста на човечкиот живот на море". DEL GUERCIO, *Is It Lawful to Save Human Lives at Sea? The Duty to Rescue, place of Safety and Principle of Non-refoulement in Italian Case-law*, *Federalismi.it*, 2022, p. 53; Turrini, *Between a 'Go Back!' and a Hard (to Find) Place (of Safety): On the Rules and Standards of Disembarkation of People Rescued at Sea*, *The Italian Yearbook of International Law*, 2018, p. 29 ss.

[18] За спасувањата од страна на невладините организации, види CUSUMANO, "*Emptying the Sea with a Spoon? Non-Governmental Providers of Migrants Search and Rescue in the Mediterranean",* in *Marine Policy*, 2017, p. 91 ss.; GOMBER, FINK, "*Non-Governmental Organisations and Search and Rescue at Sea", Maritime Safety and Security Law Journal*, 2018, http://www.marsafelawjournal.org/wp-content/uploads/2018/06/MarSafeLaw-Journal_Issue-4_Gombeer-and-Fink.pdf; Papanicolopulu*, "The Duty to Rescue at Sea, in Peacetime and in War: A General Overview*", *IRRC*, 2017, p. 495 ss.

вршат хуманитарни операции.[19] Следната операција, од воена природа, во која Италија, исто така, активно учествува, е наречена EUNAVFOR MED, која е основана во рамки на *Заедничката надворешна и безбедносна политика* (CFSP-ЗНБП)[20] на 18 мај 2015 година и има за цел да го „разбие *бизнис* моделот на трговците со луѓе во централниот и јужниот Медитеран“.[21] Првично, нејзиниот мандат се чини особено амбициозен, воздухопловните и поморските единици кои се вклучени можат да вршат притвори, инспекции, заплени и пренасочувања и да ги преземат сите неопходни мерки против бродовите и нивните средства за кои спостои сомнеж дека се користат за криумчарење и трговија со луѓе, како во меѓународните води, така и во територијалните води на Либија. Сепак, примената на ваквите дејствија во либиските води беа условени од резолуција на Советот за безбедност на Обединетите нации или од согласност на либиската држава.[22] Резолуцијата беше донесена, но дозволи дејствување на полициски сили само во меѓународни води, додека до либиска согласност никогаш не дојде.

Во однос на резултатите постигнати во оваа фаза, од извештаите на италијанската крајбрежна стража за 2016 година не може прецизно да се разграничи дали ФРОНТЕКС и EUNAVFORMED интервенирале за полициски или за спасувачки цели. Сепак, јасно е од тие извештаи дека бројот на луѓе случајно спасени од владините структури е многу помал од бројот на луѓе спасени од страна на невладини организации.[23]

2.3. Од ослободување од одговорност на Италија до регуларизација на нерегуларните текови

[19] Види Годишен извештај на Фронтекс за спроведувањето на Регулативата 656/2014, Варшава, 9 јули 2015 година, tp://frontex.europa.eu/assets/About_Frontex/Governance_documents/Sea_Surveillance/Sea_Surveillance_report_2014.pdf. За Операцијата Тритон, види: Frontex launches joint operation Triton', јануари 2017, 2017 година, http://frontex.europa.eu/news/ frontexlaunches-joint-operation-triton-JSYpL7

[20] https://www.europarl.europa.eu/factsheets/it/sheet/158/politica-estera-obiettivi-strumenti-e-risultati-conseguiti

[21] Одлука на Советот (CFSP) 2015/778 од 18 мај 2015 година за воена операција на Европската унија во јужниот дел на централното Средоземје, OJ L 122/31 од 19 мај 2015 година, особено член 1 и со оглед на (5).

[22] Одлука на CFSP, чл. 2. На темата, Decisione PESC, art. 2. In argomento, GESTRI, *EUNAVFOR MED: Fighting Migrant Smuggling Under UN Security Council Resolution 2240 2015*, *IYIL*, 2015, p. 21 ss.; SALVADEGO*, Il rispetto dei diritti umani fondamentali nel contrasto al traffico di migranti attraverso il Mediterraneo centrale*, *Il Diritto Marittimo*, 2017, p. 1122 ss.; VIRZO, *Coastal States and the Protection of Migrant Children at Sea,* in IPPOLITO, BIAGIONI (a cura di), Migrant Children: Challenges for Public and Private International Law, Napoli, 2016, p. 3 ss.

[23] Генерална команда на Корпусот на пристанишните власти – Крајбрежната стража, "Активности во Централното Средоземје", 2017, https://www.guardiacostiera-.gov.it/attivita/Documents/attivita-sar-immigrazione-2017/Rapporto_annuale_2017_ITA.pdf.

Во 2017 година започнува една подолга фаза во која Италија тежнее кон постепено напуштање на одговорноста во однос на управувањето со миграцијата во Средоземното Море. Иако зголемувањето на напливот од мигранти од Либија и од Тунис, не знае за одмор, неколку владини тела во нашата земја се дистанцираат од потребата да интервенираат на море, како во активности за потрага и спасување (SAR), така во борбата против трговијата со луѓе. Најмалку три околности ја потврдуваат оваа тенденција.

Како прво, уште од првите месеци на 2017 година, Италија официјално ја обнови соработката со либиските власти и потпиша вистински билатерален договор со кој ги делегира иницијативите за спасување на Либиската крајбрежна стража. Во 2020 година, повеќе од 11.900 луѓе биле пресретнати од страна на либиските власти и биле вратени во Либија.[24] И покрај тоа што Либија сè уште не ги исполнува условите утврдени од Меѓународната поморска организација (IMO) за воспоставување на SAR-зона, и иако не се смета за безбедна земја[25], овој договор редовно се обновува.[26]

Второ, интервенциите на море спроведени од страна на либиските партнери постепено стануваат сè понеусогласени со спасувањата спроведени од страна на невладините организации. Тоа се должи на фактот што италијанските власти, со широка поддршка на европските институции,[27] прво ги обесхрабруваат, а потоа ги попречуваат интервенциите за потрага и спасување од страна на невладините организации. Овие организации, кои претходно беа третирани како фактор на „привлекување“ на мигранти, стануваат предмет на серија истражни и судски постапки. Последицата од ваквите

[24] Канцеларија за координација на хуманитарни прашања на Обединетите нации (OCHA). (2020). Извештај за ситуацијата во Либија. Обединетите нации, *Високиот комесар за бегалци* (*УНХЦР*). (2018). Став на УНХЦР за враќање во Либија – Ажурирање II, септември 2018. и Меѓународната организација за миграции (МОМ). Исчезнати мигранти, следејќи ги смртните случаи по миграциските патишта.

[25] Бројни невладини и меѓународни организации официјално објавија дека Либија не може да се смета за безбедна земја. Види Amnesty International, Between the Devil and the Deep Blue Sea. Europe Fails Refugees and Migrants in the Central Mediterranean, 2018, p. 17 ss., www.amnesty.org; uNhCr, ioM, Заедничка изјава: International approach to Refugees and Migrants in Libya Must Change, 11 luglio 2019, www.unhcr.org. Во оваа смисла, исто така, судски одлуки. Така, на пример, во однос на внатрешното судтсво, одлукатата за одбивање на барањето за превентивно запленување од 16 април 2018 година на Судот во Рагуза, одделот за предистражни постапки, потврдена од страна на Апелациониот суд во Рагуза на 11 мај 2018 година во случајот Open Arms; DE VITTOR, Soccorso in mare e favoreggiamento dell'immigrazione irregolare: sequestro e dissequestro della nave Open Arms, in Diritti umani e diritto internazionale, 2018, pag. 443 ss.

[26] Меморандум за разбирање за соработка во областа на развојот, борбата против нелегалната имиграција, трговијата со луѓе, криумчарењето и зајакнувањето на граничната безбедност помеѓу Државата Либија и Италијанската Република, Рим, 2 февруари 2017 година.

[27] Фронтекс, Годишен извештај, цитиран.

истраги и поврзаните кривични и административни постапки[28] е спречување во вршење на активности за спасување во море и драстично намалување на приватни спасувачки бродови.

Трето, паралелно со судскиот план, на внатрешен нормативен план, владата донесе мноштво мерки кои ги ограничуваат хуманитарните активности на невладините организации во меѓународните и во италијанските територијални води. Да се потсетиме на најзначајните. На 7 август 2017 година, министерот за внатрешни работи, повторно со едногласна поддршка на европските колеги, донесе двосмислен документ, т.н. Кодекс Минити, кој, со серија подеднакво двосмислени правила, има за цел да го ограничи спасувањето од страна на невладините единици за сметка на либиските интервенции.[29] По правилата на однесување, необврзувачки на хартија, следеа во 2018 и 2019 година два добро познати декрети за безбедност[30] како и неколку министерски уредби за спроведување,[31] со кои нашата извршна власт постави дополнителни услови за нештетно преминување на невладини бродови кои пловат под странско знаме дури и во нашите територијални води.

Околу пет години по почетокот на третата фаза, безбедносната логика што ја насочува тенденцијата кон ослободување од одговорност не се покажа како далекувидна. Податоците на Обединетите нации покажуваат еден вид *на регулирање* на *нерегуларните* текови по должина

---

[28] За преглед на постапките покренати против приватни субјекти кои интервенираат во Медитеранот во активностите на SAR, види. Агенција за фундаментални права, "Ажурирано во 2019 – NGO Ships involved in Search and rescue in the Mediterranean and Criminal investigations", 2019, https://fra.europa. Eu ".

[29] Министерство за внатрешни работи, Кодекс на однесување за невладините организации ангажирани во операции за спасување на мигранти на море, 2017 година, достапен на официјалната страница на министерството: https://www.interno.gov.it/sites-/default/files/codice_condotta_ong.pdf. Во врска со поддршката на европските институции, на неформалниот состанок на министрите за правда и внатрешни работи, одржан на 6 јули во Талин, за време на естонското претседателство, министрите за внатрешни работи на ЕУ ја поздравија иницијативата за Кодексот на однесување. Италијанската иницијатива, исто така, беше вклучена во „Акциониот план за мерки за поддршка на Италија, за намалување на притисокот по должината на Централно-медитеранскиот пат и зголемување на солидарноста", презентиран од страна на Европската комисија на 4 јули 2017 година.

[30] Законскиот декрет бр. 113/2018, усогласен со Законот за конверзија бр. 132/2018, објавен во *Службен весник* на 3 декември 2018 година, бр. 281; Законскиот декрет бр. 53/2019, објавен во *Службен весник* од 14 јуни 2019 година, бр. 138; чија регулатива беше изменета со Законскиот декрет бр. 130/2020, објавен во Службен весник на 21 октомври 2020 година, бр. 130.

[31] Како илустративен пример, одлука донесена од Министерот за внатрешни работи, во согласност со Министерот за одбрана и Министерот за инфраструктура и транспорт, од 1 август 2019 година, соопштена преку електронска пошта, со која се наложува „уште од сега" забрана за влез, транзит и задржување на бродот OPEN ARMS „во националните територијални води". И оваа одлука беше донесена врз основа на веќе споменатата Уредба за безбедност bis, наведена во фуснота 4.

на централниот медитерански пат. Повеќето нерегуларни преминувања во ЕУ се главно во таа зона.[32] Дури ни пандемијата КОВИД-19 не ги обесхрабри заминувањата на мигрантите од брегот на Северна Африка. ФРОНТЕКС забележа над 35 600 нерегуларни премини во 2020 година, во споредба со 14 000 премини во 2019 година. Само во првите четири месеци од 2022 година имало над 18 000 премини.[33]

3. За проблемите на усогласеност со меѓународното поморско право

Анализата на мерките преземени од страна на Италија во текот на последните десет години за справување со нерегуларната миграција во Средоземното Море, покажува постепено повлекување од страна на различните администрации од отворено море кон италијанските територијални води. Додека во првата фаза воздухопловните и поморските средства, координирани од морнарицата, и полициските сили, координирани од страна на DDA, интервенираа и во отворено море како во спасувачки операции така и за полициски акции, во текот на втората фаза се укинува *Mare Nostrum* и италијанските воени единици учествуваат во разни заеднички операции, координирани на европско ниво, кои постепено го менуваат својот оперативен мандат до точка на понатамошно редимензионирање во третата и последна фаза, кога Владата го ограничува или забранува пристапот на спасувачите, јавни и приватни, дури и во своите територијални води. Јасно е дека оваа практика не е без импликации по меѓународното поморско право. Може да се каже дека, колку повеќе се намалува посветеноста за управување со миграциските текови, толку повеќе се зголемува опсегот на прекршени одредби.

Факт е дека кога во октомври 2013 година италијанските власти одговорија на хуманитарната криза со воспоставување на операцијата *Mare Nostrum,* во целост ги спроведоа обврските за спасување предвидени со гореспоменатата Конвенција Монтего Беј.[34] Добро е познато дека, според членот 98, став 1, од таа конвенција, Италија, како држава на знамето, мора да бара од капетаните на бродовите кои пловат под нејзино знаме да му дадат помош на секое лице во опасност на море.[35]

---

[32] UNODC, Observatory on Smuggling of Migrants, West Africa, North Africa and the Central Mediterranean - Key Findings on the Characteristics of Migrant Smuggling in West Africa, North Africa and the Central Mediterranean 20 maggio 2021.
https://www.unodc.org/res/som/docs/Observatory_Storymap_1_Final_2021.05.19.pdf.

[33] FRONTEX, Migratory Map, Detections of illegal border-crossings statistics.

[34] Конвенција Montego Bay, cit. Други аспекти на обврската за спасување се регулирани со горенаведената конвенција SOLAS, и со горенаведената Конвенција SAR.

[35] Конвенцијата Montego Bay, горенаведена, член 98, став 1. Во доктрината, за обврската да се помогне, види. v. NANDAN, ROSENNE (eds.), United Nations Convention on the Law of the Sea. A Commentary, Vol. 1, Leiden-Boston, 1985, pp. 176-177; PAPANICOLOPULU, *"The Duty to Rescue at Sea,*

Исто така, според следниот став од истиот членот, Италија, овој пат како крајбрежна држава, мора да промовира воспоставување и функционирање на SAR систем за заштита на поморската безбедност.[36] Но, ако е неспорно дека спасувањето може и мора да се обезбеди во која било морска зона, примената на полициските овластувања во екстра територијалните води е повеќе резултат на постојано прибегнување кон толкување. Тоа може да се заклучи пред сè од гореспоменатите насоки во кои Дирекцијата за борба против мафијата, координирајќи различни полициски сили, објаснува дека за да се интервенира против осомничени трговци со луѓе, неопходно е да се претпостави причинско-последична врска помеѓу кривичното дело, целосно или делумно извршено на отворено море, и италијанската територија. [37] Во врска со тоа, важно е да се напомене дека, според ДДА, таквата поврзаност постои дури и кога наводните трговци со луѓе намерно ги искористиле процедурите за спасување за да активираат интервенција од страна на италијанските власти. Тоа е затоа што, со пристигнувањето на мигрантите на брегот и влезот на италијанска територија, може да се смета за исполнет правниот критериум „овозможување на нелегален влез“, чие извршување не запрело во меѓународни води туку, со помош на пловила што интервенирале во спасување, продолжило и на италијанската територија.[38] Идејата да се прибегне кон ова толкување, подоцна е прифатена и од нашите судии од основните и од повисоките судови, кои ја користат за да ја оправдаат својата казнена надлежност врз криумчарите. Така постепено се создава судска практика според која, дејствието извршено во екстериторијални води е во тесна врска со она што се случува во територијалните води, каде спасувачите се принудени да интервенираат согласно меѓународните обврски со цел да спречат поголема трагедија. [39]

Овој став е доследен и јасно потврден во рамки на италијанското и на меѓународното право. Во однос на првото, доволно е да се потсетиме дека италијанските судови неодамна се прогласија за надлежни и за други транснационални кривични случаи кои првично изгледале ограничени на меѓународни води, но всушност имале врска со нашата територија.[40] Во однос на меѓународното морско право, уште од првата

in Peacetime and in War: A General Overview", IRRC, 2017, p. 495 ss.; *The Historical Origins of the Duty to Save Life at Sea in International Law*, in *Journal of the History of International Law / Revue d'histoire du droit international*, 2021, pp. 149-188.

[36] Конвенција Montego Bay, цитирана погоре, чл. 98, став 2.

[37] DNA, Atto di indirizzo, cit.

[38] DNA, Atto di indirizzo, cit., пар. h-8, стр. 31.

[39] Касациониот суд, Сек. I, пресуда од 23 јануари 2015 година. На темата, CATALDI, *op. cit.*, стр. 1498-1502; PAPANICOLOPULU, *Нерегуларна имиграција преку море и остварување на јурисдикција: меѓународниот регулаторен контекст и неодамнешната италијанска практика*, cit., стр. 2 ss.

[40] Касациониот суд ја потврди својата надлежност во врска со случај на меѓународна трговија со дрога, во кој осомничените трговци со дрога биле запрени во меѓународни

половина на минатиот век, крајбрежните држави настојуваат да ја прошират својата надлежност врз водите што се во близина на нивните крајбрежја. Во почетокот, тоа се правело со идентификување на причинска врска меѓу дејство што изгледа исклучиво поморско, како на пр. нелегален риболов, и територијата на крајбрежната држава. По повеќе децении, оваа практика се консолидирала и се проширила и на други кривични дела. Логиката што го води овој процес останува секогаш истата: заштита на интересите и безбедноста на крајбрежната држава во однос на ситуации кои, навидум, се одвиваат исклучиво на отворено море. Истата логика, впрочем, е во основа на нормата за територијален суверенитет. Станува збор, како што е познато, за најстарата норма на обичајното меѓународно право кога станува збор за определување на границите на владеење на една држава. Постојат повеќе и добро познати теории што го оправдуваат остварувањето на територијалниот суверенитет, но сите се врзани за начинот на кој се замислува односот меѓу спроведувањето на суверените овластувања и територијалната заедница што тие ја опфаќаат.[41]

Со преминот во втората фаза, поморското сценарио почнува да се менува и како резултат на тоа усогласеноста на италијанската практика со меѓународното поморско право почнува да се намалува. Престанокот на операцијата *Mare Nostrum* создава правна празнина, сè уште не пополнета, во спроведувањето на обврската според членот 98 став 2 од Конвенцијата Монтего Беј. Тоа се случува и покрај тоа што споменатата одредба ѝ наложува на Италија – како и на секоја крајбрежна држава, потписничка на Конвенцијата, да воспостави SAR систем кој ќе биде *адекватен* и *ефикасен,* и кој *перманентно* ќе функционира. Сепак, во оваа меѓуфаза, италијанските воздушни и поморски единици само повремено се ангажирани во спасувачки мисии и во воени и полициски активности, во рамки на заеднички операции координирани на европско ниво. Таквата заложба може да обезбеди спроведување на обврската за спасување предвидена во членот 98, став 1[42] од Конвенцијата, како и обврските за соработка предвидени во Протоколот

води, но ја продолжиле криминалната дејност во нашите територијални води. Види: Касационен суд (IV Кривичен оддел), пресуда од 20 февруари 2019 година, бр. 269; Касационен суд (III Кривичен оддел), пресуда од 21 јуни 2019 година, бр. 27691. Во врска со таа тема, види Ferruglio, "*Libertà di navigazione e contrasto al traffico internazionale di stupefacenti: una recente pronuncia della Corte di Cassazione sui limiti all'esercizio della giurisdizione in alto mare su navi battenti bandiera straniera", Il Diritto Marittimo*, 2020, p. 126 ss.; Castellaneta, *"La Cassazione sulla giurisdizione italiana per illeciti a bordo di una nave straniera",* 28 June 2019, достапно на : <www.marinacastellaneta.it>.

[41] За односот помеѓу државата и територијата, види NINO *Land Grabbing e sovranità territoriale in diritto internazionale*, Napoli, 2018, p. 128 ss.; VITUCCI, voce "Territorio (dir. int.)", in Treccani.it, 2014, disponibile su: http://www.treccani.it/enciclopedia/territorio-dir-int_(Diritto-on-line).

[42] Конвенцијата Montego Bay, cit., чл. 98, став 1.

од Палермо[43], кој, како што беше спомнато уште во воведот на овој текст, има за цел да ја спречи и санкционира транснационалната трговија со мигранти и, истовремено, да ги заштити жртвите.

Во третата фаза, почетното потпишување и последователното обновување на Меморандумот за разбирање со либиската влада, како и усвојувањето пакет рестриктивни мерки во однос на влез и транзит во италијанските територијални води, го зајакнуваат процесот на повлекување и паралелно иницираат нов процес, процес на замаглување на субјектите вклучени во управувањето на миграциските текови по море. Ќе се задржиме посебно на прикривањето кое се создава помеѓу спасувачите и трговците со мигранти. Во оваа фаза, всушност, членовите на невладините организации кои интервенираат за да го пополнат институционалниот вакуум оставен од Италија која ја укина *Mare Nostrum* и од ЕУ која не повтори слична операција, обвинети се за помагање и поттикнување на нелегална имиграција или други слични кривични дела. Сепак, оваа практика тешко се усогласува со претходно спомнатата судска практика на нашите домашни судии, според која спасувачите се должни да интервенираат за да спречат вонредна состојба, намерно предизвикана и предвидена од други субјекти, односно од трговците со луѓе. Од друга страна, италијанските судии остануваат верни на тој став, дури и неодамна, ја исклучија кривичната одговорност на членовите на невладините организации, повикувајќи се на вонредната состојба, на исполнување должноста за спасување и други законски оправдувања.

Што се однесува до компатибилноста на овој процес на замаглување, тука вреди да се спомене одлуката на Врховниот суд на Канада во случајот *Ocean Lady*. [44] Во тој случај, канадските судии пресудиле против одговорноста на спасувачите за помагање при нелегална имиграција, повикувајќи се директно на суштината на Протоколот од Палермо[45], кој треба целосно да се применува во канадското национално законодавство и во законодавствата на сите земји потписнички на Протоколот.

Според ставот на Врховниот суд, кој, според нас, е целосно прифатлив, од клучните одредби на Протоколот од Палермо [46] јасно произлегува дека мора да се направи јасна разлика помеѓу трговците и

---

[43] Протокол Палермо, цитиран.

[44] Врховниот суд на Канада, Р. против Апулонапа, пресуда бр. 35958 од 27 ноември 2015 година. во иста смисла, речиси истовремената одлука на истиот суд, I Врховен суд на Канада, B010 Канада (државјанство и имиграција), пресуда од 27 ноември 2015 година, бр. 35388, 35677, 35685, 35688. Види V. MITSILEGAS, *The Normative oundations of the Criminalization of Human Smuggling: Exploring the Fault Lines between European and International Law*, in *New Journal of European Criminal Law*, 2019, pp. 68-85.

[45] Протокол Палермо, цит.

[46] Протокол од Палермо, цит. во чл. 6.

спасувачите. Додека првите дејствуваат од профитни побуди, вторите дејствуваат од солидарност. Ова толкување е поткрепено и со подготвителните документи на Протоколот, каде експлицитно се наведува дека профитот претставува суштински елемент за кривичното дело дефинирано во Протоколот, без тој елемент не може да се говори за трговија со мигранти. [47]

4. Заклучок

Оваа анализа тргнува од фактот дека Италија е неминовно вклучена во управувањето со миграциските текови во Средоземното Море. Видовме како, во рамки на разгледуваниот временски период, таа отсекогаш учествувала и во хуманитарни активности и во активности за спречување на криминал. Она што сепак драстично се променило, се начините на кои таа заложба се остварува, како и субјектите со кои, во различни фази, италијанските власти соработувале.

Што се однесува до модалитетите, од нашата анализа произлегува значителен процес на повлекување на италијанските власти од отвореното море во своите територијални води. Последната трагедија, онаа во Кротоне, укажува на уште подлабоко повлекување, би можеле да кажеме сè до копното, имајќи предвид дека италијанските патролни чамци не испловиле и покрај тоа што имале информација за заканата, а настанот се случил на само неколку метри оддалеченост од брегот на Калабрија. [48] Овој процес на повлекување, за кој несомнено придонесе и технолошкиот напредок, се коси и со домашната и со меѓународната практика во областа на соработката во борбата против организираниот поморски криминал и во областа на спасувањето и заштитата на правата на жртвите од таквиот криминал.

Во однос на субјектите, различни владини тела во нашата земја постојано бараа и, со текот на времето, добиваа поддршка од разни ентитети, и јавни и приватни, и на крајот и од европските институции. Токму под координација на европските партнери најпрвин се користеа двосмислени воено-полициски мисии, а потоа и алатки за далечинско надгледување; извонредна технологија која овозможува на државите да

[47] Извештај на Ад хок комитетот за изработка на Конвенција против транснационален организиран криминал за работата на неговите од прва до единаесетта сесија, вклучително и додатокот со толкувачки белешки за службените записи (*подготвителна работа*) од преговорите за Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал и Протоколите кон неа, UN Doc. A/55/383/Add.1, 3 ноември 2000 година, особено во параграфи 88 и 91. Исто така, и поново, UNODC, *Issue Paper: The Concept of "Financial or Other Material Benefit" in the Smuggling of Migrants Protocol*, Виена, 2017 година.

[48] CANDITO, *Crotone, strage di migranti: 23 ore prima del naufragio partito l'allarme per una barca in difficoltà*, in in La repubblica, 1 marzo 2023, https://www.repubblica.it/cronaca/-2023/03/01/news/naufragio_crotone_allarme_23_ore_prima_migranti_calabria-390118802/.

ја контролираат надворешната поморска граница на Унијата без физички контакт со поединци кои се обидуваат да ја преминат.[49] Она од што се стравува е дека употребата на радари, сателити и беспилотни летала може да доведе до неповратно преминување кон нов модел. Управувањето со миграциските текови се чини дека преминува во управување со податоци. Користењето на технологијата, без сомнение, може да придонесе за поефикасно и поефективно следење и справување со кривичните дела поврзани со нерегуларните миграции. Можеме да кажеме дека е и пожелно да придонесе за подобро управување со процесот на регулација на овие текови. Меѓутоа, во името на поголема безбедност на границите, не смее да се продолжи со компромитирање на вредностите, правата и, пошироко, хуманитарните и етичките аспекти за кои Европа мора повторно да стане бастион. За таа цел, сметаме дека е од суштинско значење средствата за далечински надзор секогаш да бидат придружувани со соодветни воздухопловни и поморски патроли, јавни или приватни. Неопходна е и темелна законска интервенција, како и културен пресврт, што ќе овозможи регуларна миграција и ќе ги прецизира условите за употреба на новите технологии во согласност со инструментите за заштита на приватноста. Според тоа, и понатаму се неопходни вистински спасувачки мисии и обнова на хуманитарните коридори на европско ниво.

[49] DE SIMONE, *La prevenzione del crimine alle frontiere 2.0, una questione di dati biometrici*, in G. BEVILACQUA *(*a cura di), Sicurezza umana negli spazi navigabili: sfide comuni e nuove tendenze, Editoriale Scientifica, 2021, pp. IX – 297.

Јасмина Димитриева[1]

ЗАШТИТА НА НЕРЕГУЛАРНИТЕ МИГРАНТИ И БАРАТЕЛИ НА АЗИЛ ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ СО ЦЕЛ ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА: СТАНДАРДИТЕ НА СОВЕТ НА ЕВРОПА И НИВНА ПРИМЕНА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Вовед

Трговија со луѓе е комплексен феномен, кој е скриен, невидлив и непрепознатлив за мнозинството луѓе во општеството, а им носи огромна нелегална заработувачка на трговците со луѓе. Таа претставува тешко нарушување на човековите права и повреда на човечкото достоинство. Во меѓународното право, иницијалната сила за превенција и борба на ова тешко нарушување на човековите права дојде со усвојувањето на Протоколот од Палермо, односно Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со лица посебно жени и деца, дополнување на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, усвоен на 15 ноември 2000 година. Истиот го дефинира кривичното дело на трговија со луѓе како комплексно кривично дело составено од определени дејствија, средства и цели на експлоатација. Постојат стручни мислења според кои овој Протокол е премногу фокусиран врз сексуалната експлоатација и врз жените и децата како жртви на трговија со луѓе (Howard N. and Lalani M. 2008).

И во Република Северна Македонија, кога за прв пат се инкриминираше трговијата со луѓе во Кривичниот законик во 2002 година, фокусот беше ставен врз трговијата на жени со цел сексуална експлоатација. Согласно годишните извештаи на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција најголем број на случаи на трговија со луѓе се однесуваат на сексуална експолатација, посебно во периодот 2003 - 2007, со голем број на идентификувани женски жртви од странство.

Групата на експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА), телото за мониторинг и проценка на исполнување на обврските на државите кои ја имаат ратификувано Конвенцијата на Совет на Европа за акција против трговија со луѓе (КАПТЛ), својот тематски дел од седмиот Извештај го посветија на оваа криминална појава (ГРЕТА, 2017). Согласно статистичките податоци на ГРЕТА, трговијата со луѓе со

[1] Проф. д-р Јасмина Димитриева е насловен вонреден професор на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, email: jasmina.dimitrieva@ugd.edu.mk;

цел трудова експлоатација е во пораст во сите држави на Совет на Европа, во помал или поголем обем. Во 2020, Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) за прв пат забележа дека бројот на детектираните случаи за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација е еднаков со детектираните случаи на трговија со луѓе за сексуална експлоатација, со двата вида на криминалитет под 40 проценти (UNODC, 2022).

2. Дефинирање на проблемот и методологија

Дефиницијата на кривичното дело трговија со луѓе опфаќа три поврзани елементи: 1. дејствие со кое е извршено кривичното дело, 2. средство со помош на кое е извршено истото и целта на експлоатација. Во дејствија спаѓаат врбување, трансфер, превоз, прифаќање, засолнување. Средствата опфаќаат насилство, уцена, присила, злоупотреба на позиција на моќ или ранливост. Трудовата експлоатација означува преземање на дејствија и средства со цел експлоатација на трудот на другиот. Истата се препознава преку индикатори како што се неисплата на плати, манипулативно должништво, мизерно сместување, ограничување на движењето и контактите, одземени документи, лоши услови за работа, работење без задолжителна заштитна опрема.

Присилна работа се дефинира како работа за која лицето не се пријавило доброволно и којашто се врши под закана на казна. Ропството претпоставува сопственост врз поединецот (Gradarsevic-Sijercic J., 2012). Трговијата со луѓе може да доведе до ропска состојба на жртвите. Во некои меѓународни правни инструменти питачењето или присилниот криминалитет се сметаат дека потпаѓаат под капата на експлоатација на трудот.

Како главни причини за појавата на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација се именуваат таканаречени фактори на влечење и туркање (push and pull factors), слабата економија и социјална заштита, сиромаштија, семејни потешкотии, желбата за подобар живот и подобра заработувачка и подобри можности во странство (Howard N. and lalani M. 2008). Факти кои туркаат кон трговија со луѓе се миграцијата и причините за неа, односно, природна катастрофа, војна, сиромаштија, невработеност (Kuric-Hodzic D., 2017). Трговијата со луѓе е пропратен ефект на миграцијата во свет со затворени граници и голем диспаритет во дистрибуција на богатството (Mahmoud T. and other, 2010).

Согласно проценката на Меѓународната организација на труд (МОТ) во 2021 година, секој ден имало 27.6 милиони луѓе во ситуација на присилна работа (ILO and other, 2022), а од присилна работа во светот се генерираат 150 милијарди американски долари незаконито стекнат профит на годишно ниво. Иако, трудовата експлоатација повеќе ги

погодува мажите, и жените се жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, на пример во домашно прислужништво, во фабрики за текстил или се дупло експлоатирани (сексуално и трудово).

Дваесет и првиот век е обележан и со појави на масовни миграции поради економски или еколошки причини, или воени конфликти. Главно се работи за мешани миграциски текови кои опфаќаат бегалци, економски мигранти, баратели на азил, а кои се движат заедно на нерегулиран начин. Лицето кое ја напуштило својата земја од која било причина и поминало граница, но нема законски престој во земјата каде влегло е нерегуларен мигрант. Лицето кое ја напуштило својата татковина поради страв од прогон и бара заштита во друга земја, но нема добиено статус на бегалец е барател на азил. Овие лица се особено ранливи на трговијата со луѓе за трудова експлоатација поради потребата од финансиски средства за патување или престој, неможноста да се вработат, да го издржуваат семејството, ризик по личната безбедност и несигурниот имиграциски статус. Лицата со несигурен имиграциски статус ретко се осмелуваат да ги пријават трговците со луѓе, бидејќи се плашат од депортација или одмазда. Нерегуларните мигранти и барателите на азил може да добијат статус на бегалец согласно Женевската Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година.

Според Меѓународната организација за миграции (ИОМ), во 2015 година 1.046.599 лица пристигнале во Европа во мешан миграциски ток (IOM, 2022). Случаи на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација кои ги таргетирале како жртви мигрантите и бегалците во текот на патувањето во Западен Балкан и во Турција биле забележани и пријавени. На жртвите не им бил платен трудот, документите/пасошите им биле конфискувани, не смееле да го напуштат работното место, биле жртви на присила и насилство. Најчесто биле експлоатирани во земјоделие, пекарска и текстилна индустрија (Brunovskis A., Surtees R. 2019).

Република Северна Македонија се наоѓа на таканаречената Балканска рута за миграција. Во 2015 година, проценето е дека 750 000 мигранти влегле во Северна Македонија. Во 2022, според ФРОНТЕКС имало 145 600 нерегуларни премини на граница по Западнобалканската рута на која се наоѓа и Северна Македонија. Оваа бројка на нелегални преминувања е највисока од 2015 година. Најчесто преминуваат лица од Сирија, Авганистан и Турција, но исто има и мигранти од Тунис, Индија и Бурунди. Се препорачува ефективна и правична детекција на најранливите поединци по нивното пристигнување во земјата, меѓу другото, со цел елиминирање на трговијата со луѓе. (Drangovski Z., 2019).

Според Извештајот на Совет на Европа за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија: *„Личната ранливост се*

влошува кога се луѓето изолирани - физички или социјално... Работниците мигранти, барателите на азил ...се особено ранливи на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација".(Совет на Европа, 2022). Во истиот Извештај се препорачува да се посвети поголемо внимание на откривањето на потенцијалните жртви на трговијата со луѓе меѓу мигрантите и барателите на азил.

Во последниот Извештај на ГРЕТА за Република Северна Македонија се наведува дека се откриени неколку потенцијални жртви на трговија со луѓе помеѓу нерегуларните мигранти, кои не можеле да бидат формално идентификувани главно поради недостаток на докази за целта на експлоатацијата. Во земјата, трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација се одвива во ноќни клубови, ресторани, земјоделие, градежништво, текстилна индустрија, фарми и чистење (ГРЕТА, 2023). Во истиот Извештај се забележува дека Северна Македонија продолжува да биде транзитна земја за мигранти и бегалци со околу 150 000 мигранти кои влегле на нејзина територија помеѓу јануари 2017 година и октомври 2021 година. Се укажува дека има мал број на лица кои аплицирале за азил, а нема ниту една идентификувана жртва на трговија со луѓе помеѓу мигрантите.

Меѓународните стандарди за превенција и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација се неменлива варијабила, која е тесно поврзана со ефикасната заштита на мигрантите и барателите на азил од овој криминален феномен. Иако заштитата на човековите права може да поттикнат колективна акција, сепак прашањата поврзани со сувереноста и безбедноста во врска со трговијата со луѓе и криумчарење мигранти се вистинската движечка сила за овие (меѓународни) напори (Gallagher A., 2001).

Трудот ги анализира обврските за заштита на нерегуларните мигранти и барателите на азил од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација предвидени, пред се, во КАПТЛ, Конвенцијата за заштита на човековите права и слободи (ЕКЧП), како и релевантната судска пракса на Европскиот суд за човекови права кои се применливи на реалноста во Северна Македонија. Целта е да се фрли светло врз ситуацијата на мигрантите и барателите на азил и ризикот кој ги следи од трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, да се придонесе кон поширока дискусија на оваа условно речено „затскриена" тема, и кон поефикасна заштита на мигрантите и барателите на азил од трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија.

Трудот е значаен поради континуираниот мешан миграциски тек кој преку Северна Македонија води до Западна Европа и кој укажува на ризик од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, тема која досега малку се анализирала во земјата. Внесување на странска работна сила за работа во земјоделие, градежништво и слично, исто така укажува на

потребата за засилена контрола и проверка на условите за работа и престој на тие лица.

- Иновативноста на трудот е во неговиот придонес кон затварање на јазот во спознанието поврзано со заштитата на нерегуларните мигранти и барателите на азил од трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

За таа цел е применета правната анализа на стандардите на Совет на Европа и домашната легислатива, базирана врз пристапот за заштита на човековите права и потребите на жртвите. Примарните и секундарните податоци се прибирани од релевантните тела на Совет на Европа, на пример ГРЕТА, Европскиот суд за човекови права; од меѓународни организации како ИОМ, ИЦМПД и други; и домашни институции и невладини организации (Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, НВО Отворена порта/Ла Страда и Македонско здружение на млади правници). Податоци за квалитативната анализа беа исто така собрани од стручни дискусии на оваа тема и разговор со еминентни експерти за трудово право и трговија со луѓе. Бидејќи фокусот е врз заштитата на нерегуларните мигранти и барателите на азил, во трудот се разгледува исклучиво прекуграничната трговија со луѓе, односно случаите во кои Република Северна Македонија се јавува како земја на транзит и дестинација, но не и земја на потекло на жртвите.

Концептот на трудот ги следи чекорите кои водат кон заштита на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, односно ги анализира идентификацијата, безбедното сместување, заштита на правата на нерегуларните мигранти и барателите на азил, престој и безбедно враќање на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, како и кривично-правниот одговор, пред се од нормативен аспект. Исто така дава приказ на сегашната состојба за превенција и борба против трговија со луѓе со цел трудова експлоатација со фокус врз нерегуларните мигранти и барателите на азил.

3. Советот на Европа во заштита на мигрантите и барателите на азил од трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација

Советот на Европа, кој е основан со цел да се поддржи мирот на Европскиот континент преку градење на одржлива демократијата и заштита на човековите права е регионална организација која е задолжена со подготовка на стандардите во овие области и мониторинг на нивното исполнување од страна на државите. Советот на Европа, препознавајќи ја опасноста од трговијата со луѓе и трудовата експлоатација има усвоено и стандарди за превенција и борба против ова тешко кривично дело. Овие стандарди за превенција и борба против

трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација се неменлива варијабила, која е тесно поврзана со ефикасната заштита на мигрантите и барателите на азил. Правно обврзувачките стандарди на Совет на Европа се опфатени во повеќе меѓународни договори (на пример, Европската социјална повелба, Конвенцијата за заштита од компјутерски криминал), но трудот ги анализира стандардите поместени во КАПТЛ и ЕКЧП.

Членот 4 од КАПТЛ ја дефинира трговијата со луѓе, која ги вклучува присилната работа или услуги, ропство или постапки слични на ропство како цели на експлоатација, односно ја опфаќа и трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Принципот на недискриминација во членот 3 укажува дека заштитата за жртвите на трговија со луѓе ги опфаќа сите лица врз кои е извршено делото, односно во превенцијата и заштитата се вклучени и нерегуларните мигранти и барателите на азил.

КАПТЛ е вистински каталог за правата на жртвите на трговијата со луѓе, без оглед на видот на експлоатацијата на која биле подложени. Таа ги содржи правата на идентификација, правна помош, превод, безбедно сместување, здравствена заштита, реинтеграција, надомест на штета за жртвите на трговија со луѓе. Правата кои особено ја засегаат целната група на која е посветен трудот, вклучуваат 30-дневен период на закрепнување и рефлексија, обновлива дозвола за престој, право на работа и образование, сигурно враќање во земјата на потеклото, но и непротерување на потенцијалните жртва на трговија со луѓе. Пристапот заснован врз заштитата на човековите права, кој бара да се земат предвид потребите, перспективата и ситуацијата на жртвите на трговија со луѓе е најзначајното обележје на КАПТЛ во споредба со други меѓународни правни инструменти.

Во однос на кривично-правниот одговор, КАПТЛ бара истраги, кривични гонења и осуда на трговците со луѓе, како и процесно-правна заштита на жртвите. Таа предвидува зајакната меѓугранична контрола и меѓународна соработка.

ЕКЧП е исто така им пружа значајна заштита на нерегуларните мигранти и барателите на азил од трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Членот 4 од ЕКЧП го забранува ропството, ропската зависност, задолжителната и присилна работа. Оваа забрана е апсолутна, односно членот не предвидува никакви ограничувања или дерогација на заштитата од ропство, ропска зависност, задолжителната и присилната работа.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во случајот Ранцев против Кипар и Русија (Апликација број 25965/04), каде што странската жртва добила дозвола за престој за работа како уметничка, но ја присилувале на проституција, заклучил дека: „*...визниот режим за уметнички во Кипар не и пружил на госпоѓа Ранцева практична и ефикасна*

заштита од трговија со луѓе и експлоатација„. Во случајот Силиадин против Франција (Апликација број 73316/013) ЕСЧП одлучил дека девојчето Силиадин било држена во ропство, бидејќи немало слобода на движење ниту приходи, а морало да врши присилна работа. Судот ја потврдил позитивната обврска на државите ефективно кривично да гонат и да казнат дејствија кои имаат за цел било кое лице да го стават во ситуација на ропство, ропска зависност, задолжителна или присилна работа. Во случајот Чоудури и други против Грција (Апликација број 21884/15), кој се однесува на мигранти без дозвола за работа, кои работеле под тешки услови, оружен надзор и без парична надокнада, ЕСЧП утврдил трговија со луѓе и присилна работа. ЕСЧП сметал дека државата не ја испонила својата позитивна обврска за водење истрага за трговија со луѓе во случајот Золетиќ и други против Азербејџан (Апликација број 20116/12) каде што апликантите, кои биле градежни работници, биле застрашувани, работеле под тешки услови за работа, немале основно сместување, соодветна исхрана, а не им била исплатувана ниту ветената заработувачка.

Од горенаведеното произлегува дека државите кои ги ратификувале КАТПЛ и ЕКЧП се обврзани да пружат соодветна заштита и помош на нерегуларните мигранти и барателите на азил, потенцијални или идентификувани жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, како и адекватен кривично-правен одговор на овој вид криминалитет.

Но, Советот на Европа има донесено е политичко-обврзувачки документи со цел да се спречи и сузбие трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација (Комитет на Министри на Совет на Европа, 2022). Препораката на Комитетот на Министри од 2022 година за превенција и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација се надоврзува на извештајот од 2019 година на Генералниот секретар на Совет на Европа, во кој се укажува на големата опасноста која демне од овој вид на криминалитет. Истата потенцира дека овој феномен е поврзан со трудова миграција и ситуации кога лицата немаат регулиран пристап кон пазарот на трудот поради нивниот имигрициски статус или поради тоа што се барателите на азил. Во Препораката се бара од земјите членки на Совет на Европа да ја усогласат својата легислатива и пракса и да обезбедат соодветни ресурси за поефикасна превенција и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

4. Ситуацијата со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација на нерегуларните мигранти и барателите на азил во Северна Македонија

КАПТЛ и ЕКЧП се ратификувани и применливи во земјата, што значи дека мигрантите и барателите на азил имаат определена правна

заштита, земајќи предвид дека меѓународните ратификувани договори се дел од правниот поредок на земјата согласно Уставот, но согласно и домашната легислатива. Таа го вклучува и Уставот на Република Северна Македонија, која ја забранува присилната работа, Кривичниот Законик, Законот за странци и Законот за меѓународна и привремена заштита.

Според студијата на Совет на Европа за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија: *„Личната ранливост се влошува кога луѓето се изолирани - физички или социјално... Работниците - мигранти, барателите на азил ...се особено ранливи на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација*„. Во студијата се препорачува да се посвети поголемо внимание на откривањето на потенцијалните жртви на трговија со луѓе меѓу мигрантите и барателите на азил (Скриванкова К. и др. 2022).

Во последниот Извештај на ГРЕТА за Република Северна Македонија се наведува дека се откриени неколку потенцијални жртви на трговија со луѓе помеѓу нерегуларните мигранти, кои не можеле да бидат формално идентификувани главно поради недостаток на докази за целта на експлоатацијата. Извештајот забележува дека Северна Македонија продолжува да биде транзитна земја за мигранти и бегалци со околу 150000 мигранти кои влегле на нејзина територија помеѓу јануари 2017 година и октомври 2021 година. Мал број аплицирале за азил, а нема ниту идентификувани жртва на трговија со луѓе помеѓу мигрантите. Трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација се одвива во ноќни клубови, ресторани, земјоделие, градежништво, текстилна индустрија, фарми и сервиси за чистење (ГРЕТА, 2023).

Во однос на заштитата на жртвите помеѓу мигрантите, се издвојува случајот на трговија со луѓе со цел присилен криминалитет од 2021 година, каде се идентификувани 39 жртви од Тајван, на кои им е пружена соодветна помош и се вратени во земјата на потекло. Нема информација дали овие жртви влегле регуларно и како престојувале на територијата на Северна Македонија.

Иако има значителен број на случаи на криумчарење мигранти со судска завршница, од 2015 година наваму нема судски случаи на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација (Скриванкова К. и др. 2022). Кога се работи за мигранти и барателите на азил, како причини се наведуваат дека експлоатацијата е извршена во друга земја и дека жртвите не сакаат да останат во земјата, туку да продолжат за Западна Европа.

Иако досега не се идентификувани жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација помеѓу нерегуларните мигранти или барателите на азил, тоа не значи дека воопшто не се случил таков криминалитет или дека нема да има такви случаи во иднина, со оглед на

големиот број на мигранти кои влегуваат и поминуваат низ Северна Македонија во мешани миграциски текови. Поради тоа е потребно да се посвети должно внимание чекор по чекор на примената на горенаведените Конвенции на Советот на Европа, како и на домашната релевантна правна рамка за да и се обезбеди соодветна заштита на оваа ранлива група од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.

5. Откривање и идентификување на жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

Да се биде идентификуван како жртва на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација е право загарантирано со КАТПЛ. Идентификацијата е неопходна за жртвата да може да ги оствари сите останати права кои и се гарантирани со меѓународните правни инструменти и домашната легислатива. Се разликува прелиминарна идентификација, кога постојат индикатори дека лицето е претпоставена жртва, но сеуште не е формално идентификувано или одбива да биде идентификувано, од формалната идентификација кога лицето е утврдено со статус жртва од страна на надлежни органи. Идентификацијата вообичаено се врши од обучени претставници од полицијата, социјалните работници и/или НВО кои им пружаат поддршка на жртвите врз основа на однапред определени директни и индиректни индикатори и интервју со претпоставената жртва.

Меѓународната организација за труд ги посочува следните индикатори за присилна работа, кои вклучуваат: а. закани или нанесување на физички повреди на лицето; б. ограничување на движењето, односно лицето може да се движи само на работното место или друг ограничен простор; в. лицето е задолжено, но не прима пари и не може да го врати долгот; г. неисплаќање на плати или исплаќање на минимални суми: д. задржување на пасоши или документи за идентификација; и ѓ. закана дека лицето кое нема регулиран имиграциски статус ќе биде пријавено во полиција, односно закана за депортација.

Во случајот на Европскиот суд за човекови права Ц.Н. против Обединетото кралство (Апликација број 4239/08) апликантката дошла во Обединетото кралство од Уганда со фалсификуван пасош. Нејзиниот роднина и го одзел пасошот по пристигнувањето во земјата на одредиште. За неколку привремени и краткотрајни работи не била платена, туку наводно парите оделе на сметка на роднината. Потоа почнала да работи како негувателка на возрасен пар со многу слабо здравје во подолг период. Таа била 24 часа на располагање, а кога имала слободно време, била носена кај роднината, кој постојано и повторувал да внимава, да не зборува со никого и и покажувал насилство на телевизија со напомена дека тоа може и неа да и се случи. За целото тоа

време таа добила минимални суми неколку пати и износена облека. Апликантката добила сериозни здравствени проблеми и го пријавила случајот во полиција. Потоа побарала азил. Нејзиното барање и жалбата биле одбиени, бидејќи органот сметал дека изјавата не била кредибилна и дека можела и порано да избега и да побара заштита. Полицијата го истражила случајот, но не нашла доказ дека апликантката била жртва на трговија со луѓе. Но, според проектот задолжен за заштита и сместување на жртвите на трговија со луѓе, апликантката била подложена на 5 од 6 индикатори за присилна работа.

Во тоа време, во Обединетото кралство, немало закон којшто го забранува прислужништвото или присилната работа. Апликантката се жалела дека согласно членот 4 од ЕКЧП, Обединетото кралство имало позитивна обврска да го криминализира постапувањето на кое била подложена. Поради неисполнување на оваа обврска, полициските истраги не биле ефективни, бидејќи целта не им била да се утврди дали таа била жртва на постапување спротивно на ЕКЧП. Вмешувачите во постапката потврдиле дека жртвите на трговија со луѓе имале многу мали шанси да бидат идентификувани како жртви на кривично дело. Судот сметал дека во случајот се работело за разумно сомнение дека апликантката била држена во домашно прислужништво, кое барало соодветна истрага од домашните органи. Но, поради недостаток на соодветен кривичен закон кој би ја забранил оваа пракса истрагата не била ефективна, бидејќи не земала предвид голем број на индикатори за постоење на присилен труд на Меѓународната организација на трудот, а кои постоеле во случајот на апликантката.

Горенаведениот пример го илустрира значењето на идентификувањето за жртвата на трговија со луѓе. Само формално идентификуваните жртви имаат целосно право на хуманитарна заштита и континуирано на други права како што се правна помош, здравствена заштита, помош за ресоцијализација и реинтеграција. Треба да се напомене дека идентификувањето на жртвата не значи автоматски и судска завршница на случај на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, туку вината се докажува во кривичната постапка. Бидејќи овие случаи не се лесни за докажување во суд, акцентот се става врз заштитата на човековите права на жртвите од страна на КАПТЛ и ЕКЧП. Лицето додека не е формално идентификувано се смета за претпоставена жртва и според КАПТЛ исто така има определен број на основни права, како што се сигурно сместување, период на рефлексија, право на превод и на нужна здравствена заштита.

Во Република Северна Македонија трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација е кривично дело. Членот 418-а, став 1 од Кривичниот Законик го забранува ова кривично дело во кое што се препознаваат трите елементи, појаснети погоре, чиешто поврзано постоење мора да се докаже за да се докаже дека е извршено кривичното

дело трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Овој членот не ја споменува трудовата експлоатација како таква, туку како цели на експлоатација ги споменува принудната работа или слугување или ропство. Нема потреба да се докаже дека целта на експлоатацијата е остварена, доволно е да се докаже постоење на умисла. Поттикнувањето и соучесништво се казниви.

Ставот 2 од истиот членот го забранува уништувањето на пасош, карта или исправа за идентификација со цел извршување на трговија со луѓе, што е тесно поврзано со заштитата на мигрантите и барателите на азил од ова кривично дело. Извршувањето на кривичните дела од став 1 и 2 е казниво со затвор од најмалку 4 години. Ставот 3 забранува користење на услуги на лице за кои се знае или може да се знае дека е жртва на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Од горенаведеното произлегува дека постои солидна правна основа и законска обврска за сузбивање на овој вид криминалитет и кај нерегуларните мигранти и барателите на азил, која исто така претпоставува и нивна формална идентификација.

Во 2010 година, Владата усвои Стандардни оперативни процедури (СОП) за постапување со жртви на трговија со луѓе, кои се ревидирани во 2018 и 2024 година. Тие содржат стандардна оперативна процедура за идентификација и упатување на сите жртви на трговија со луѓе, вклучително и за трудова експлоатација, ја определува надлежноста на органите и ги штити правата на жртвите.

Во 2016 година усвоен е СОП-от за постапување со ранливи категории-странци, кој поспецифично ја регулира идентификацијата на нерегуларните мигранти и барателите на азил. Во него е содржана и дефиницијата за странец кој недозволено влегува во Северна Македонија, односно лице без Македонско државјанство кое не ја преминува границата регуларно, избегнува гранична контрола, употребува фалсификувани исправи, дава лажни податоци. СОП-от за странци содржи јасна процедура за прифаќање, првично упатување и идентификација, која се врши врз основа на Индикаторите на Министерството за труд и социјална политика од 2014 година. Тука спаѓаат и индикаторите за условите во кои работи лицето, условите за престој, дали лицето е подложно на насилство или зависи од други лица. Исто така постојат и посебни индикатори за домашно прислужништво. До сознанијата за постоење на некои од горенаведените индикатори се доаѓа преку интервју со странецот.

Во Северна Македонија формиран е Оперативен тим со членови од МВР, Јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, социјални центри и НВО кои работат на оваа проблематика. Главната цел е подобрена и поефикасна идентификација на сите жртви на трговија со луѓе, вклучително и за трудова експлоатација. Улога во

откривањето и идентификувањето на жртвите имаат и Националната единица за сузбивање на трговија со луѓе и илегална миграција, составена од членови на МВР и предводена од Јавен обвинител, како и мобилните тимови. Мобилните тимови се основани во 5 града (Скопје, Тетово, Гевгелија, Куманово и Битола) и помагаат во откривањето и идентификувањето на претпоставените жртви на трговија со луѓе, преку теренски посети и средби со ранливи категории. Тие се исто така составени од претставници на МВР, на НВО и социјални работници. Согласно нивните извештаи до сега не е откриен ниту еден случај на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Улога во идентификувањето на жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација помеѓу мигрантите и барателите на азил има секако и граничната полиција, но како што беше напоменато таква жртва досега не е идентификувана.

Сепак, во 2021 и 2022 година има идентификувани вкупно 3 потенцијални жртви-деца помеѓу нерегуларните мигранти. Медиумите исто така понекогаш јавуваат за можна трудова експлоатација на нерегуларните мигранти, на пример, во градежништвото, угостителски објекти или сточарство. Во билтените на МВР често се појавуваат информации за пронајдени странски државјанки во угостителски објекти, без регулиран престој и/или работна дозвола. Во овие случаи, лицата вообичаено се депортираат во многу краток рок, но се поставува прашањето дали помеѓу нив има жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, и дали воопшто се врши прелиминарна идентификација и покрај обврската за идентификација, заштита и помош на странските жртви.

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција 2021-2025 на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (Национална стратегија) предвидува обуки за идентификација на ранливи категории мигранти и барателиа на азил. Со помош на меѓународни организации и НВО се градат ваквите капацитетите за препознавање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, но можеби е потребно да се направи подлабока проценка на потребите за обука на сите чинители кои би можеле да придонесат кон превенција и сузбивање на ова модерно ропство.

6. Безбедно сместување

Едно од правата кое им следува на нерегуларните мигранти и барателиа на азил согласно КАПТЛ и домашната легислатива, под услов да се идентификувани формално или како потенцијални жртви, е безбедно сместување. Тоа има за цел да им обезбеди на жртвите заштита од трговците од луѓе и физичко и психичко закрепнување. На

потенцијалните жртви им следува период на рефлексија, во кој треба да се сместени во посебни соби во Прифатниот центар за странци при Министерството за внатрешни работи. Во Прифатниот центар се сместуваат разни категории странци, кои не претрпеле трговија со луѓе, вклучително и барателите на азил, на кои им е ограничено движењето. Прифатниот центар не е специјализиран за во него да се сместат потенцијалните жртви на трговија со луѓе, вклучително и деца, земајќи ги предвид стравот и траумата, којашто ја претрпеле.

По одобрување на привремениот престој (не повеќе од 5 дена) нерегуларните мигранти и барателите на азил-потенцијални жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, би требало да се сместат во „Центар за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство„, кој е менаџиран од НВО Отворена порта/Ла страда. Треба да се забележи дека во овој Центар се згрижуваат само жени и девојчиња, така да во него не може да бидат згрижени мажи и момчиња, кои се вообичаено повеќе подложени на трудова експлоатација. Ова укажува на постоење на родова дискриминација. Понатаму, капацитетот на Центарот е ограничен и често прима многу повеќе жртви од своите реални можности, бидејќи тој е единствената установа со ваква намена во земјата. Недостатокот на капацитет за безбедно сметување има негативно влијание врз исполнувањето на сите останати права кои ги уживаат потенцијалните и формално идентификуваните жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Недостатокот на овој вид на капацитет ги става чинителите кои ги идентификуваат потенцијалните жртви пред дилема каде да ги сместат безбедно жртвите, особено кога се работи за жртви од машки пол. Сместувањето е поврзано со безбедносна проценка, бидејќи овие лица се често во ризик од трговците и нивните мрежи на организиран криминал.

СОП-от за постапување со ранливи категории лица – странци исто така предвидува и сместување во згрижувачко семејство. Се бара семејството да биде соодветно обучено, кога се грижи за странски жртви на трговија со луѓе. Проблемот со комуникација на странски јазик исто не треба да се потцени. Минатата година, се одржаа две обуки за телата кои ги бираат згрижувачките семејства за жртви на трговија со луѓе и кои треба да ги обучат ваквите семејства. Во реалност, има малку семејства кои се пријавуваат да згрижат жртва на трговија со луѓе, така да оваа опција сега за сега не е толку применлива во пракса.

7. Заштита на правата на жртвите на трговија со луѓе помеѓу нерегуларните мигранти и барателите на азил

КАПТЛ е јасна во однос на правата на жртвите на трговија со луѓе и изречно ги набројува и објаснува правата кои им следуваат на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација помеѓу мигрантите и

барателите на азил. Во членот 12 и 13, таа предвидува позитивна обврска за државите кои се задолжени да обезбедат се она што е неопходно за живот на жртвите на трговија со луѓе, вклучувајќи ја и неопходната здравствена помош, психосоцијална помош, правна помош, право на информација и превод и заштита на безбедноста на жртвата. На децата им следува и право на образование.

За жртвите за кои постојат разумни основи дека се жртва на трговија со луѓе, а кои не се сеуште формално идентификувани им следуваат горенаведените права, кои државите се задолжени да им ги гарантираат и на нерегуларните мигранти и барателите на азил.

Правото на информирање на јазик кој странците го разбираат и правото на превод не се само од значај при идентификување на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, туку се клучни и за остварување на нивните права. Во ваква ситуација, повеќето жртви се плашат од полицијата, се плашат од депортација и од тие причини многу е значајно да им се објаснат нивните права, заштитата која им следува и можноста да учествуваат во судски постапки и да добијат обесштетување. Исто така имаат право на обновлива дозвола за престој, која нема влијание врз барањата за азил и принципот на неврaќање (non-refoulment).

Горенаведените права, предвидени во КАПТЛ се преточени во домашното законодавство. СОП за постапување со ранливи категории лица – странци го предвидува видот на помош која им следува, како и надлежните органи кои треба да ја пружат таа помош и да ги заштитат ранливите категории странци. СОП за постапување со ранливи категории лица – странци е јасен во однос на првична помош, заштита и згрижување, кое ги опфаќа и нерегуларните мигранти и барателите на азил. Исто така предвидено е и старателство за малолетните лица.

Националната Стратегијата (страница 39) и акцискиот план ја земаат предвид потребата да се обезбедат правата на нерегуларните мигранти и барателите на азил, вклучително и правото на превод и правна помош. Но, мора да се укаже на фактот дека целосната заштита на нерегуларните мигранти и барателите на азил изискува поголеми финансиски средства, кои паѓаат на товар на државниот буџет.

Кога се разгледува ситуацијата на терен, овие права во најголема мера се заштитуваат и гарантираат преку помошта понудена од меѓународните организации како ИОМ и невладините организации, кои обезбедуваат правна помош, здравствена заштита и превод преку странски донации. Се поставува прашањето што доколку престане поддршката од меѓународните организации, НВО и донаторите? Односно, како да се обезбеди одржливост на заштитата на овие права и еднаков пристап до овие права на нерегуларните мигранти и барателите на азил, потенцијални и идентификувани жртви на трговија со луѓе.

8. Привремен престој и безбедно враќање

Се поставува прашањето, што по истекнување на периодот за закрепнување и рефлексија? Нерегуларните мигранти и барателите на азил, жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација треба да донесат одлука дали ќе соработуваат со органите на кривичен прогон, дали ќе бараат законски престој или ќе се вратат во сопствената држава или држава во која имаат законски престој

Членот 14 од КАПТЛ предвидува право на обновлива дозвола за престој доколку надлежниот орган смета дека престојот е неопходен врз основа на личната ситуација или за соработка со надлежните органи за водење на кривичната постапка против трговците со луѓе. Правото на престој не влијае врз правото да се бара и добие азил. Враќањето во матичната земја би требало да е доброволно.

Од домашната регулатива која го регулира статусот на овие лица, клучен е Законот за странци. Со него се предвидува престој од хуманитарни причини. Согласно членот 120 (пречистената верзија), на секое лице за коешто постојат основи на сомнение дека е жртва на трговија со луѓе му следува привремен престој. Членот 121 го регулира периодот на рефлексија и закрепнување од 60 дена, кој не е условен од соработка со органите на прогонот. Трошокот за целокупната заштита на овие лица ја сноси државниот буџет. Привремен престој се одобрува доколку е тоа неопходно за личната ситуација на лицето или се согласи да соработува со органите на кривичен прогон за гонење на трговците со луѓе.

Постојан престој не се одобрува доколку лицето престојува на државната територија од хуманитарни причини, кои се однесуваат и на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација помеѓу нерегуларните мигранти и барателите на азил. Горенаведениот СОП содржи процедура во која се определува постапката за барателите на азил, која е заснована врз Законот за меѓународна и привремена заштита и кој ги определува жртвите на трговија со луѓе како ранлива категорија (членот 35.2).

Согласно членот 146.1 од Законот за странци: „*враќање на странецот се врши во согласност со принципот на невраќање, најдобриот интерес на малолетното дете и потребите на другите ранливи лица и жртви на трговија со луѓе, животот во семејството и здравствената состојба на странецот*„. Жртвата на трговија со луѓе, по направена безбедносна проценка, се враќа во матичната земја, во транзитна земја согласно со договори за реадмисија или други постапки, како и во друга земја во која тој доброволно одлучува да се врати и во која ќе биде прифатен.

Доброволното враќање се врши со поддршка на ИОМ. Постои и транснационален механизам, во кој се поврзани претежно земјите од регионот, и кој овозможува соработка, размена на податоци и комуникација со надлежните органи и НВО во насока на безбедно враќање на жртвите на трговија со луѓе во нивните матични земји. Соработката со подалечните држави за безбедно враќање на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација претставува поголем предизвик. Потребно е и во земјата на враќање да се направи безбедносна проценка, на пример, дали може да се врати жртвата во семејството, во градот од кој што потекнува, за да се избегне нејзината ревиктимизација и враќање во канџите на трговците со луѓе. Земјата во која што жртвата е вратена, ја има обврската за нејзина ресоцијализација и реинтеграција во општеството.

Постојат наводи и за државјани на Северна Македонија, кои биле трудово експлоатирани во странство, на пример во земјоделието, и потоа биле вратени во државата. Иако некои добиле определена заштита, тие не биле сместени во Центарот за жртви за трговија со луѓе, а не била ниту следена нивната понатамошна ресоцијализација и реинтеграцијата, што е неопходно за лица кои преживеале вакви трауми.

9. Кривично-правен одговор

Кривично-правниот одговор не е само значаен за казнување и преенција на трговијата со нерегуларни мигранти и баратели на азил со цел трудова експлоатација, туку е неопходен за да се обезбеди правда за жртвата. На ваков начин, општеството признава дека и е сторена неправда на жртвата и дека е спремно и има капацитет да се справи со таквата неправда.

КАПТЛ (глава IV и V) бара од државите кои ја имаат ратификувано да водат проактивни истраги, кривично да ги гонат сторителите и да предвидат пропорционални и ефективни санкции, со цел да се одвратат сторителите од вршење на ова кривично дело. Предвидени се и заштита на правата на приватност и заштита на соработниците на правдата, со оглед на тоа дека жртвите се обично во ризик од трговците и нивните организирани криминални мрежи и може да се плашат да сведочат поради страв од одмазда врз нив и нивното семејство. Понатаму, предвидена е и корпоративна одговорност и инкриминирање на употреба на услугите пружени од страна на жртвите на трговија со луѓе. КАПТЛ има и одредба со која се бара неказнување на жртвите на трговија со луѓе за вршење на принудни недозволени активности.

Членот 15 од КАПТЛ предвидува обесштетување за жртвата од страна на сторителот или од страна на државен фонд. Причината е во

тоа што на ваков начин им се олеснува ресоцијализацијата и реинтеграцијата на жртвите, кои вообичаено се наоѓаат во ситуација на сиромаштија и зависат од помош од страна. Неретко, тешко се добива надоместот на штета од сторителите, а и кога ќе се добие судска одлука, тешко се извршува поради недостаток на средства кои се наоѓаат кај сторителот или страв да се купи имот на некој кој е сторител на тешко кривично дело. Поради тоа е неопходна конфискација на средствата здобиени со вршење на кривичното дело трговија со луѓе, со што се влијае и врз мотивот да се изврши ова кривично дело, а кој вообичаено е парична добивка.

Транснационалниот аспект на овие кривични дела бара ефективна и ефикасна меѓународна соработка. Жртвата е странец, кривичното дело може да е извршено во една или повеќе држави за време на патувањето, сторителите може да се од друга држава, а кривичното дело да е пријавено во трета држава, каде што е странецот транзитира или престојува. Поради тоа главата VI од КАПТЛ се осврнува на потребата од меѓународна соработка, преку споделување на податоци за заштита на жртвата, за исчезнати лица, за резултати од спроведени истраги без одлагање, со можно барање за доверливост на податоците.

ЕСЧП има значајна судска пракса во однос на обврските на државите за сузбивање на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Случајот Золетиќ и други против Азербејџан (Апликација бр. 20116/12) се однесува на 33 градежни работници – Босанци, кои биле тргувани и присилени да работат на градежен објект во Азербејџан, преку фирма регистрирана во Авганистан. Жалителите работеле без договори и работни дозволи, личните документи им биле одземени, работеле и живееле под строга контрола на „работодавачите„, без да им бидат исплатени плати, дури имале и одбитоци на плата. Според ЕСЧП присутни биле индикаторите кои укажувале дека апликантите се наоѓале во состојба на ранливост, дека биле подложени на работа или служба под закана од казна и за која не се понудиле доброволно. Исто така, постоеле сите 3 елементи на кривичното дело трговија со луѓе. И покрај процедуралната обврска од членот 4.2 од ЕКЧП, Азербејџан не спровел ефикасна истрага во однос на тврдењата за трговија со луѓе и присилна работа.

На секој од апликантите ЕСЧП им доделил сума од 5.000 евра за надоместок на штетата што ја претрпеле и која треба Азербејџан да ја исплати. По повеќе од година и пол, Азербејџан не ја има подмирено оваа обврска. Експлоатираните работници од Босна и Херцеговина организираа свое здружение и даваат придонес кон превенцијата на ваквото кривично дело преку споделување на сето она што го имаат претрпено во Азербејџан на разни собири и настани посветени на сузбивање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

Случајот Чоудури и други против Грција (Апликација број 21884/15) се однесува на апликанти од Бангладеш, едни од многуте нерегулирани мигранти кои од Пакистан и Бангладеш работеле на фарми за јагоди во Маолада, Грција. Ним им била ветена плата од 22 евра за 7 часа работа плус 3 евра за секој час дополнителна работа. Но, работеле по 12 часа на ден, под оружен надзор, живееле во мизерни услови, без тоалет и вода без да им бидат исплатени ветените надници. Имало неколку штрајкови со цел исплата на плати. Кога биле примени нови работници, апликантите се дигнале повторно на штрајк, бидејќи се плашеле дека никогаш нема да им бидат исплатени надниците. При тоа, оружен надзорник ранил 21 од апликантите.

Јавниот обвинител покренал обвинение за трговија со луѓе против четири лица, но тие биле ослободени од обвиненијата за трговија со луѓе. Санкционирани се еден од газдите и еден надзорник со парична казна за нелегално поседување на оружје и нанесување на тешка телесна повреда и наредено им е да исплатат 1.500 евра вкупна отштета. Надлежниот суд во Грција сметал дека работниците биле запознаени со условите за работа и слободно ги прифатиле. Исто така слободно можеле да се движат, да купуваат, а немало докази дека биле присилени да работат и дека биле експлоатирани поради ранливата ситуација во која се наоѓале. Според судот во Грција, работниците можеле да преговараат, а нивниот нелегален престој во Грција не бил злоупотребуван од работодавците. Наводите на апликантите дека не им биле исплатени надници, дека биле под принуда и закана не ги прифатил грчкиот суд поради тоа што овие наводи не биле изнесени во текот на истрагата, тука при испрашувањето за време на судската постапка. Барањето до Вишиот обвинител за обжалување на пресудата било одбиено.

Апликантите се жалеле дека со судската пресуда и одлуката на обвинителот е повреден членот 4 став 2 од ЕКЧП кој забранува присилна или обврзувачка работа. Тие се жалеле дека Грција не ја исполнила својата позитивна обврска да спречи тие да станат жртви на трговија со луѓе, да ги заштити работниците и да ги санкционира соодветно сторителите на повредата. Европскиот суд ги потенцирал општите принципи за членот 4 од ЕКЧП, односно дека државите мора да ја превенираат трговијата со луѓе, да ги заштитат жртвите и да ја сузбијат трговијата со луѓе. Се бара согласно членот 4 од ЕКЧП:

a) адекватна законска и административна рамка за исполнување на овие обврски;
b) кога државата има сознание за конкретни околности кои поттикнуваат разумно сомнение дека едно лице е подложено на трговија со луѓе, тогаш таа има позитивна обврска да ги заштити жртвите;

c) покренување на истрага во случаи кога надлежните органи дознале дека е можно извршување на кривичното дело трговија со луѓе. Истрагата треба да се покрене и по службена должност, да биде независна, да овозможи идентификување и казнување на сторителот на трговија со луѓе. Постапката треба да е итна со заштита на интересите на жртвите и нивните блиски и да се води со должно внимание.

Во конкретниот случај, ЕСЧП утврдил дека апликантите не поседували ни дозвола за престој, ниту дозвола за работа. Ваквата нерегулирана ситуација, ги ставила апликантите во ситуација на ризик да бидат притворени и депортирани. Тие биле свесни за овој ризик, особено доколку го напуштат работното место. Во таков случај, тие би изгубиле секаква можност да им биде барем нешто исплатено од ветените надници. Уште повеќе што апликантите немале каде и како да одат со оглед на тоа дека не добивале пари за својата работа.

Според ЕСЧП, во моментот кога работодавецот сака да профитира од ситуацијата на ранливост на вработениот, работникот веќе не ја нуди својата работа со слободна волја. Постоењето на согласност за работа на почетокот на вработувањето, не исклучува присилна работа. Проценката дали станува збор за присилна работа се прави за секој случај поединечно, врз основа на фактите. Во случајот, фактите укажуваат на трговија со луѓе и присилна работа, што спаѓа во делокругот на членот 4 од ЕКЧП.

Европскиот суд утврдил дека постоела соодветна законска и административна рамка во Грција против трговија со луѓе. Во однос на обврската за превенција и заштита од трговија со луѓе, тој утврдил неактивност од страна на грчките органи, кои иако ја знаеле ситуацијата на работниците-мигранти на фармите за јагоди, не се обиделе да идентификуваат жртви меѓу нив, ниту да им се подобри на некој начин ситуацијата во која се наоѓале.

Во однос на ефективноста на истрагата и судската постапка, ЕСЧП утврдил повреда на оваа позитивна обврска од членот 4 од ЕКЧП. На пример: јавниот обвинител не ги испитал апликантите во врска со нивните наводи за трговија со луѓе, ниту соодветно ги анализирал наодите во светлина на жалбите за трговија со луѓе, туку меѓу другото сметал дека лицата се жалеле дека се жртви на трговија со луѓе со цел на тој начин да се здобијат со легален престој во Грција. Судот во Грција ги одбил жалбите за трговија со луѓе, бидејќи сметал дека апликантите можеле да се заштитат и дека можеле слободно да се движат и да го напуштат работното место. Но, ЕСЧП утврдил дека постоење на елементот-ограничување на слободата не е пресуден за да се утврди дали постоело кривичното дело трговија со луѓе, туку е елемент кој укажува на животните околности на можна жртва на трговија со луѓе. Според

него, судот не ја разгледал соодветно жалбата за извршено кривично дело трговија со луѓе. Иако надзорникот и газдата биле осудени и казнети за нанесување на тешка телесна повреда, отштетата која им било наредено да ја исплатат по човек изнесувала само 43 евра. Врз основа на горенаведеното, ЕСЧП одлучил дека Грција го повредила членот 4 став 2 од ЕКЧП.

Кога станува збор за кривично-правниот одговор во земјава, согласно Законот за кривична постапка, на жртвите на трговија со луѓе им следи процесна заштита со цел да се обезбеди нивната сигурност, безбедност и да им се заштитат личните податоци. СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе содржи процедура во однос на кривичната постапка, во насока на прибирање докази од жртвата, нејзина подготовка и поддршка за и во текот на судската постапка.

Жртвите имаат право на обесштетување, кое може да го остварат во кривична или граѓанска постапка од страна на сторителот, или од државни средства врз основа на принципот на солидарност. Согласно Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, кој стапи на сила во мај 2023 година (Службен весник бр. 247/2022) на жртвите странци на трговија со луѓе им следува обесштетување од страна на државата по пријавување на кривичното дело во полиција или јавно обвинителство, освен доколку жртвите не се од земја на ЕУ, или кривичното дело е извршено во ЕУ, бидејќи тие одредби стапуваат на сила кога државата ќе стане дел од ЕУ. Максималната сума е 5.000 евра која вклучува покривање на материјална и нематеријална штета. По 2016 година нема случај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација со судска завршница (Лажетиќ Г., Здравкова И., 2020).

Заклучни согледувања

Мигрантите и барателите на азил се ранливи на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, поради паричните средства кои им се неопходни за патувањето, тешкотиите со наоѓање на работа и несигурната ситуација во која се наоѓаат. Од тие причини, постојат соодветни механизми во Советот на Европа за нивна заштита, како што се КАПТЛ и ЕКЧП. Исто така и ЕСЧП има надлежност да постапува по апликации за евентуални случаи на трговија со луѓе за трудова експлоатација против Северна Македонија, поднесена од мигрант, барател на азил или лице со статус на бегалец.

Постојат многу предизвици во однос на идентификацијата, заштитата, помошта, безбедното враќање, кривично-правниот одговор и обесштетувањето на жртва на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација меѓу нерегулираните мигранти и барателите на азил во Северна Македонија. Од тие причини потребно е да се отвори широка

дебата на оваа тема, не само помеѓу стручната јавност, туку и пошироката јавност, вклучително и приватниот сектор, да се запознае со ситуацијата и можната трудова експлоатација на овие ранливи категории мигранти и барателите на азил. Потребно е да се надградува јавната свест за опасностите од овој вид криминалитет и да се мобилизираат соодветни ресурси за негова превенција и сузбивање согласно стандардите на Советот на Европа.

За превентивно да се делува во оваа област, потребно е претставниците на полицијата и НВО редовно и соодветно да ги информираат мигрантите и барателите на азил на јазик којшто го разбираат за ризиците од трговија со луѓе, за нивните права и постоечките заштитни механизми на граничните пунктови и во прифатните и центрите за транзит. Тие исто така би требало да бидат информирани за начините на пријавување на прекршувањата на нивните права, за надлежните служби и за нивните контакти.

Идентификација на жртви на трговија со луѓе има правна рамка, се организираат обуки, но сеуште нема идентификувано жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација меѓу мигрантите кои поминуваат низ државата и барателите на азил. Очевидна е потребата за зајакнување на капацитетите на тие кои први доаѓаат во контакт со можни жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација меѓу мигрантите и барателите на азил за нивна прелиминарна идентификација.

Идентификацијата на жртвите на трговијата со луѓе за трудова експлоатација и нивната заштита бараат мулти-дисциплинарен и меѓуинституционален пристап, со акцентирана потреба за соработка помеѓу полицијата, обвинителството, давателите на бесплатна правна помош, трудовите инспектори, здравствените и социјалните служби, невладините и меѓународните организации. На ваков начин, би се подобрила првичната и формалната идентификација на жртвите, со што тие би добиле пристап кон правата кои им следуваат согласно меѓународните стандарди и домашната легислатива во насока на нивна успешна ресоцијализацијата и реинтеграција во Северна Македонија или земјата на враќање.

Очевиден е недостатокот на адекватно сместување на потенцијалните и идентификуваните жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација меѓу нерегуларните мигранти и барателите на азил, особено кога се работи за жртви од машки пол. Проблемот на обезбедување одржлива помош и заштита на оваа категорија на жртви на трговија со луѓе исто така бара решение во догледно време, иако е ублажен благодарејќи на поддршката на меѓународните донатори и НВО. Од горенаведеното произлегува итната потреба за подобрена

заштита на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација меѓу мигрантите и барателите на азил.

Кривично-правниот одговор на овој вид на криминалитет исто така ќе мора да се зајакне преку градење на капацитети и обезбедување на соодветни човечки и материјални ресурси, како и преку градење на свест за позитивната обврска на државата за водење на ефикасни истраги, кривично гонење и пропорционално казнување на трговците со луѓе за трудова експлоатација, кои профитираат на неправеден начин од туѓата мака.

Кога се работи за регулирани или нерегулирани мигранти како жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, потребно е акцент да се стави и врз меѓународната соработка со полицијата и обвинителството од земјите на потекло на мигрантите во Северна Македонија. Соработката би можела да се регулира со помош на билатерални договори, како и со поддршка на Интерпол и Европол, со цел ефективни кривични постапки и заштита на жртвите согласно меѓународните стандарди. Така и во случај кога кривичното дело е сторено во друга држава, а Северна Македонија нема надлежност за негово гонење, жртвата сепак би можела да се заштити, а податоците за стореното кривично дело да се споделат со државата која е надлежна за кривичната постапка и на тој начин да се направи придонес кон меѓународната соработка.

Користена литература

[1] GRETA. (2017). *7th general report on trafficking in human beings for the purpose of labour exploitation* (pp. 5–8). Council of Europe.

[2] GRETA. (2023). *Evaluation report on North Macedonia: Third evaluation round – Access to justice and effective remedies for victims of trafficking in human beings* (GRETA(2023)02). Council of Europe.

[3] Drangovski, Z. (2019). *Lessons learned from the 2015–2016 migration situation in the Western Balkan region* (pp. 5, 14). ICMPD.

[4] European Court of Human Rights. (2023). *Guide on Article 4 of the European Convention on Human Rights: Prohibition of slavery and forced labour*. Council of Europe.

[5] International Labour Organization, Walk Free, & International Organization for Migration. (2022). *Global estimates of modern slavery: Forced labour and forced marriage* (p. 2). ILO.

[6] Лажетиќ, Г., & Здравкова, И. (2020). *Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки* (pp. 88–91).

[7] Маркудов, Љ., Конеска, М., Ефремова, С., & Ристиќ, Ј. (2024). *Проактивни истраги, ефикасно кривично гонење и*

пресудување на случаи на трговија со луѓе и деца со особен фокус на мигранти во ризик од трговија со луѓе (pp. 10, 36, 40–41). Council of Europe.
[8] Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. (2021). *Стратегија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција 2021–2025* (pp. 39–40).
[9] Петреска, Е. (2020). *Оцена на Националната стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција (2017–2020)* (pp. 38–39). ICMPD.
[10] Скриванкова, К., и др. (2022). *Трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија: Фактори на ризик, трендови и предизвици* (p. 35). Council of Europe.
[11]United Nations Office on Drugs and Crime. (2022). *Global report on trafficking in persons* (p. 17). United Nations.
[12] Gallagher, A. (2001). Human rights and the new UN protocols on trafficking and migrant smuggling: A preliminary analysis. *Human Rights Quarterly, 23*(4), 975–1004.
[13] Gradarsevic-Sijercic, J. (2012). Radnopravni aspekt trgovine ljudskim bićima. *Godišnjak Pravnog fakulteta u Sarajevu, LV*, 181–205.
[14] Kuric-Hodzic, D. (2017). Radna eksploatacija djece u Bosni i Hercegovini kao oblik trgovine ljudima. *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, 5*, 336–350.
[15] Mahmoud, T., & Trebesch, C. (2010). The economics of human trafficking and labour migration: Micro-evidence from Eastern Europe. *Journal of Comparative Economics, 38*(2), 173–188.
[16] Howard, N., & Lalani, M. (2008). The politics of human trafficking. *St Antony's International Review, 4*(1), 5–15, 20.
[17] Закон за меѓународна и привремена заштита. (2018). *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 64/2018.
[18] Кривичен законик. (2002). *Службен весник на Република Македонија*, бр. 4/2002.
[19] Brunovskis, A., & Surtees, R. (2019). *Identifying trafficked migrants and refugees along the Balkan route: Exploring the boundaries of exploitation, vulnerability and risk*. Springer.
[20] Закон за странци – пречистен текст. (2018).
[21] International Organization for Migration. (2015). *Mixed migration flows in the Mediterranean and beyond: Compilation of available data and information – 2015 overview*.
[22] Council of Europe. (2005). *Convention on action against trafficking in human beings* (ETS No. 197).
[23] Council of Europe. (2008). *Convention on action against trafficking in human beings*.

[24] European Court of Human Rights. (n.d.). *HUDOC database*. https://hudoc.echr.coe.int
[25] Council of Europe. (2022). *Recommendation CM/Rec(2022)21 of the Committee of Ministers to member States on preventing and combating trafficking in human beings for the purpose of labour exploitation*.
[26] Frontex. (2023). *EU's external borders in 2022: Number of irregular border crossings highest since 2016*. European Union

Светлана Јакимовска[1]

АНАЛИЗА НА ТЕРМИНИТЕ И КОЛОКАЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО НА БЕГАЛЦИТЕ

1. Вовед – поим за терминологија

Долго време под терминот *терминологија* се подразбирала „листа на термини од одредена област“. Во таа смисла, се зборувало за медицинска, правна, хемиска терминологија итн. Дури во 90-тите години на минатиот век, терминологијата се востановува како наука и денес се дефинира како „научно проучување на концептите и на термините во употреба во стручните јазици“[2] (Pavel & Nolet, 2001, p. xvii). Синтагмата *стручни јазици* се однесува на јазикот во употреба во науката, техниката и уметноста. Оваа синтагма не означува посебни јазици или потсистеми на општиот јазик, туку тоа е самиот јазик со кој се изразуваат специфични знаења (види: Lerat, 1995). Се разбира дека јазикот употребен во одреден стручен домен се стекнува со особености, со карактеристики кои ги нема доколку се користи секојдневно, во вообичаени говорни ситуации. Сепак, овие особености не ги сретнуваме на фонолошко или на морфолошко рамниште затоа што стручните јазици не користат фонеми или флексии кои не се дел од општиот јазик. Специфики постојат на синтаксичко рамниште односно, во одредени домени, можеме да зборуваме за специфична синтакса која соодветствува на синтаксички правила на општиот јазик. Така, во јазикот на правото можеме да констатираме честа употреба на сложени реченици, со вметнати апозиции или набројувања, што соодветствува на реалните потреби во овој домен да се исцрпат сите можни ситуации и да се одбегнат злоупотреби. Сепак, најголемите специфики во доменот на стручните јазици ги сретнуваме на ниво на термини.

Оттука заклучуваме дека потребата од востановување на терминологијата како наука од јазичен аспект се базира на особеностите на стручните јазици на ниво на термини. Сепак, еден од главните фактори за востановувањето на оваа нова лингвистичка гранка е забрзаниот развој на науката и на техниката односно создавањето нови предмети кои било потребно да се именуваат. Од оваа потреба

[1] Проф. д-р Светлана Јакимовска е редовен професор по француски јазик и книжевност на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, email: svetlana.jakimovska-@ugd.edu.mk;

[2] *Discipline linguistique consacrée à l'étude scientifique des concepts et des termes en usage dans les langues de spécialité.*

произлегува и основната разлика помеѓу зборот и терминот. Имено, за разлика од јазичниот знак односно зборот кај кого обично тргнуваме од ознаката и се прашуваме што таа значи, кај терминот постои предност на концептот (менталната слика за предметот) пред називот, односно најчесто се прашуваме како одреден концепт да се именува.

Уште еден нејазичен фактор кој влијае врз развојот на терминологијата е глобализираната комуникација и трговија односно потребата да се користат унифицирани, стандардизирани термини за да се одбегнат недоразбирањата. Во таа смисла задачата на терминологијата не е само да именува, туку и да стандардизира. На тој начин, полза од терминолошката работа би имале и стручните лица од одреден домен, но и преведувачите на стручни текстови.

Можеме да заклучиме дека терминологијата е нова лингвистичка дисциплина која главно произлегла од потребата да се именуваат откритијата во науката и техниката. Покрај оваа задача, таа исто така се фокусира и на стандардизацијата односно на потребата новите термини да бидат унифицирани, стандардизирани за да не настане недоразбирање во комуникацијата меѓу стручните лица.

2. Предмет и цели на анализата

Работата на терминологот главно се состои во собирање термини (ексцерпирање, црпење од стручни текстови), нивна обработка, а потоа и распространување или вкоренување во употреба. Термините се собираат од одреден домен и потоа се изработуваат листи или бази на податоци. Најчесто, во сите поразвиени или пообемни бази на податоци термините се распределени во одреден домен, но и поддомен. Во ова поглавје ќе ги анализираме термините кои припаѓаат на доменот на правото и на поддоменот на правото на бегалците. Станува збор за една гранка на меѓународното право која е особено актуелна во последните неколку децении. Термините ги ексцерпиравме од три текстови релевантни за оваа област *Конвенцијата за заштита на бегалците* на ООН (1951) (во понатамошниот текст Конвенцијата), *Законот за меѓународна и привремена заштита* (2018) (во понатамошниот текст Законот) и *Водичот за меѓународна заштита на бегалци и градење државни системи за азил* (Николсон & Кумин: 2017) (во понатамошниот текст Водичот). Притоа, Законот е текст пишуван директно на македонски јазик, додека другите два текста претставуваат преводи од англиски јазик.

Треба да се наспомене дека не може да се постават строги граници помеѓу термините кои припаѓаат на одделните домени и оние од општиот јазик (Lerat: 1995). Во таа смисла и самиот термин *право* често се користи и во заедничкиот јазик, во секојдневни ситуации, во

контексти како *има право, нема право* итн. Уште потешко може да се востанови граници меѓу термините кои припаѓаат на одделни гранки на правото како *меѓународно право, кривично право, граѓанско право* итн. Правото на бегалците како поддомен на меѓународното право во таа смисла ќе располага со строго стручни термини како *азил, бегалец, мигрант,* но и термини од меѓународното право како *конвенција, резолуција, протокол.* Во текстовите од областа на правото на бегалците ќе сретнеме и термини во општа употреба во правните документи како што е и самиот термин *право,* но и *закон, членот, став* итн. Во ова поглавје акцентот е ставен на термините од потесните поддомени, но, сепак, кога тоа го наметнува зачестеноста или специфичната форма на термините, разгледуваме и термини кои припаѓаат на правниот домен во широка смисла.

Предмет на анализа во поглавјето се различните видови термини, како скратени форми, заемки, а детално се осврнуваме и на начините на зборообразување на термините. Се разгледуваат и терминолошките комбинации, односно колокациите, но и одредени пропусти што се сретнуваат, особено во преведените текстови. Во таа смисла, целта на трудот е да укаже на кој начин би требало да се оформуваат, создаваат термините во доменот на правото на бегалците, но и да укаже на грешки при употребата на одредени термини. Терминолошките грешки не само што ја нарушуваат стандардизацијата на термините, туку, особено во овој домен, може да доведат до сериозни злоупотреби. Целта на трудот е, меѓу другото, да укаже на ваквите нарушувања на терминолошката стандардизација и да понуди решенија кои би значеле усовршена употреба на термините од овој домен, но и развивање на свеста за почитување на јазичната норма воопшто.

3. Видови термини од областа на правото на бегалците

3.1. Скратени форми

Според Правописот на македонскиот јазик, скратените форми на зборовите се делат на две големи групи: скратеници (акроними) и скратувања (абревијации) (Правопис на македонскиот јазик.: 2017, стр. 147).

Во анализираниот корпус најзастапени беа скратениците т.е. акронимите односно скратени форми изведени од првите букви на синтагми. Во однос на образувањето акроними сретнуваме една основна недоследност односно одредени акроними се изведени од соодветниот македонски превод на синтагмата, а други пак претставуваат први букви од непреведена англиска синтагма. Така, *МКС* е акроним од *Меѓународен кривичен суд*, додека *УНИЦЕФ* е акроним од англиското *United Nations International Children's Emergency Fund*. Во воведниот дел на *Водичот за*

меѓународна заштита на бегалци и градење државни системи за азил сретнуваме листа со 60 скратеници. Од нив, 18 скратеници се преземени од англискиот јазик, а останатите 42 со преземање на првите букви од преведените називи. Сепак, дури и во рамките на двете групи сретнуваме недоследности. Во акронимите преземени од англискиот јазик 17 се пренесени со кирилско писмо, но еден акроним е наведен во латинична форма: *UNRWA.* Причината за ваквото целосно заемање е најверојатно присуството на графемата *w.* Во овој случај останува нејасно зошто називите не биле преведени, а потоа пренесени како акроними: *United Nations Relief and Works Agency* for Palestine Refugees in the Near East-*Агенција на Обединетите нации за помош и вработување* (АОНПВ) за палестинските бегалци на блискиот исток. Од друга страна, доколку преведувачите сакале да се пренесе акронимот во англиската форма, според Правописот (Цветковски, Веновска-Антевска и др.: 2017, стр.150) латинична буква се предава со кирилска буква најблиска по изговор односно *w* би требало да се пренесе со *в.*

Во групата македонски скратеници исто така сретнуваме неконзистентности во образувањето. Од вкупно 42 преведени кратенки, кај три сретнуваме елементи во објаснувањето кои не се содржани во кратенката: *КПТ – Конвенција против тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување*, *КЧП – Комитет на ОН за човекови права*, *МКЕРД –Меѓународна конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација*. Кај две, пак, кратенката во себе содржи почетни букви на сложенка, како во случајот на *НВО-Невладина организација* и *МПУ – Меѓупарламентарна унија.* Слично, во текстот на Конвенцијата го сретнавме акронимот *с.р.* кој е изведен од семантичките единици на сложенката *своерачно.*

Од изнесеното се забележува дека постојат недоследности во однос на употребата на скратениците во доменот на правото на бегалците. Таа недоследност се огледа во фактот што речиси една третина се преземени од англискиот јазик, а останатите се изведени од македонски преведени форми. Тенденцијата кон стандардизација во овој случај би наложила сите акроними да се изведуваат на ист начин односно од преведените називи на македонски. Сепак, мора да се забележи дека одредени скратеници како, на пример, *УНИЦЕФ*, *УНЕСКО*, *ХИВ* или *СИДА* се навлезени како такви во употребата и тешко би се искорениле. Во таа смисла останува препораката за оние кои сè уште не се вкоренети во употребата да се пренесуваат од македонските преводни еквиваленти. Така, наместо со *EACO (European Asylum Support Office)*, Европската канцеларија за поддршка за азил би можела да се пренесе како *ЕКПА*, *ИКАО (International Civil Aviation Organisation)* како *МОЦВ – Меѓународна организација за цивилно воздухопловство* итн.

Недоследностите во однос на пренесувањето на акронимите понекогаш може да се објаснат и со нивниот изговор. Односно постојат, меѓу другото, гласовни акроними (кои се читаат како еден збор) и буквени акроними (кај кои секоја буква се изговара поединечно) (Минова-Ѓуркова: 2003, стр. 150-151[3]). Така, на пример, споменатиот акроним *ИКАО* е гласовен, односно може да се прочита како цел збор, за разлика од преведениот акроним МОЦВ кој мора да се прочита буква по буква. Сепак, ова не е правило бидејќи и преведениот акроним *ЕКПА* и преземениот акроним *ИКАО* се гласовни.

Скратувањата, односно абревијациите се добиваат кога ќе се скратат крајните букви од зборот за да се заштеди простор или време. Во корпусот сретнавме скратувања кои се сретнуваат во општиот јазик како *бр.-број* и *г.-година.*

3.2. Заемки

3.2.1. Заемки од други јазици

Заемањето е постапка при која одредена лексема се пренесува онака како што се изговара во јазикот од кој се заема (види Хлебец: 2009, стр.15). Заемањето се практикува само кога во целниот јазик постои лексичка празнина, односно не постои соодветен назив за одреден концепт. Во јазикот на правото, поради наследството на римското право забележително е заемањето од латинскиот јазик. Покрај заемките од латинскиот јазик, поради употребата на францускиот јазик во меѓународното право и дипломатија може да се забележи и заемање од францускиот јазик. Силното глобално влијание на англискиот јазик се чувствува и во овој домен, па во корпусот сретнавме и заемки од англиско потекло.

Заемките од латинскиот јазик, можеме да ги поделиме во две групи. Во првата група спаѓаат оние кои се преземени во латинична форма, додека во втората, побројна група се термините кај кои латинската форма е адаптирана на правилата на македонскиот јазик.

Изрази преземени во оригинална форма од латинскиот јазик сретнуваме и во *Водичот за меѓународна заштита на бегалци и градење државни системи за азил* и во *Конвенцијата за статусот на бегалците*. Во *Водичот* латинските синтагми најчесто се дополнување на преведената македонска синтагма. Така, изразот *бегалец на прв поглед* е дополнет во заграда со латинската синтагма *prima facie.* Во останатите контексти оставен е латинскиот израз како на пример, пристап *prima facie,* статус *prima facie.* Останатите три латински синтагми се дополнување на македонските преводни еквиваленти *добра волја (bona fide), право според*

[3] Ѓуркова го користи терминот *скратеница.*

местото на раѓање (jus soli) и *право според крвно сродство (jus sanguinis)*[4]. Во Конвенцијата се сретнуваат три латински изрази *ipso facto, cautio iudicatum solvi* и *mutatis mutandis.* Во контекстите употребени во Конвенцијата преведувачите можеле да обезбедат соодветен македонски превод односно *ipso facto-само по себе, ослободување cautio iudicatum solvi-ослободување од судски трошоци, mutatis mutandis-кога ќе се извршат потребните измени.* Во текстот на Законот не сретнавме латински синтагми.

Во однос на заемките кои потекнуваат од латинскиот јазик, а се адаптирани на македонскиот јазичен систем, примерите во сите три документи од корпусот се бројни. Тие често означуваат одредени документи како *конвенција, декларација, преамбула, резолуција, статут, виза*, но и постапки или процеси *егзекуција, егзистенција, екстрадиција*, *депортација, санкција*, *репатријација, интеграција, маргинализација, реинтеграција, ратификација, натурализација, дискриминација, рехабилитација, релокација* итн. Во оваа правна гранка често се сретнуваат и латинските заемки *мигрант, егзил, мандат, прерогатив, ресурс, солидарност, статус, транзит, цивил.* Освен именски форми, сретнуваме заемки од латинскиот јазик и во форма на придавки како *инклузивна (примена), супсидијарна*, *примарна (здравствена заштита), превентивна (мерка), комплементарна (заштита), суспензивно (дејство), дискриминаторски (начин), арбитрарно (задржување)* итн. Сретнуваме и глаголски форми како *ратификува, ревидира, депонира, интегрира*, *евидентира*, *легитимира, сегрегира* итн.

Во одредени случаи заемањето не е оправдано затоа што во македонскиот јазик постои соодветен термин. Таков е случајот со терминот *сукцесија* кој може да се замени со македонскиот термин *наследство* или *наследување*, *комплементарна* може да се замени со *дополнителна,* а *релокација* со *преместување.* Слично и терминот *индиции* може да биде заменет со терминот *показатели* или придавката *арбитрарно* со *самоволно, произволно.* Во контекстот *мажите и жените треба да бидат сегрегирани* терминот *сегрегирани* треба да се замени со *одделени*.

Во Законот ја сретнавме и заемката од латинскиот јазик *аудио* во контекст во кој се вели дека (...) *сослушувањето може да биде и аудио снимено*. Ваквата употреба е неправилна бидејќи заемката е употребена во улога на прилог за начин иако во македонскиот јазик таа врши

[4] Во последните два латински изрази неправилна е употребата на графемата *j* која не постоела во латинскиот јазик. Правилно би било да се запишат изразите како *ius soli* и *ius* sanguinis.

придавска функција. Во таа смисла подобра би била формулацијата дека „сослушувањето може да биде сочувано на аудиоснимка“.

Францускиот јазик кој долго време бил јазик на дипломатијата извршил силно влијание во доменот на меѓународното право, па и на правото воопшто. Затоа одредени термини, како *шеф (на држава), режим,* (јазична) *бариера* може да се сретнат во документите посветени на заштитата на бегалците. Сепак, интересно е да се забележи дека во сите три документи сретнавме француски термини кои не беа адаптирани на македонскиот јазичен систем, односно беа во латинична форма. Во Законот во два наврати се зборува за *меѓународна заштита sur place*, а во Водичот често се употребува синтагмата *бегалци sur place.* Бидејќи во македонскиот јазик постои соодветен израз *на лице место* кој може да се искористи и во двата контексти: *меѓународна заштита на лице место* и *бегалци на лице место* останува нејасно зашто е синтагмата сочувана во изворната форма. Во Конвенцијата, пак, француската именка *refoulement* следи во заграда по преводот со дефиниција: „забрана за протерување или враќање“. Исто решение сретнуваме и во Законот, па француската именка и соодветниот глагол се наведени само во заграда по македонските термини: забрана за протерување или враќање (refoulement) и *Ниту една држава договорничка нема да протера или со сила да врати (refouler).* Бидејќи македонскиот превод е доволно прецизен и јасен сметаме дека е непотребна употребата на француските термини во овие контексти.

Иако мигрантските процеси и бегалските кризи се, за жал, доста актуелни, во јазикот на правото не забележуваме силно влијание на англискиот јазик. Во таа смисла, во текстот на Водичот ги сретнавме термините: *скрининг, мониторинг, интервјуирање* и *аутсорсинг.* Наместо првиот термин би можеле да се искористат и бројни други термини како веќе предложениот во самата брошура: *профилирање, проверка, распределување* итн. Наместо терминот *мониторинг* би можел да се искористи терминот *надгледување.* Наместо *интервјуирање* во контексти на бегалска криза посоодветно е да се користи терминот *разговор* или *информативен разговор* затоа што станува збор за кусо распрашување на бегалецот за неговите основни податоци. Терминот, пак, *аутсорсинг* може да се замени со „пренесување на бегалецот во трета земја“. Сите заемки од англискиот јазик ги пронајдовме во Водичот, па оттаму можеме да заклучиме дека станува збор за силно влијание на англискиот јазик кое можело да биде избегнато со употреба на соодветни македонски еквиваленти.

Влијанието на грчкиот јазик во овој домен е помало, па забележавме само неколку грчки заемки како: *протокол, азил, егзодус, стигматизација* или *ксенофобија*.

3.2.2. Зборови позајмени од општиот јазик или од други стручни домени

Дел од термините што беа предмет на анализа навлегле во употреба во правниот јазик или преку специјализација на зборови од општиот јазик или преку заемање од одреден стручен домен.

Термините кои во правниот јазик навлегле од општиот јазик најчесто биле предмет на проширување на значенското поле по пат на метафоризација односно по пат на сличност. Во таа смисла се користи синтагмата *миграциски текови* бидејќи првичното значење на зборот *тек* како „течење, движење на вода“ (Толковен речник на македонскиот јазик, н.д.) е проширено во овој случај за да се опише движењето на поголем број лица. Слично, во корпусот сретнавме повеќе синтагми со лексемата *извор* како *извори на правото, извори на финансирање*, *релевантни факти од различни извори*, но и други синтагми и изрази во кои термините се употребуваат со пренесено значење како: *споделувањето на **товарот** и на одговорноста*, ***кршење** на човековите права, **ужива** привремена заштита, **потесно** семејство, **предмет** на барателот, поставување на **темелите** за решенија, правна **рамка, мрежи** за поддршка во земјата на азил, легални **патишта вон*** итн. Иако најчесто овие термини се именки, може да се сретнат и глаголи позајмени од општиот јазик како ***прекршува** (меѓународно) право.*

По пат на синегдоха, односно замена на дел за цело, единствено е специјализиран терминот *лице*, со значење „човек, индивидуа“: *Правото на статус на бегалец признаено во Република Македонија престанува за **лице** кое,(...)*.

Дел од термините беа позајмени од други стручни домени и тоа, од доменот на техниката, на медицината и на економијата. Термините од доменот на техниката ги сретнавме во контексти како: *меѓународни **инструменти** за бегалци*, *населувањето во трета земја е **механизам** за заштита* и *населувањето во трета земја е **алатка** за обезбедување меѓународна заштита.*

Од доменот на медицината ги ексцерпиравме следните термини: ***повреди** на членот 1*, *правен **лек***, ***срж** на националниот систем за азил, национални **органи,** независно **тело***.

Од доменот на економијата позајмен е терминот *трговија* во синтагмата *трговија со луѓе.*

3.2.3. Зборообразување

Правилата за зборообразување кои важат за лексемите во општиот јазик, се применуваат и во поддоменот на правото на бегалците[5]. Анализата на корпусот не покажа поголеми специфики во однос на суфиксацијата на термините, па во ова поглавје подетално ќе се осврнеме на префиксација на термините од овој поддомен.

3.2.3.1. Префиксација

Природата на правната наука е таква што референтната реалност ја дели на два дела, односно во правото нешто е или правно или бесправно, па во правото доминираат комплементарните антоними[6]. Во таа смисла, во правните текстови од наведениот корпус, често сретнуваме термини со негативниот префикс не како составен дел. Морфемата *не-* ја сретнуваме во сложенки вкоренети во употребата како: *недискриминација*, *непропорционално*, *нелегално, нечовечно* (постапување), *недопуштено*, *неосновано* (барање), *невистинити* (изјави), *недвижен* (имот), *непосредна* (опасност). Од друга страна, во корпусот често сретнувавме сложенки со префиксот *не-* кои не се востановени во употреба како *неиздавање* (потврда), *невраќање, неказнување, неполитичко* (кривично дело), *неприкажување* (факти), *непридружувани (деца)*. Овие форми не се застапени ниту во Толковниот речник на македонскиот јазик и нивната употреба може да се објасни со влијанието на англискиот јазик од една страна, но и од потребата за стегнат израз, од друга. Всушност, во овие случаи се наметнува потребата од подолг описен израз или превод. Така, на пример, синтагмата *неполитичко кривично дело* може да се преведе како *кривично дело што не е од политичка природа. Неприкажување факти* може да се пренесе *како сокривање факти* или *непридружувани (деца)* со *деца без придружба*. Во контекстот *Во случај на неиздавање на потврдата* може да се пренесе како *Во случај да не се издаде потврдата.* Исто така, во Дигиталниот речник на македонскиот јазик се сретнува терминот *неказнивост* кој би можел да биде употребен наместо терминот *неказнување.* Во одредени случаи би требало да се размисли и за прифаќање нови термини, како што е случај со терминот *невраќање* кој е еден од клучните термини во овој поддомен (како во насловот *принцип на невраќање*, на пример) и често се

[5] Подетално за зборообразувањето во македонскиот литературен јазик види Конески:2003.
[6] Кај комплементарните антоними, не сретнуваме трет член или повеќе членови во значенската низа. За разлика од комплементарните антоними, скалестите антоними се наоѓаат на краевите на значенската низа, но меѓу нив има и други членови. На пример, помеѓу антонимите *жешко* и *студено*, се наоѓа лексемата *млако.* Повеќе информации за односите на антонимија може да се најдат кај Лајонс (Lyons: 1977, p. 270-280). За повеќе информации за антонимијата во јазикот на правото види кај Јакимовска (Jakimovska: 2015).

употребува. Описниот превод во овој случај би довел до чести и сериозни нарушувања на стегнатиот стил кон кој тежнее јазикот на правото.

Со негативните префикси како *без-,бес-* ги сретнавме термините *безусловна (казна затвор), бездржавјанство, бесправен (влез).*

Со негативни префикси се образувани и термините: *вонбрачен (другар), вонредна (мерка) и (денарска) противвредност.*

Кај заемките од латински јазик, негативните префикси се најчесто *де-* или *дис-*: *деградирачко (постапување), дискриминација.*

Исто така по принципот на двојна негација (два негативни префикси) се добива терминот *недискриминација* кој има позитивна референтна вредност.

Често се сретнува префиксот *меѓу-* кој упатува на однос помеѓу два или повеќе ентитети: *меѓувладина*, *меѓународна* (организација). Слично и префиксот *со-* означува сооднос, најчесто меѓу две лица, како што е на пример, именката *сослушување, (меѓународна) соработка.*

Поретко се сретнува префиксот *при-* за да се означи качество од мал степен *привремена (заштита)* и *под-* за да се изрази одредена второстепеност *подзаконски (пропис).*

Поради силното влијание на латинскиот јазик сретнуваме и доста префикси од латинско потекло. Освен веќе споменатите *де-* и *дис-* во честа употреба е и префиксот *ре-* со кој се означува повторливост: *реинтеграција, репатријација, рехабилитација.* Кај термините *имиграција, имигрант,* го сретнуваме префиксот *и-* кој означува влезна насока, а кај термините *емиграција*, *емигрант* префиксот *е-* кој означува излезна насока.

3.2.3.2. Сложени термини

Сложените термини се термини составени од два полнозначни збора. Конески (Конески: 2003, стр.75), според степенот на срастеноста и начинот на поврзување на компонентите сложените зборови ги дели на сложенки, срастенки и составенки.

Кај сложенките поврзувањето на поединечните ентитети се врши со помош на интерфикс. Сложенките во корпусот беа поврзани со интерфиксот *о-*: *доброволно (населување), малолетно, полнолетно (лице), веродостоен, вероисповед, делокруг.*

Во корпусот сретнавме неколку срастенки кај кои сложениот термин се формирал со непосредно поврзување на компонентите. Такви се срастенките со заменските форми *само, свое* и именка: *самодоволност,*

(локална) *самоуправа, своерачно.* Од две именки се составени срастенките *правобранител*, *правосилност, злоупотреба (на правото).* Срастенката *долупотпишаниот* е составена од прилог и глагол, *делотворен* од именка и глагол, а *сеопфатен* (пристап) од заменка и глаголска придавка. Од придавка и именка е составена срастенката *благосостојба (на задржани лица).*

Составенките, односно називите на еден концепт составен од два или повеќе збора кои не се поврзани ортографски, не беа многу застапени во корпусот. Во таа смисла можевме да ги одделиме составенките *дете војник, дете мигрант, земја домаќин, земја членка, заедница домаќин.* Станува збор за двочлени состави од именки од кои едната ја определува другата.

Во корпусот сретнавме и неполно сраснати зборови кај кои деловите што го образуваат сложениот збор поседуваат извесна самостојност. Дел од нив се поврзани со цртичка: *психо-социјална (помош)* и *имотно-правни (обврски), конзуларно-дипломатски (претставништва).*

3.2.3.3. Колокации

Терминот *колокација* потекнува од латинските зборови „*cum*“ што значи „со“ и *locare* што значи „сместува“ и со него се означува односот на блискост меѓу лексичките единици. Во Дигиталниот речник на македонскиот јазик колокацијата се дефинира како „Комбинација од зборови што често се јавуваат еден до друг. Дибоа и Џакомо (Dubois & Giacomo:1994) истакнуваат дека истите зборовите се поврзуваат во колокации без разлика на кои граматички категории припаѓаат. Така, со терминот *азил* може да се поврзе именката *барател на азил,* но и глаголот *бара азил.* Исто така, за разлика од фраземите, вкупното значење на колокацијата претставува збир од поединечни значења.

Во анализираниот корпус сретнавме колокации со различна структура.

Дел од колокациите беа составени од придавка и именка, како: *прифатен центар, масовен прилив, граничен премин, раселени лица, меѓународна заштита, оправдан страв, политичко уверување*, *воено злосторство, вооружен конфликт, основано сомневање, вистински (реален) ризик, разумни дејства, семејно единство, редовна постапка, основан страв, јавен ред, надлежен суд, патна исправа, ранливи лица, правна положба, социјална заштита, здравствена заштита, правна заштита*. Одредени колокации со посложена структура содржеа две придавски форми и именка како: *најкус можен рок, тешко кривично дело, дозволен привремен престој.*

Во помал број беа застапени колокациите составени од глагол и именка како: *поднесува приговор, бара азил, ужива право,* а само една колокација содржеше број и придавка: *трети земји.*

Чести беа и сложените колокации составени од две именки во генитивен сооднос, поврзани со предлогот *на*: *владеење на правото, земја на потекло, право на азил, статус на бегалец, пазар на труд, ограничување на слобода*, *слобода на движење, алтернативи на задржувањето*, *барател на азил*, *органи на прогон, земја на потекло*. Помал број сложени колокации се состоеја од две именки поврзани со предлогот *за*: *дозвола за престој, алтернатива за бегство* или со предлогот *против*: *злосторство против човештвото*.

Посложени колокации, составени од повеќе од три члена, а кои се дел од јазикот на правото воопшто се: *во согласност со закон* и *под услови утврдени со закон.*

4. Грешки во употреба на термините

Во анализираниот корпус проследивме повеќе грешки кои беа од јазична и од терминолошка природа.

Кога станува збор за грешките од јазична природа треба да се истакне дека најчесто ваквите грешки сведочат дека текстот не бил подложен на лекторска обработка. Се разбира дека вакви грешки се недопустливи, особено во законски текстови бидејќи можат да остават простор за злоупотреба, но и ја загрозуваат терминолошката стандардизација.

Во рамките на јазичните грешки можеме да го споменеме погрешниот правопис на синтагмата *Женевска конвенција* кој во рамките на Законот еднаш е напишан со двете големи почетни букви, а потоа само со првата почетна буква како што и пропишува Правописот на македонскиот јазик (Цветковски, Веновска-Антевска и др. 2017). Исто така во Законот често се забележува погрешна употреба на глаголска именка со предлог како *донесување на одлука* наместо „донесување одлука“, *спроведување на редовна постапка* наместо „спроведување редовна постапка“, *издавање на исправа* наместо „издавање исправа“ итн. Лекторски пропуст е и неправилното пренесување на зборот во нов ред што го забележавме во Водичот каде зборот *меѓудржавен* е погрешно пренесен на слогови како *меѓуд-ржавен* (стр.266). Во истиот документ имаме погрешна транскрипција на латинскиот назив за град – *Картагена.* Во Правописот на македонскиот јазик (Цветковски, Веновска-Антевска и др. 2017 , стр.222) се препорачува овој град да се транскрибира како *Картагина.*

Понекогаш погрешната употреба на термините се должи на влијанието на јазикот од кој е вршен преводот, односно во случајот на Водичот станува збор за англискиот јазик. Ваквите забелешки веќе ги изнесовме кога зборувавме за негативната префиксација. Во таа смисла наместо описни преводи сретнавме термини калкирани од англискиот јазик како што се *недржавни, неиздавање* итн. Слично веќе ги наспоменавме и непотребните заемања на термини од англискиот јазик наместо нивни преводи со соодветни македонски термини. Влијанието на англискиот јазик се гледа и во преводот на некои изрази. Така, во Законот, се *вели Забрането е да се даде исправа од ставовите (1) и (2) на овој членот на послуга на друг*. Наместо синтагмата *на послуга на* во овој случај би требало да се искористи синтагмата *на користење на.* Исто така наместо *исклучување на статус на бегалец* треба да се преведе *прекин на статус на бегалец*, а наместо *да не покажува насилно однесување* треба да преведе *да не се однесува насилно.* Силно влијание на изворникот се забележува во преводот *тие мораат да користат соодветна внимателност* наместо *тие мора да посветат соодветно внимание* или *поради сторување кривични дела* наместо *поради тоа што извршиле кривични дела*. Понекогаш тенденцијата кон стегнат израз, карактеристичен за правниот јазик може да доведе до погрешна употреба на одредени форми. Така во членот 6 од Законот се наспоменуваат *дела на прогонување* наместо *дела, предмет на прогон.*

Конечно, иако не е од доменот на правото треба да се спомене и погрешната употреба на терминот *поимник* што сè почесто се сретнува и во други стручни изданија. Во Водичот сретнавме поднаслов *Поимник на клучни термини поврзани со заштитата на бегалците.* Поимот или концептот во терминологијата претставува ментална слика на предметите и појавите. Депекер, кој го претпочита терминот *концепт* вели дека *Концепт е структурирана единица на мислата преку која го разбираме светот*[7] (Depecker, 2002: p.111). Во таа смисла поимник би претставувал листа на умствени слики, а не листа на термини.

Заклучок

Во ова поглавје се потрудивме да ги анализираме термините од поддоменот на правото на бегалците од повеќе аспекти, а следејќи ги принципите на терминолошката работа анализираните термини ги ексцерпиравме од релевантни текстови.

Термините беа разгледувани од различни аспекти. Најпрво се осврнавме на скратените форми на термините, а потоа на термините позајмени од други јазици, од општиот јазик или од други домени.

[7] *Le concept est une unité structure de pensée par laquelle nous appréhendons le monde.*

Подетално се осврнавме на зборообразувањето, а акцентот беше ставен на префиксацијата, како и на сложените зборови. Се осврнавме и на колокациите, односно на рамништето на јазикот што ги разгледува непосредните комбинации на термините. Конечно, се осврнавме и на јазичните грешки и на грешките во употребата на термините што ги сретнавме во корпусот.

Во однос на употребата на скратените форми, во овој поддомен доминираат акронимите кај кои е забележително отсуство на стандардизација во процесот на нивното оформување. Дел од акронимите во корпусот се изведени од преводи на институции на македонски, кај дел англиските називи се пренесени со кирилско писмо, а дел се преземени со латинично писмо. Недоследности има и во рамките на првите две постапки. Во таа смисла, стандардизацијата би наложила потреба од преводи на називите на институциите на македонски, а потоа оформување на соодветни акроними. Сепак, мора да се прифати дека одредени акроними преземени од англискиот јазик се веќе вкоренети во употреба и тешко би се наметнале нови акроними на нивно место. Вниманието на преведувачите и терминолозите во таа смисла би требало да биде насочено кон оние акроними што не се во широка употреба.

Во однос на заемањето од други јазици забележително е влијанието на латинскиот, францускиот, англискиот и во помала мера на грчкиот јазик. Во оној случај каде заемањата од латинскиот и од францускиот јазик се во латинична форма, препорачливо би било тие форми да се преведат на македонски јазик. Особено затоа што во сите случаи станува збор за прописи што не се однесуваат на ограничен круг стручни лица, туку на поширока читателска публика. Исто така, забележавме и непотребни заемања од англискиот јазик за кои постојат соодветни македонски термини и ваквата практика треба да се избегнува.

Бидејќи правото е во тесна врско со човековото секојдневие јасно е дека голем број зборови од секојдневниот јазик ќе се најдат во употреба во правните текстови и обратно, правните термини често се употребуваат во секојдневната комуникација. Правниот јазик позајмува и од други стручни домени, а во корпусот пронајдовме термини позајмени од медицината, техниката и економијата.

Во однос на зборобразувањето, забележавме одредени примери на неправилна префиксација, под влијание на англискиот јазик и укажавме на алтернативите на ваквата погрешна употреба како што е на пример, преводот со дефиниција. Сепак, оставивме и простор за создавање на нови термини, неоними кои би соодветствувале и на референтната стварност и на потребата од стегнат стил на правните текстови.

Присуството на поголем број сложени термини од разни видови упатува на фактот дека стилот на правните текстови има тенденција кон формалност и свеченост.

Во трудот се осврнавме и на колокациите, односно на начинот на комбинирање на термините кој е исто така мошне специфичен и неретко извор на грешки за лица кои немаат правна наобразба.

Конечно, анализирајќи ги термините во текстовите од корпусот наидовме на грешки од јазична и од терминолошка природа. Покрај споменатото отсуство на стандардизација при образување акроними и непотребното заемање, забележавме и грешки од јазична природа што укажуваат на отсуство на лектура или на невнимателна лектура. Дел од грешките се должеа на силното влијание на англискиот јазик, како во преводот на термините, така и во преводот на колокации или на синтагми.

Користена литература

[1] United Nations General Assembly. (1951, July 28). *Convention relating to the status of refugees*. United Nations, Treaty Series, Vol. 189, p. 137. https://www.refworld.org

[2] Закон за меѓународна и привремена заштита. (2018). *Службен весник на Република Македонија*, бр. 64 од 11.04.2018. https://www.mtsp.gov.mk

[3] Nicholson, F., & Kumin, J. (2017). *A guide to international refugee protection and building state asylum systems* [Водич за меѓународна заштита на бегалци и градење државни системи за азил]. UNHCR.

[4] Depecker, L. (2002). *Entre signe et concept*. Paris: Presses Sorbonne Nouvelle.

[5] Dubois, J., & Giacomo, M. (1994). *Dictionnaire de linguistique et des sciences du langage*. Paris: Larousse.

[6] Хлебец, Б. (2009). *Преводилачке технике и поступци*. Београд: Будућност.

[7] Jakimovska, S. (2015). The antonymy in Macedonian and French legal language. *Iustinianus Primus Law Review*, 6(11). Skopje: Faculty of Law, University "Ss. Cyril and Methodius".

[8] Lerat, P. (1995). *Les langues spécialisées*. Paris: Presses Universitaires de France.

[9] Lyons, J. (1977). *Semantics* (Vol. 1). Cambridge: Cambridge University Press.

[10] Минова-Ѓуркова, Л. (2003). *Стилистика на современиот македонски јазик*. Скопје: Магор.

[11]Pavel, S., & Nolet, D. (2001). *Précis de terminologie*. Ottawa: Travaux publics et Services gouvernementaux Canada.
[12] Конески, К. (2003). *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.
[13] Цветковски, Ж., Веновска-Антевска, С., Груевска-Мацоска, С., Јачева-Улчар, Е., & Саздов, С. (2017). *Правопис на македонскиот јазик*. Скопје: АД Култура.
[14] Дигитален речник на македонскиот јазик. (н.д.). https://drmj.eu
[15] Толковен речник на македонскиот јазик. (н.д.). https://makedonski.gov.mk

Елена Трајковска[1]

ИМПЛИКАЦИИ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА: СУДСКИ ОДЛУКИ ЗА МИГРАЦИЈА НА ЕСЧП vis-à-vis МАКЕДОНСКОТО ПРАВОСУДСТВО

1. Вовед

Интеграциите се интерпретираат како процес на здружување на различни делови, со што се формира кохезивна обединета целина на ефективен начин. Ernest B. Haas (1958) објаснува дека креирањето на наднационалните структура е резултат на лојалноста на земјите членки кон Европската Заедница овозможувајќи ефективна политичка интеграција на супранационално ниво.[2] Роберт Шуман (1950) тврди дека "*Светскиот мир не може да се заштити без вложување креативни напори сразмерни на опасностите што му се закануваат. Придонесот што организирана и жива Европа може да го донесе на цивилизацијата е незаменлив за одржување на мирните односи… Европа нема да се направи одеднаш или според единствен план. Ќе се гради преку конкретни достигнувања кои најпрво создаваат de facto солидарност*."[3] Интеграциите имаат еволуциски карактер кој ги следат глобалните трендови, за кои можеме аргументирано да тврдиме дека перцепцијата за она што значело 'Европски интеграции', во моментот на создавањето на Европските заедници во педесеттите години од минатиот век аналогно на денешната перцепција се разликува, затоа што се работи на еволутивниот процес кој се менува во зависност на потребите и пристапот на актуелните структури на европските институции. Иако, Европскиот суд за човекови права, како институција на Советот на Европа нема директна врска со Европската Унија, сепак неговото значење во рамките на Унијата е од круцијално значење затоа што, земјите членки на ЕУ, се истовремено земји членки на Советот на Европа, но и потписнички на Европската конвенција за човекови права. Предметот на истражување за целите на овој труд е поврзаноста на

[1] М-р Елена Трајковска е докторанд на студии по Европско право и европски интеграции на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, email: elena.trajkovska@ugd.edu.mk;

[2] Haas, E. B. (1958). The uniting of Europe: Political, social, and economic forces, 1950-1957. Stanford University Press.

[3] Schuman, R. (1950, May 9). The Schuman Declaration. European Union. Достапно на: https://european-union.europa.eu/principles-countries-history/history-eu/1945-59/schuman-declaration-may-1950_en.

европските интеграции и одлуките на Европскиот суд за човековите права, која во голема мера е релевантна, затоа што идејата за обединување на Европа, е обединување на европските народи и остварување на нивните права, дотолку што миграцијата, која е неминовен факт и засегнатост на европските простори, од клучно разбирање за ефективно и ефикасно спроведување на политиките и стандардите кои ги поставува Унијата во насока за заштита на човековите права во контекст на мигрантите и бегалците. Миграциските политики и европските интеграции што се темелат на реализирање на човековите права, Унијата ги препознава како основни вредности во рамките на своите граници. Европскиот суд за човекови права игра одлучувачка улога во заштитата на основните права на мигрантите. За да се балансираат потребите на јавните политики, судската пракса на ЕСЧП е до толку значајна што се смета дека е еден од столбовите[4] на европското миграциско право. Успешната превенција од криумчарење мигранти е тесно поврзана со заштитата на човековите права генерално, па затоа македонското право во насока на штитење и остварување на човековите права го гарантира правото на почитување, заштита и исполнување на човековите права на мигрантите. Да се почитуваат човековите права значи да се воздржат институциите и сите актери инволвирани од кршење на човековите права, а во миграцискиот контекст вклучува воздржување од произволно притворање, тортура или колективно протерување на мигрантите, нивното здравје, правен статус или живот во сите фази на миграцискиот процес (во земјите на потекло, транзит и дестинација).[5] Имено, криумчарењето на мигранти се смета за кривично дело[6] против државата и може да биде поврзано со голем број на ризици по определени човекови права, особено кога се работи за најранливите категории на мигранти. Со овој труд, сакаме да ја доближиме ралноста со која се соочуваат мигрантите, при транзиција од една во друга држава, а имаат за цел да стигнат до одредена земја, бидејќи во целиот тој процес мигрантите, особено оние кои се криумчарени, лесно можат да станат мета на насилство, злоупотреба и експлоатација, а истите не се во можност или не знаат како да побараат заштита од институциите на државата во која моментално се наоѓаат. Мигрантите можат да бидат жртви на кривични дела како изнудување, киднапирање и родово базирано насилство, па затоа македонското правосудство во изминативе години се осврна на подобрување на својата работа во контекст на ефективност и ефикасност и работи активно на

[4] De Bruycker, P. Labayle, H. (2012).The influence of ECJ and ECtHR case law on asylum and immigration: Study. European Parliament. Pg. 11.

[5] International standards governing migration policy OHCHR and migration. https://www.ohchr.org/en/migration/international-standards-governing-migration-policy#:~:text=As%20with%20all%20rights%2Dholders,or%20collective%20expulsion%20of%20migrants. Пристапено на ден 10.05.2024.

[6] Чл. 418-б, ст. 2. Кривичен законик. Службен В. на Р.М. бр: 37/1996 од 29.07.1996. Собрание на Република Северна Македонија.

создавање на цврста правна рамка, следејќи ја европската легислатива за поголема заштита на мигрантите, особено поаѓајќи од тоа дека меѓународното право инсистира државите да го криминализираат криумчарењето, но не и мигрантите кои се жртви на криумчарење.[7] Меѓутоа, потребно е да се потенцира дека и покрај тоа што Македонија треба да биде во тек во се она што значи заштита на човековите права на мигрантите, националното законодавство во делот на миграција и азил има поминато долг процес на хармонизација со европското право и истото било повеќе пати менувано и усогласувано со нови регулативи и директиви.[8]

Сепак, се наметнува прашањето колку може македонскиот правен систем да одговори на реалните предизвици во делот на миграции и азил, а истовремено да располага со ефикасно правосудство? Уставната загарантираност дека судството е независно и самостојно, притоа судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот,[9] е цел на која треба постојано да се работи за да имаме позитивни резултати во правосудството. Унапредувањето на судскиот систем и неговото функционирање претставува клучна претпоставка за развитокот на Македонија како демократска правна држава и мултикултурно општество на еднакви во слободите и правата граѓани, вклучувајќи го еден од најважните аспекти за приближување до Европа: *европска интеграција*. Изградбата на систем на самостојно, и непристрасното судство и на институции што гравитираат кон остварувањето на неговата функција на ефективно, квалитетно и правично праворазадавање е постулат на начелото на владеење на правото и на хуманиот и одржлив развој на македонското општество како заедница заснована врз правото легитимирано со уважувањето на највисоките општоцивилизациски вредности. Меѓутоа за да го постигнеме ефектот на непречно владеење на правото, потребно е да се имплементираат наодите и мислењата на Комисијата на Унијата за подобрување на ситуацијата со македонското правосудството, извештајот за Поглавје 23 од 2023 година, Комисијата дава загрижувачки наоди за моменталната ситуација во Македонија од повеќе аспекти. Согласно извештајот, Северна Македонија има умерено ниво на подготовка за примена на правото на ЕУ и европските стандарди во оваа област, но и дека не постои напредок во зајакнувањето на

[7] Штерјоски, И. Божиновска, Б. (2019). Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна
Македонија: Извештај. Македонско здружение на млади правници. Скопје. Стр. 6.

[8] Никодиновска Крстевска, Ана (2020). Нелегалната миграција, Република Македонија и Европската унија: Неколку опсервации за Договорот за реадмисија. Правен факултет, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип. UDC: 341.232(497.7:4-672ЕУ):[314.15:343.343.62. Pg. 608.

[9] Чл. 98, ст 2. Устав на Република Македонија. Службен В. на Р.М. бр:52/1991 од 22.11.1991. Собрание на Република Северна Македонија.

судската независност и подобрување на правната рамка за заштита на основните права, додека се налага Судскиот совет да се залага за заштита на интегритетот и независноста на судиите и институциите, како и да се спротивстави во случај на надворешно влијание. Дополнително, извештајот покажува дека усвојувањето на новата стратегија за реформи во судството доцни[10]. Според последните истражувања на Eurothink, довербата на јавноста во судството паднала на најниско ниво досега (6%).[11], додека Комисијата во годишниот извештајот (2023:18) истакна дека препораките во однос на правосудството не се имплементирани и остануваат и понатаму да важат. Што се однесува до извештајот на Европската Комисија за 2024 година, се наведува, на ист начин дека постои умерено ниво на подготовка за примена на европското право, со што разликата од извештајот од 2023 година, во извештајот за 2024 година се става акцент на тоа моментот дека Македонија усвои нова Стратегија за реформи во правосудството за периодот од 2024 до 2028[12]. Во овој труд, покрај мислењата и препораките на Комисијата, ќе бидат објаснета имплементацијата на одлуките на Европскиот суд за човекови права, објаснувајќи ја значајноста и улогата на оваа институција, како тело на Советот на Европа, преку анализирање законската правна рамка со која располага Македонија во однос на штитењето на правата на мигрантите.

2. Македонско право за заштита на мигрантите преку имплементација на одлуки на ЕСЧП

Националното право има обврска да обезбеди ефективни механизми за олеснување и поттикнување на условите за заштита на мигрантите и азилантите. За тоа не е потребно целосно прилагодување на законодавството, меѓутоа она што е важно да го истакнеме е дека, Македонија како земја кандидат на Европската Унија, е усогласување на македонското законодавство со она што постои во ЕУ. Во овој контекст, Република Северна Македонија ги има потпишано повеќето релевантни инструменти на ОН и СЕ кои се применливи за статусот на земјата. Дополнително, постојат и низа меморандуми за разбирање и договори за соработка, кои ја додаваат целта за олеснување и прецизирање на меѓународната правна соработка. Земјите на Западен Балкан меѓу кои и

[10] Развојна секторска стратегија за правосудство (2024 – 2028). Министерство за правда. Република Северна Македонија.

[11] Еврометар: Перцепции и ставови на граѓаните на Република Северна Македонија за работата на полицијата (2023). Eurothink - Центар за европски стратегии. Стр 30.

[12] European Commission. (2024). North Macedonia 2024 Report. Достапно на https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf4482318ab47e88_en?filename=North%20Macedonia%20Report%202024.pdf. Пристапено на ден 18.10.2024г.

Република Северна Македонија е една од неколкуте[13] која, во 2008 година потпиша оперативен и стратешки договор со Европравда.[14] Исто така, склучен е и договор за соработка со ЕУРОПОЛ во 2007 година.[15] Меѓународните миграции во глобални рамки во периодот по 2015 година забележаа континуиран и интензивен пораст, а значителни промени се забележуваат и во однос на видовите на миграции и правците на движење.[16] Всушност 2015 година ја обележаа илегалната миграција и најголемите миграциски движења во Европската Унија, кои иако беа глобален предизвик, најинтензивно се одвиваа преку западниот медитерански правец, кој минуваше низ Северна Македонија и продолжуваше кон земјите на Европска Унија.[17] Денес, миграциите имаат мултидимензионален и хетероген карактер. Тие се манифестираат во различни видови со променлив обем и карактеристики, што резултира со сериозен предизвик за доследна имплементација на утврдените мерки и активности во функција на реализација на стратешките и конкретните цели на миграциската политика.[18] За Република Северна Македонија се смета се работи за традиционално емиграциона земја во делот на легалните миграции и транзитно подрачје во однос на нелегалните миграции, која води кон сложена проблематика подложна на промени условени од многубројни интерни и екстерни фактори и чинители. Па оттаму, ефикасното управување на надворешните миграциони движења претпоставува континуирани активности и посветеност на сите релевантни чинители во земјата. Оттука, се наметнува потребата да се елаборира како Македонија ги спроведува пресудите и кои механизми се користат при спроведување на пресудите.

Македонија, како земја членка на Советот на Европа, преземајќи ги обврските кои произлегуваат од ваквото членство, е и потписничка на ЕКЧП[19], со што во однос на извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права претставува мошне комплексен процес кој вклучува бројни актери инволвирани во извршување или во

[13] Eurojust has concluded agreements with 12 third countries, including four countries in the Western Balkans (Albania, Montenegro, North Macedonia and Serbia) and Georgia, Iceland, Liechtenstein, Moldova, Norway, Switzerland, Ukraine and the USA.

[14] Agreement on cooperation between Eurojust and the former Yugoslav Republic of Macedonia (2008). Doc. No. 2008/0011.

[15] Agreement on Operational and Strategic Co-operation between the former Yugoslav Republic of Macedonia and the European Police Office signed on 16 January 2007.

[16] Резолуција на миграциската политика на Република Северна Македонија 2021-2025 година. (2021). Влада на Република Северна Македонија. Migration Multi-Partner Trust Fund. Стр. 9.

[17] Меѓународна организација за миграции, 2022. Миграциите во Република Северна Македонија: Профил на земјата 2021. ИОМ, Скопје. Стр. 17.

[18] Ibid. Pg. 75

[19] European Convention on Human Rights (1950). Council of Europe. Достапно на https://70.coe.int/pdf/convention_eng.pdf. Пристапено на ден 10.05.2024.

мониторингот на извршувањето на пресудите, усложнувајќи го самото спроведувањето на одредени мерки и активности кои треба да доведат до ефикасно извршување на пресудите. Се наметнува прашањето зошто е важно извршувањето на пресудите донесени од ЕСЧП? Имено, Европската конвенција за човекови права, покрај гаранции за заштита на основните човекови права, содржи и механизам којшто има за цел да обезбеди нејзино делотворно остварување од страна на државите како договорни страни на овој меѓународен договор. Притоа, клучна е улогата на ЕСЧП којшто во своите пресуди анализира и утврдува дали во одреден, конкретен предмет државата ја прекршила Конвенцијата. Самата Конвенција експлицитно ја предвидува задолжителноста на пресудите за државите како и надлежноста за вршење надзор на нивното извршување, и тоа го воочуваме во членот 46 од ЕКЧП. Во смисла на овој членот[20], пресудите имаат обврзувачка сила, што значи дека државите треба да преземат обврска да се придржуваат кон конечните и правосилни пресуди на Судот во секој предмет во кој тие се странки. Членот 46 се применува во однос на секоја пресуда во која Судот има утврдено прекршување на Конвенцијата, што ѝ наложува на одговорната држава правна обврска да стави крај на прекршувањето и да обезбеди обесштетување за неговите последици.[21]

Имено, државите членки на Советот на Европа, генерално, имаат три обврски после донесувањето на за нив неповолна (негативна) пресуда со која е утврдена повреда на Конвенцијата: да исплатат надомест, доколку тој бил досуден; доколку е неопходно, да преземат натамошни индивидуални мерки во полза на апликантот, односно да стават крај на повредата утврдена од страна на Судот и да се изврши репарација за причинетите последици на начин што ќе го стави апликантот, во мера во која е тоа можно, во поранешната состојба, односно во ситуацијата која постоела пред прекршувањето (restitutio in integrum) [22]; и да преземат мерки од општ карактер со цел да осигурат неповторување на слични повреди во иднина.[23] Од принципот на супсидијарност[24], произлегува дека државата која е одговорна за повреда на слободите и правата утврдени согласно Конвенцијата има висок степен на флексибилност во изборот на средства со кои ќе ја исполни нејзината правна обврска од членот 46 од Конвенцијата. Овој принцип, којшто иницијално беше развиен како доктрина во праксата на Европскиот суд, а неодамна беше и експлицитно инкорпориран во

[20] Ibid § Чл. 46, ст. 1.
[21] Papamichalopoulos and Others v. Greece (Article 50), 31 October 1995, § 34, Series A no. 330-B
[22] Akdivar and Others v. Turkey (Article 50), 1 April 1998, §47, Reports of Judgments and Decisions 1998-II
[23] Broniowski v. Poland [GC], no. 31443/96, § 193, ECHR 2004-V
[24] Ibid § Protocol 16.

Преамбулата на Конвенцијата преку Протоколот бр.15[25], ја потенцира примарната одговорност на домашните власти да ги почитуваат и гарантираат слободите и правата загарантирани со Конвенцијата, да ги определат најсоодветните мерки за таа цел, како и да осигурат усогласеност со конечните пресуди донесени од страна на Судот преку соработка и координација на сите гранки и органи на власта.

Сепак, изборот на средства и начинот на нивното практично спроведување не е неограничен и истиот е предмет на надзор[26] од страна на Комитетот на министри[27] на Советот на Европа. Интеракцијата на ЕСЧП и Комитетот на министри, преку примена на членот 46 од ЕКЧП од страна на ЕСЧП, постојано евалуира. Во последните години ЕСЧП сè почесто го помага процесот на извршување на пресудите на повеќе начини, на пр. преку давање на насоки во своите пресуди во однос на определени мерки на извршување кои државата треба да ги преземе. Од моментот на ратификација на ЕКЧП[28], се креира право за поднесување на индивидуални жалби (апликации) против државата согласно членот 34 од ЕКЧП преку кои се истакнуваат жалбени наводи за повреда на слободите и правата кои ги штити Конвенцијата.

Во однос на следење и извршување на одлуките на ЕСЧП во предметите против Република Северна Македонија, како надлежно тело се јавува Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права, со која раководи Министерот за правда[29] Патот до конечната, успешна имплементација на една пресуда е честопати долг и макотрпен зашто истиот минува низ Бирото за застапување на државата пред ЕСЧП како државен орган кој добива официјална нотификација од страна на Регистарот на Судот за конечноста на една пресуда, за потоа патот да продолжи низ Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, судовите, јавните обвинителства, министерствата, органите на државната управа, Академијата за судии и јавни обвинители.[30] На долг рок, ефикасната имплементација на пресудите на Европскиот суд за човекови права треба да придонесе кон градење и развивање на култура на доследно почитување на меѓународно преземените обврски на државата, што, пак, треба да спречи натамошно нарушување на

[25] Протокол бр. 15 за измена на Конвенцијаа за заштита на човековите права и основни слободи (CETS бр.
213), Стразбур, 24 јуни 2013 год. Стапи во сила на 1 август 2021 година
[26] Scordino v. Italy (no. 1) [GC], 2006, §§ 232-234.
[27] Guide on Article 46 of the European Convention on Human Rights. (2022). Council of Europe. Pg. 6.
[28] Македонија ја има ратификувано ЕКЧП на 10 април 1997 година.
[29] Годишен извештај за работата на меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2019 година (2020). Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Министерство за правда. Р. С. Македонија. Стр. 7
[30] Ibid.

нејзиниот меѓународен углед преку често изрекување на нови, неповолни пресуди во кои таа би била изложена на јавна осуда за сторената повреда на минималните човекови права кои ги гарантира Конвенцијата.

2.1. Студија на случај: Ел Масри против Република Македонија

Во 2012 година, 24 октомври Големиот совет на Европскиот суд за човекови права ја донесе пресудата во случајот Ел Масри против Република Македонија[31]. Случајот против Република Македонија беше покренат со жалба бр.39630/09 согласно членот 34 од Конвенцијата , од германскиот државјанин Калед ел Масри, на 20 јули 2009 година. Во жалбата, жалителот Ел Масри, роден во 1963 година, а живее во Сенден, Германија, тврдел дека Република Македонија со своето (не)постапување за периодот од 31 декември 2003 година до 28 мај 2004 година, со што е причинета сериозна повреда на Европската конвенција за човекови права. Жалителот тврдел дека бил жртва на тајна операција за вонредно предавање на Американската разузнавачка организација, а учествувале македонски службени лица, а која се одвивала на територијата на Република Македонија. Според Ел Масри, службените лица „го притвориле, го држеле incommunicado, го испитувале и го малтретирале, и го предале на аеродромот во Скопје на агенти на ЦИА кои го префрлиле со специјален авион на ЦИА, во таен објект за притвор управуван од ЦИА во Авганистан, каде бил малтретиран повеќе од четири месеци“[32], за после да биде вратен во Германија. Освен тоа, тужената држава, во случајов, Македонија, не ги презела потребните мерки за да спроведе истрага, со што ќе ги провери наводите на жалителот. Така, Република Македонија сторила повреда на следниве членови и тоа: 3, 5, 8 и 13 од ЕКЧП, со што е одговорна за тортура, нечовечко и деградирачко однесување врз жалителот, за повреда на правото на слобода и сигурност, правото на приватен и семеен живот и правото на ефективен правен лек. Пресудата е значајна од аспект на меѓународното право, затоа што се работи за првиот случај пред Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) со кој се осудува практиката на вонредно предавање и за прв пат меѓународен суд како што е Европскиот суд за човекови права, го окарактеризира ваквото дело како тортура и нечовечко постапување, ставајќи акцент на значајноста на забраната за тортура на меѓународната сцена. Како што и авторот наведува, имајќи предвид дека Конвенцијата е директно инспирирана од Универзалната Декларација за човекови права, а правата пак содржани во Декларацијата се инкорпорирани и во многу други меѓународни документи и договори, пресудата може да послужи и како

[31] El-Masri v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia. Application no. 39630/09. 2012.
[32] Ibid.

„упатство за тоа како овие норми да се применуваат во иднина во поглед на програмите за вонредно предавање“.[33] Со пресудата се посочува можната злоупотреба на концептот на „државна тајна“ особено кога станува збор за системски политики на тајни притвори, програми за испрашување и предавање, разузнавање, и други практики за кои нема многу информации, а за кои има генерална неказнивост, што секако е спротивно на идејата на владеење на правото и почитување на човековите права. Во таа насока Македонија отпосле донесе акциски план[34] со што македонските власти презедоа дополнителни чекори насочени кон обезбедување усогласеност со пресудата на Европскиот суд, преку состанување на меѓуресорската комисија за извршување на пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права за мерките неопходни за извршување на пресудата Ел Масри. Она што беше интересно во овој случај е тоа што Македонија, покрај паричната отштета сторена спрема апликантот ја надомести и јавно се извини[35], за да не се соочи со прва Резолуција со осуда од Советот на Европа.

3. Европска мигрантска политика и предизвици за Северна Македонија

Македонија од почетокот на своето осамостојувањето, се насочи кон европското членство, како една од нејзините стратешки цели, неминовно е дека постои потреба од усогласувањето на политиките со стандардите на ЕУ. Дополнително, миграциските политики на Северна Македонија покажаа значително усогласување со стандардите на ЕУ, особено во процедурите за азил и управувањето со границите, така што државата има усогласено голем дел од својата правна рамка во согласност со директивите на ЕУ, а можеме лесно да воочиме со Законот за меѓународна и привремена заштита[36], кој има за цел да ги постигне стандардите за миграција и азил на ЕУ. Во однос на управувањето со границите, Северна Македонија постигна напредок преку унапредување на соработката со ЕУ, преку склучување[37] на договорот за ФРОНТЕКС

[33] Стојковски, Љ. (2020). Приказ и коментар на пресудата Ел-Масри против Република Македонија. Strasbourg Observers.
[34] UPDATED ACTION PLAN: El-Masri v. theRepublic of Macedonia (Application no. 39630/09)-Grand Chamber judgment of 13 December 2012. Ministry of Juctice. Recpublic of Macedonia. DH-DD(2015)1219.
[35] Стојанчова, П. (2018). Македонија во финиш му се извини на Ел Масри. Радио Слободна Европа.
[36] Собрание на Република Северна Македонија. (2018). Закон за меѓународна и привремена заштита. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 64/2018, 11 април 2018.
[37] Радио Слободна Европа. (2023). Старт на ФРОНТЕКС во Северна Македонија. Достапно на https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%80%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%84%D1%80%D0%BE%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81-%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B0-

(Европска агенција за гранична и крајбрежна стража)[38]. Со овој договор се отвара можност за воспоставување заеднички операции на европската Агенцијата за гранична и крајбрежна стража на територијата на Република Северна Македонија.[39] Оваа соработка има за цел да ја подобри безбедноста, да спречи трговија со луѓе и да се справи со нерегуларната миграција. Сепак, покрај преземаните обврски сè уште постои потреба за понатамошна интеграција на практиките слични на ЕУ во справувањето со нерегуларните движења, што ќе доведе до зајакнување на заштитата на мигрантите, особено оние кои се изложени на ризик од експлоатација од шверцерски мрежи. Во 2015 година, Македонија доживеа удар од невиден прилив на мигранти кои транзитираа низ земјата за да стигнат до посакуваните дестинации во Северна Европа. Кризата со мигрантите и бегалците, која генерално беше застапена Европа, дополнително ја отежна и онака кршливите политички односи во земјата и во голема мера влијаеше врз социо-економската и институционалната стабилност. Не само што Македонија се најде во ситуација да биде во средина на балканската мигрантска рута, туку истовремено стана т.н. „чувар“ на Европските порти во улога да ги чува и штити надворешните граници на Унијата од несакани мигрантски приливи.[40] Авторот на делото наведува факт дека до септември 2016 година повеќе од 800 000 мигранти транзитирале низ македонска територија, со што прави интересна паралела со популацијата во државата, истакнувајќи дека се работи за пола резидентно население на просториите на Р.С. Македонија.[41] Државните институции како Министерството за внатрешни работи играат централна улога во управувањето со миграцијата, поддржани од различни стратегии и оперативни рамки, како што е Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.[42] Мигрантската криза не е новост за Северна Македонија. Во последните

%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/32372193/p1.html

[38] Министерство за европски прашања. (2018). Османи: Владата го усвои договорот за Фронтекс, подготвени сме за негово потпишување. Министерство за европски прашања. https://mep.gov.mk/post/?id=2296. Пристапено 25.10.2024.

[39] Ibid.

[40] Koshevalsika O., Nikodinovska Krstevska A., Maksimova E. (2022). 'Structured' solidarity of the European Union towards illegal migration challanges in North Macedonia. In: Outsourcing and cooperation with third countries: Deconstruting the formal and the informal in migration and asylum policies. Editoriale Scientifica, Napoli, pp. 61-76. ISBN 979-12-5976-374-7

[41] Ibid, стр. 64.

[42] Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија. (2021). Национален акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија 2021-2025. Преземено од https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/NACIONALNA-STRATEGIJA-MKD-ALB-ANG-25_10_2021.pdf

25 години, земјата пет пати се справуваше со бегалската криза.[43] Постои потреба да се нагласи дека Северна Македонија не е приоритетна земја за барателите на азил, ниту, пак, азилантите и мигрантите ја перципираат како т.н. земја на последна инстанција. Истражувањата направени во Македонија покажаа дека доколку барателите на азил би останале во овој регион, предност би им дале на Србија и Грција, затоа што, согласно географската поставеност Србија е поблиску до ЕУ, а што се однесува до Грција како земја членка на Унијата, ќе имаат пристап до европските фондови и можни шеми за полесно преселување. Со ова можеме да заклучиме дека мигрантскиот прилив беше од минлив карактер за Македонија (Кошевалиска, Никодиновска: 2020). Сепак, и покрај својот минлив карактер, заради миграцискиот тек се јавија реперкусии врз повеќе аспекти, вклучувајќи ги политичкиот, институционалниот, економскиот, но и хуманитарниот систем на земјата.[44] Важно е да македонските институции да бидат свесни дека Македонија се соочува со неколку клучни предизвици во управувањето со миграцијата, вклучувајќи го големиот обем на нерегуларна миграција и недоволните ресурси. Имено, земјата останува транзитна точка за мигрантите, особено оние од региони како Блискиот Исток, кои се обидуваат да стигнат до ЕУ. Додека бројот на нерегуларни мигранти се намали во последните години[45], ризиците поврзани со организираниот криминал, вклучително и трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти, продолжуваат да бидат актуелен проблем. Иако е постигнат напредок во спроведувањето на граничните безбедносни рамки, како што е формирањето прифатни центри за барателите на азил, сè уште постои загриженост за пренатрупаноста, лошите услови за живеење и несоодветните капацитети.[46] Додека Северна Македонија прави чекори кон усогласување на нејзините миграциски политики со стандардите на ЕУ, сепак, сеуште постојат тековни предизвици од областа на управување со границите, процедурата за азил и интеграцијата на мигрантите во Македонија, предизвици кои треба да се решат за поефикасна интеграција во ЕУ.

[43] Koshevaliska, O., & Nikodinovska Krstevska, A. (2020). Migration and asylum policy system: The case of Republic of North Macedonia. Orientale, 2020. стр. 119-127.
[44] Ibid.
[45] U.S. Department of State. (2023). 2023 country reports on human rights practices: North Macedonia. U.S. Government Publishing Office. Достапно на https://www.state.gov/reports/2023-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/. Пристапено на 25.10.2024.
[46] International Organization for Migration. (2022). Flow monitoring surveys with migrants transiting through the Republic of North Macedonia: Second report, April-May 2022. International Organization for Migration.

Заклучок

Предизвиците со кои се справуваат македонските власти во однос на миграција и азил значително еволуираа последниве неколку години, под влијание на стратешката цел на земјата да пристапи кон членството на Европската Унија. Ефикасното управување со миграциските текови и обезбедувањето заштита на мигрантите и барателите на азил станаа еден од клучните фактори во усогласувањето со европските стандардите. Македонија, изминативе години постигна забележителен напредок во развојот на своите рамки за миграција и азил, сепак остануваат предизвици, особено во областа на управувањето со границите, процедурите за азил и интеграцијата на мигрантите.

Всушност, како еден од најзначајните предизвици е управувањето со нерегуларната миграција во национални рамки. Извештаите од меѓународните организации како што е Меѓународната организација за миграција (ИОМ) нагласуваат дека иако безбедноста на границите е подобрена, условите за живеење во прифатните и привремените транзитни центри сè уште се супстандардни, што доведува до загриженост за способноста на земјата да ги заштити и соодветно да ги смести мигрантите во истите тие објекти, налагајќи подобрување на физичките и оперативните сместувачки капацитети за да обезбеди подобра заштита и стандарди за човекови права, кои се клучни за усогласување со политиките на ЕУ за миграција и азил. Европската Унија со години работи да развие сеопфатна рамка за интеграција на мигрантите, со осврнување на посебен акцент на социјалната, економската и културната инволвираност во општеството. Самиот факт дека Северна Македонија, го претендира своето членство во Унијата, потребно е да ја покаже својата истрајност и посветеност за интегрирање на мигрантите преку нудење на можности за вработување, образование, здравствена заштита и домување, како и справување со дискриминацијата и ксенофобијата. Користејќи ефективни механизми за реализирање на воспоставените политиките за интеграција се од суштинско значење што ќе им овозможи на мигрантите можат позитивно да придонесат за македонското општество, наместо да останат маргинализирани. Важно е да нагласи дека напорите на земјата во однос на миграцијата и азил сè уште се во зародиш, што налага напорна работа за да се развијат сеопфатни и инклузивни програми за интеграција. Како дел од процесот на пристапување кон ЕУ, Македонија има склучено различни договори со Унијата, вклучувајќи го и договорот со ФРОНТЕКС од 2022 година за управување со миграцијата и соработка за гранична контрола. Ваквите договори се дизајнирани да обезбедат дека граничните и миграциските политики на Северна Македонија се во согласност со стандардите на ЕУ. Сепак, предизвиците како што се истрајноста на криумчарењето мигранти, потребата од ефективни

механизми за враќање и заштитата на ранливите групи сеуште опстојуваат.

Што се однесува до имплементацијата на одлуките на Европскиот суд за човекови права, како што е нагласено во извештајот за С. Македонија, на Европската комисија за 2024 година, се нагласува посветеноста на земјата во однос на почитувањето на човековите права и зајакнување на владеење на правото. Донесувањето на новата развојна стратегија за правосудството за периодот од 2024-2028 година, можеме да ја толкуваме како почеток кон придонесување на значајните реформи во судството ја зголемија транспарентноста, отчетноста и ефикасноста, притоа придонесувајќи за македонските институции да се справат со предизвиците поврзани со илегалната миграција. Откако ФРОНТЕКС стана оперативен на јужната граница, регистрацијата на уапсените нерегуларни мигранти значително се подобри. Но, работата не треба да застане, затоа што борбата против криумчарењето мигранти треба да се засили со таргетирање на поединечни членови на групите за криумчарење мигранти, вклучително и преку меѓународна соработка. Освен тоа, постоењето на проактивните мерки кои се преземаат од страна на институциите во однос на борбата против илегалната миграција ја покажуваат посветеноста на Македонија за создавање безбедна и законска рамка за миграција, која е од суштинско значење за нејзините аспирации за членство во Европската Унија. Сепак, и покрај овие позитивни движења, тековните предизвици остануваат. Потребно е одржливо градење капацитети, усогласување на законодавството и континуирана политичка посветеност, неопходни за одржување и продлабочување на овие реформи, се со цел штитење на севкупното добро на мигрантите.

Од овде можеме да заклучиме дека со посветеното спроведување на одлуките на ЕСЧП од страна на Северна Македонија и нејзиниот сеопфатен пристап за управување со илегалната миграција ја поставуваат земјата во поволна позиција што ќе резултира со забрзани евро-интеграциски процеси. Судските реформи и подобрувањата на миграциската политика се круцијални за Македонија, затоа што на овој начин ќе ја докаже подготвеноста да ги исполни Копенхашките критериумите за пристапување во Европската Унија. Континуираната соработка со европските институции, законската хармонизација, зголемена институционална поддршка, хуманитарната помош, како и одржливите политики за заштита на мигрантите ќе придонесат за поправедно и побезбедно општество за сите, обезбедувајќи европска безбедност, како и прифаќање на европските вредности за солидарност и почитување на човековите права, штитејќи го достоинството и правата на мигрантите.

Користена литература

[1] Haas, E. B. (1958). *The uniting of Europe: Political, social, and economic forces, 1950–1957*. Stanford University Press.

[2] Schuman, R. (1950, May 9). *The Schuman Declaration*. European Union. https://european-union.europa.eu/principles-countries-history/history-eu/1945-59/schuman-declaration-may-1950_en

[3] De Bruycker, P., & Labayle, H. (2012). *The influence of ECJ and ECtHR case law on asylum and immigration* (Study). European Parliament.

[4] Office of the High Commissioner for Human Rights (OHCHR). (n.d.). *International standards governing migration policy*. https://www.ohchr.org/en/migration/international-standards-governing-migration-policy

[5] Кривичен законик. (1996). Чл. 418-б, ст. 2. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 37/1996. Собрание на Република Северна Македонија.

[6] Штерјоски, И., & Божиновска, Б. (2019). *Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна Македонија: Извештај*. Македонско здружение на млади правници.

[7] Никодиновска Крстевска, А. (2020). *Нелегалната миграција, Република Македонија и Европската Унија: Неколку опсервации за договорот за реадмисија*. Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

[8] Устав на Република Македонија. (1991). Чл. 98, ст. 2. *Службен весник на Република Македонија*, бр. 52/1991. Собрание на Република Северна Македонија.

[9] Министерство за правда. (2024). *Развојна секторска стратегија за правосудство (2024–2028)*. Република Северна Македонија.

[10] Eurothink – Центар за европски стратегии. (2023). *Евробарометар: Перцепции и ставови на граѓаните на Република Северна Македонија за работата на полицијата*.

[11] European Commission. (2024). *North Macedonia 2024 report*. https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf4482318ab47e88_en

[12] Eurojust. (2008). *Agreement on cooperation between Eurojust and the former Yugoslav Republic of Macedonia* (Doc. No. 2008/0011).

[13] Eurojust. (2007). *Agreement on operational and strategic co-operation between the former Yugoslav Republic of Macedonia and the European Police Office*.

[14] Влада на Република Северна Македонија. (2021). *Резолуција на миграциската политика на Република Северна Македонија (2021–2025)*.
[15] International Organization for Migration. (2022). *Миграциите во Република Северна Македонија: Профил на земјата 2021*. IOM, Скопје.
[16] Council of Europe. (1950). *European Convention on Human Rights*. https://70.coe.int/pdf/convention_eng.pdf
[17] Papamichalopoulos and Others v. Greece (Article 50), 31 October 1995, § 34, *Series A*, No. 330-B.
[18] Akdivar and Others v. Turkey (Article 50), 1 April 1998, § 47, *Reports of Judgments and Decisions*, 1998-II.
[19] Broniowski v. Poland [GC], No. 31443/96, § 193, *ECHR*, 2004-V.
[20] Protocol No. 15 amending the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, CETS No. 213 (2013, June 24).
[21] Scordino v. Italy (No. 1) [GC], §§ 232–234 (2006).
[22] Council of Europe. (2022). *Guide on Article 46 of the European Convention on Human Rights*.
[23] Министерство за правда. (2020). *Годишен извештај за работата на меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2019 година*.
[24] El-Masri v. The Former Yugoslav Republic of Macedonia, Application No. 39630/09 (European Court of Human Rights, 2012).
[25] Стојковски, Љ. (2020). *Приказ и коментар на пресудата Ел Масри против Република Македонија*. Strasbourg Observers.
[26] Koshevaliska, O., & Nikodinovska Krstevska, A. (2020). Migration and asylum policy system: The case of Republic of North Macedonia. *Orientale*, 119–127.
[27] U.S. Department of State. (2023). *2023 country reports on human rights practices: North Macedonia*. https://www.state.gov/reports/2023-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/

Богољуб Мијалков[1]

ПОЛИТИКАТА НА АЗИЛ: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈОТ СО ЏУЛИЈАН АСАНЖ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Есеј

Овој труд ја испитува сложената динамика на политиката за азил во контекст на меѓународните односи преку сеопфатна студија на случај на Џулијан Асанж. Како основач на Викиликс и истакнат укажувач, Асанж побара азил во амбасадата на Еквадор во Лондон за да избегне потенцијална екстрадиција во Соединетите држави. Тезата ги анализира мотивациите зад напорите на Асанж за барање азил, истражувајќи ги правните предизвици со кои се соочи, вклучувајќи ги шведските наводи и пошироките импликации за владината транспарентност и заштитата на укажувачите. Студијата навлегува во дипломатските импликации на Еквадор да му даде азил на Асанж, што ги затегна односите меѓу Еквадор, Велика Британија и САД. Тој ја нагласува интеракцијата на размислувањата за човековите права во случајот на Асанж и глобалното влијание врз правата на барателите на азил. Дополнително, истражувањето ја истражува улогата на медиумското покривање во обликувањето на јавното мислење и влијанието на меѓународните одговори на барањето за азил на Асанж. Глобалните медиуми во центарот на вниманието ја истакнаа комплексноста околу политиката за азил и нејзиното вкрстување со слободата на печатот. Извлекувајќи се од компаративната анализа на други случаи на азил од висок профил, ова истражување го истражува поширокиот политички контекст во кој се одвиваше случајот на Асанж, расветлувајќи ја сложеноста на државните интеракции во однос на укажувачите и владината транспарентност. На крајот оваа студија придонесува за подлабоко разбирање на сложеноста и предизвиците на политиката за азил во доменот на меѓународните односи, нудејќи вредни сознанија за одговорите на нациите на поединците кои бараат азил во брзо менување на глобалниот политички пејзаж.

[1] М-р Богољуб Мијалков е студент на трет циклус на студии по Кривично право на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, email: bogoljub.mijalkov-@ugd.edu.mk;

1. Вовед во темата и поим за азил

Зборот „азил“ потекнува од латинскиот збор asylum, кој во буквален превод значи прибежиште, засолниште, додека во поширока смисла на зборот претставува неприкосновено место (Dzubow, J. (n.d.). Покрај латинското определување на терминот азил се среќаваме и со грчкиот збор „ásulon“, односно, оној што не може да биде заробен. Согледувајќи го определувањето на терминот азил може да се извлече една буквална дефиниција на азилот како движење на едно лице од една држава во друга како резултат на одредени причини поради кои не може да остане да го остварува своето право на живот во соодветната држава, па поради тоа се обидува да најде свое засолниште. Историски гледано, азилот се појавил во античките држави на Блискиот Исток и Медитеранот, каде се појавил како привилегија која ја имале одредени поединци, а не како нивно право. Во почетокот, азилот претставувал место на кое поединецот можел да се сокрие, обично на места како храмови и светилишта. Со развојот на модерните држави азилот постепено добива политички карактер и денес во главно се дава само на политички бегалци и сторители на политички кривични дела. Поимот азил во општа смисла може да се дефинира како прифаќање од страна на државата на пребеганите лица и нивна заштита од акти на гонење, враќање или екстрадиција во државата од која побегнале. Поимот азил во најопшта смисла може да се дефинира како *прифаќање од страна на државата на пребегнати лица и нивна заштита од акти на гонење, враќање или екстрадиција во државата од која побегнале*. Со други зборови, тоа е заштита што државата му ја обезбедува на странецот од определени дејства на нејзините органи.

Најширокаата дефиниција за тоа што е азилот и кои се основите за едно лице да добие азил е дадена во Конвенцијата за статусот на бегалците 1951 година која е потпишана од страна на 147 земји членки како и Протоколот од 1967 година. Државите потписнички на Конвенцијата се обврзале да им признаат право на азил на лицата кои ќе докажат дека постои реален ризик од прогон во нивните земји на потекло поради нивна припадност на раса, религија, националност, припадност на одредена социјална група или политичка определеност. Лицата кои ќе добијат меѓународна заштита всушност се стекнуваат со правен статус во земјата на азил од кој произлегуваат определени права и обврски (Кошевалиска, О., & Максимова, Е. 2020).

2. Меѓународни документи кои ја гарантираат заштитата и правата на барателите на азил

Азилот е универзална, демократска придобивка со која странецот чиј живот е загрозен може да добие меѓународна и привремена заштита во друга држава. Во меѓународни рамки одговорноста на државите за заштита на бегалците првенствено произлегува од Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951година и дополнителниот Протокол за статусот на бегалците од 1967 година. Конвенцијата претставува „основа на современото бегалско право“ и е единствениот меѓународен документ кој целосно ги регулира правата и обврските на бегалците. Конвенцијата за бегалци го рефлектира политичкиот контекст од тоа време и претставува територијално решение.

На глобално ниво, најсоодветно формиран и правно обврзувачки документ несомнено е документот на Обединетите нации, именуван како Конвенција за статусот на бегалци. Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалци од 1967 година се единствените глобални правни инструменти кои ги покриваат најважните аспекти од животот на бегалците. Во согласност со нивните одредби, бегалците заслужуваат, во најмала рака, еднакви стандарди на третман кои ги уживаат и другите странски државјани во дадена земја а во многу случаи, пак, и еднакви стандарди како и државјаните на таа земја (UNHCR. (2011). The 1951 Convention Relating to the Status of Refugees and its 1967 Protocol).

Конвенцијата е правно обврзувачки документ кој за прв пат дефинира индивидуални поими како бегалец, кој всушност може да добие правен статус на бегалец и на кој начин, каква правна заштита ужива признатиот бегалец. Исто така, таа ги дефинира и обврските на бегалецот кон земјата во која тој се наоѓа. Конвенцијата во својата текстура внесува нови поими и определува одредени категории на луѓе, како што се воените криминалци, и воедно дефинира зошто тие не можат да стекнат статус на признаен бегалец.

Конвенцијата претставува заштитник на бегалците. Според неа, исто така, е секое лице кое е надвор од границите на својата матична земја, или земја на постојано живеење има основан страв од прогон поради својата религија, раса, националност, припадност кон одредена социјална група или политичко убедување и е немоќно да се спаси од прогонот на таа земја, или пак не сака да се врати во неа, поради страв од прогон. (Членот 1. Оддел А, став 1, Конвенција за статус на бегалци).

Конвенцијата содржи широк спектар права на бегалците, а исто така, ги потцртува обврските кои тие ги имаат кон земјата-домаќин. Столбот темелник на Конвенцијата за статус на бегалци е принципот на неповратност. (Чл.33, Конвенција за статус на бегалци). Според овој

принцип, бегалецот не треба да биде вратен во земја во која тој/таа се соочува со сериозни закани кон неговиот/нејзиниот живот и/или слобода. Овој принцип може да не важи за бегалци кои се разумно сметани за опасни по безбедноста на земјата домаќин, кои биле осудени за сериозни кривични дела, или пак се сметаат за опасност по заедницата.

3. Џулијан Асанж и Викиликс

Џулијан Пол Асанж е австралиски новинар и активист. Тој е најдобро познат по неговата работа со Викиликс, каде што бил портпарол и уредник. Асанж пораснал и живеел во Австралија сè до 2006-та година. Според одредени медиуми Џулијан бил членот на подземно експериментална група на хакери во текот на 1990-тите. Пред почетокот на 2000-та година, интернет претплатите и личната употреба на интернетот и е-поштата се користеле само од малцинство на луѓе во западните земји, вклучително и во Австралија. Хакирањето како криминал во 90-тите било многу ретко пријавувано и со ова делумно се објаснува зошто новинарите ги спомнуваат големите хакерски „пучови“ кои Асанж очигледно ги постигнал како тинејџер, како што е навлегувањето во Министерството за одбрана на САД. (Forbes, 2010). Според медиумите Џулијан прво бил обвинет за компјутерски криминал – хакирање на компјутер во 1994 година од страна на полицијата на Викторија, Австралија. Овој случај бил решен во судскиот систем на Викторија во 1996 година. (Jericho, J., & The Free School 2019).

Според весникот „The Guardian“ (2011):

Обвинителството го опишало Асанж како „најактивниот“ и „највештиот“ од нивната [хакерска] група, и вршело притисок за изрекување на затворска казна. Мотивот на Асанж, според обвинителството, бил „*едноставно ароганција и желба да ги покаже своите компјутерски вештини*“.

Со цел да ги потврдиме или негираме тезите за евентуалните осуди на Асанж за кривични дела, направивме истражување низ различни бази на податоци на извори кои јавно регистрираат детали за судски постапки во јурисдикции на Австралија. Нашите истражувања не дадоа никакви информации дека Џулијан Асанж бил обвинет за кривични дела пред 7 август 2019 година. Ова отсуство на потврда не е изненадувачки. Најголемиот дел на кривичните судски постапки во Австралија никогаш не се објавуваат. Според „The Guardian“ (2011) Асанж бил осуден, но не бил затворен. Ова сугерира дека овој суд не смета дека злосторството на Џулијан е меѓу најсериозните типови на компјутерски криминал.

По овие правни проблеми, Асанж значително ги намалил своите хакерски активности и сменил различни работни места, вклучително и позиција како асистент за компјутерска безбедност (Karhula, P. 2011). Сепак, неговата пасија да бара тајни и чувствителни информации тлеела во него. Според Хачадоријан, Асанж „не ја сфатил дефинирачката човечка борба како лево наспроти десно или верба наспроти разум, но како индивидуа наспроти институција“. Асанж ја поддржува идејата дека слободниот пристап до информации може да помогне да се запре „нелегитимното владеење“. Врз основа на оваа идеја Асанж го основа Викиликс во 2006 година, инсталирајќи го главниот сервер во Шведска бидејќи шведскиот устав обезбедува целосна правна заштита на укажувачи (CNN, 2010).

Од самиот почеток Викиликс објави документи кои откриваат етички сомнителни активности на владини функционери и политички лидери на располагање на јавноста.

Викиликс ја дефинира својата цел на овој начин: „*да донесе важни вести и информации до јавноста... обезбедувајќи иновативен, безбеден и анонимен начин за нашите извори да праќаат информации до нашите новинари*“. Викиликс се опишува себеси како инструмент против тајноста и во корист на транспарентноста, посредник меѓу анонимните извори и медиумите. Имајќи предвид дека многу од документите објавени од Викиликс се напишани во сложена воена или дипломатска формулација, новинарите од организацијата пишуваат „пријателски за читателот“ приказни за документите и го објавуваат изворниот материјал од каде што приказната доаѓа.

Во неколку наврати Викиликс објави документи кои резултираа со стории во насловните страници на весниците и ударните вести на радио, телевизија и социјалните медиуми. Викиликс скрши многу бариери и приказни кои се однесуваат на различни работи како што се војни, убиства, тортура, влада транспарентност, дипломатија, шпионирање, екологија, корупција, даноци, верски организации и насилство меѓу другите. Дури и кога сите овие приказни потекнуваат од различни земји, очигледно е дека Асанж и Викиликс имале предност преку неоткриени документи поврзани со владата на САД. Од 2007 година Викиликс објави огромен број документи од висок профил фокусирани на наводното недолично однесување на американската Влада (Karhula, P. 2011).

Несомнената вредност на содржината се потпира на природата на објавените документи. На пример, во март 2007 година, Викиликс го објави оперативниот приручник на американската војска за затворскиот логор Гвантанамо. Овој документ содржел информации за злоставуваните затвореници држени во речиси изолација и ставени под ригорозни испрашувања (Sutton, J. 2007). Во јули 2010 година Викиликс

го објавува Авганистанскиот воен дневник, збирка од повеќе од 80 000 документи поврзани со војната во Авганистан. (Gebauer, M., ет алл.2010) Повеќето од документите биле класифицирани како тајна која е разоткриена како владите на САД и другите сојузнички земји ја покривале смртта на невини цивили (Karhula, P. 2011).

Потоа, во ноември 2010 година пет големи весници од Германија, Шпанија, Франција, Обединетото Кралство и САД ослободија 220 000 доверливи дипломатски телеграми кои се однесуваат на американскиот Стејт департман. Компромитирачките врски се откриени во приватни комуникации во рамките на американската Влада со многу амбасади околу светот. (Shane, S., & Lehren, A. 2010).

Новинарите сугерираат дека невиденото истекување би предизвикало политичка тензија на домашно и на меѓународно ниво за владата на САД. По толку голем број протекувања, Асанж и Викиликс беа во центарот на вниманието. Во 2010 година, американската Влада неуспешно се обиде да го гони Асанж врз основа на Законот за шпионажа од 1917 година. Проблемите на Асанж со законот ескалираа во јуни 2010 година, кога две жени од Шведска го обвинија за сексуално малтретирање, па дури и силување. Подоцна, во август 2010 година, шведската полиција започна подлабока истрага за наводи за малтретирање (Shane, S., & Lehren, A. 2010).

Во тоа време Асанж живееше во Велика Британија. Оттогаш шведските власти се обидуваат да го фатат Асанж за да го натераат да одговори на сексуалните наводи[2]

Во ноември 2010 година, шведските власти издадоа меѓународна потерница за апсење на Џулијан Асанж. Набргу потоа, Асанж се предаде на лондонската полиција, каде што беше задржан осум дена пред да биде ослободен со кауција. Во февруари 2011 година, окружниот судија од Јужен Лондон донесе одлука за екстрадиција на Асанж во Шведска. По оваа одлука, правниот тим на Асанж поднесе жалба до Врховниот суд, тврдејќи дека разликите во правните дефиниции за сексуални злосторства помеѓу шведското и англиското законодавство бараат ревизија на налогот за екстрадиција. Сепак, во ноември 2011 година, Високиот суд во Велика Британија ја потврди одлуката за екстрадиција на Асанж во Шведска (BBC News, 2012). За време на целиот правен процес, Асанж ја одржуваше својата невиност и тврдеше дека обвинението се политички мотивирани (Addley & Topping, 2011). До мај 2012 година, Врховниот суд потврди дека Асанж треба да биде екстрадиран во Шведска за да се соочи со обвинението.

[2] *Timeline: Sexual allegations against Assange in Sweden.* (2012, August). BBC News. Retrieved from https://www.bbc.com/news/world-europe-11949341

Драматичен пресврт настанува во јуни 2012 година, кога Асанж влегува во амбасадата на Еквадор во Лондон за да побара политички азил. Владата на Еквадор му додели азил два месеци подоцна, овозможувајќи му да остане во амбасадата на неопределено време (Hough, 2012). Асанж стратешки ја избра амбасадата на Еквадор, знаејќи дека Еквадор има затегнати билатерални односи со Соединетите Американски Држави и историја на заштита на политички бегалци од екстрадиција. Овој дипломатски контекст го увери Асанж дека Еквадор нема да му го одбие азилот (Rozental, 2012).

4. Мотиви за барање азил

Најистакнатиот мотив за одлуката на Асанж да побара азил беа неговите правни грижи. Непосредната причина беше заканата од екстрадиција во Шведска, каде што се соочуваше со обвинениja за сексуално недолично однесување. Асанж жестоко ги негираше овие обвинувања, тврдејќи дека тие се политички мотивирани и дел од поширока стратегија за негово евентуално екстрадирање во Соединетите Американски Држави. Неговиот примарен страв беше дека екстрадицијата во САД ќе резултира со обвинениja за шпионажа или прекршувања на Законот за шпионажа, поврзани со неговата улога во објавување доверливи документи на американската Влада преку Викиликс. За Асанж, барањето за азил претставуваше заштита од, како што го сметаше, неправеден правен процес што би можел да резултира со негово гонење во САД.

Стравот на Асанж од можноста за кривично гонење во САД беше клучна движечка сила зад неговото барање за азил. Како основач на Викиликс, Асанж беше одговорен за објавувањето на чувствителни документи, вклучувајќи ги дневниците за војната во Ирак и Авганистан, како и бројни дипломатски телеграми. Овие откритија предизвикаа непријатност и гнев кај владата на САД и нејзините сојузници. Иако Асанж веруваше дека неговите дејства се во јавен интерес, промовирајќи транспарентност и барајќи одговорност од владите, тој исто така беше свесен дека неговите постапки го направија цел на правни и политички одмазди. Барањето азил за него беше основно средство за заштита од претстојното, политички мотивирано гонење со сериозни правни последици.

Освен правните последици, Асанж изрази и загриженост за својата лична безбедност. Тој тврдеше дека екстрадицијата во САД претставува веродостојна закана по неговиот живот. Историски, случаите со укажувачи често отворале прашања за нивната безбедност и благосостојба. Асанж тврдеше дека неговиот случај има потенцијал да постави глобален преседан за тоа како ќе бидат третирани укажувачите

и издавачите на доверливи информации. Според него, барањето за азил било начин да се обезбеди неговата физичка сигурност и благосостојба.

Друг фактор што го мотивираше Асанж да побара азил беше неговата желба да го комплицира и одложи процесот на екстрадиција. Со засолништето во амбасадата на Еквадор, тој доби време да ги истражи правните патишта за одбрана од обвинението и обидите за екстрадиција. Тој се надеваше дека долгата дипломатска и правна блокада ќе му овозможи да ја оспори валидноста на обвинението и да преговара за поповолни услови за неговите правни постапки.

5. Импликациите на случајот Асанж за човековите права, правата на укажувачите и слободата на печатот

Случајот на Џулијан Асанж има далекусежни импликации врз правата на укажувачите, кои откриваат неправилности или недолично однесување во рамките на организациите, вклучувајќи владини агенции. Укажувачите играат клучна улога во обезбедувањето транспарентност, отчетност и владеење на правото со откривање на информации од јавен интерес. Тие често се соочуваат со значителни лични и професионални ризици при одлуката да објават чувствителни податоци.

Генерално, обвинението против Асанж според Законот за шпионажа може да создадат опасен преседан. Законот за шпионажа, првично дизајниран за таргетирање на шпиони и поединци кои споделуваат информации со странски влади, сега се применува против Асанж, што предизвикува дилеми за тоа дали новинарските активности за објавување доверливи документи може да се третираат како шпионажа. Доколку новинарите и издавачите може да бидат кривично гонети како шпиони за протекување на владини документи, тоа би имало застрашувачки ефект врз потенцијалните укажувачи, намалувајќи ја веројатноста да откријат информации што се во јавен интерес.

Случајот на Асанж ја нагласува потребата од јасна правна заштита за укажувачите. Во многу земји, укажувачите се соочуваат со одмазда, кривично гонење и малтретирање. Зајакнувањето на законските механизми за заштита на укажувачите може да осигура дека тие се заштитени од неоправдани последици, вклучувајќи заштита од одмазда на работното место и јасни процедури за пријавување неправилности.

Дигиталната ера, исто така, донесе значителни промени во начинот на функционирање на укажувачите. Интернетот и дигиталните платформи им овозможуваат на укажувачите полесно и анонимно да споделуваат информации, но тоа создава нови предизвици за дефинирање на критериумите за укажување и легитимноста на

објавените податоци. Случајот на Асанж ја нагласува еволуцијата на укажувањето и потребата од ажурирање на правните рамки за да се прилагодат на овие промени.

6. Глобални импликации

Современото дипломатско право е кодифицирано во Виенската конвенција за дипломатски односи (1961), која не содржи експлицитни одредби за дипломатски азил (Vienna Convention on Diplomatic Relations, 1961). Иако дипломатскиот азил не е конкретно покриен, преамбулата на конвенцијата дозволува примената на обичајното меѓународно право за прашања кои не се регулирани со нејзините одредби. Дополнително, одредбата дека просториите на дипломатските претставништва не смеат да се користат за активности некомпатибилни со дипломатските функции остава простор за толкување.

Случајот на Асанж не е изолиран инцидент, туку дел од поширока мрежа на глобални актери. Како австралиски државјанин, кој објави доверливи информации преку Викиликс, случајот го предизвика статусот на укажувачите и новинарите во дигиталната ера. Постапките против Асанж во Обединетото Кралство, Шведска и САД ги нагласуваат комплицираните односи помеѓу националната безбедност, транспарентноста и слободата на печатот.

Исходот од случајот на Асанж може да создаде преседани со далекусежни последици. Владите ширум светот може да ги преиспитаат своите политики за заштита на укажувачите и реакцијата на протекување доверливи информации. Организациите за човекови права и новинарите гледаат на случајот како тест за слободата на медиумите и транспарентноста.

Овој случај ги отвора прашањата за рамнотежата помеѓу националната безбедност и јавниот интерес, заштитата на укажувачите и улогата на новинарството во одржувањето на демократијата. Сложеноста на случајот на Асанж ќе продолжи да биде централна точка за дебати за правата на човекот и слободата на медиумите во 21 век.

Заклучок

Случајот на Џулијан Асанж како огледало на современата политика за зил

Случајот на Џулијан Асанж ги истакнува предизвиците и сложеностите на современата политика за азил во контекст на меѓународните односи. Како истакнат укажувач и основач на Викиликс, Асанж се најде во центарот на глобалната дебата за правата на

укажувачите, слободата на медиумите и владината транспарентност. Неговиот обид да избегне екстрадиција преку азилот во амбасадата на Еквадор во Лондон, не само што поттикна контроверзии, туку и постави важни прашања за примената и етичките аспекти на меѓународното право.

Една од најважните импликации на случајот на Асанж е опасноста од создавање преседан кој би можел да ги обесхрабри идните укажувачи. Укажувачите играат критична улога во одржувањето на транспарентноста и отчетноста на раководечките структури. Сепак, обвинението за шпионажа против Асанж ја отвори дебатата за тоа дали објавувањето доверливи информации од јавен интерес треба да биде заштитено или казнето. Доколку се прифати кривично гонење за активности како неговите, тоа би можело да го замолчи истражувачкото новинарство и укажувачите ширум светот. Во овој контекст, случајот на Асанж ја нагласува итната потреба од зајакнување на правните заштити за укажувачите. Потребно е меѓународно усогласување на правните рамки за да се обезбеди заштита од одмазда и правичен третман на оние кои објавуваат информации што ја разоткриваат злоупотребата на моќта.

Азилот, традиционално сметан за правен механизам за заштита на загрозените лица, во случајот на Асанж добива политички димензии. Доделувањето азил на Асанж од страна на Еквадор ја нагласува интерсекцијата помеѓу националните интереси и меѓународното право. Одлуката на Еквадор, иако хуманитарно мотивирана, ги заостри дипломатските односи со Велика Британија и Соединетите Држави, демонстрирајќи како азилот може да стане точка на конфликт во меѓународната политика. Дополнително, правните и дипломатските тензиите околу азилот на Асанж ја истакнуваат потребата од јасни насоки и правила во меѓународното право. Виенската конвенција за дипломатски односи (1961) не го регулира експлицитно прашањето за дипломатски азил, што создава празнина која може да доведе до злоупотреба или недоразбирања.

Медиумското покривање на случајот на Асанж играше значајна улога во обликувањето на јавното мислење. Глобалното внимание кон неговите активности ја истакна важноста на транспарентноста и ја поттикна дебатата за границите на новинарството. Меѓутоа, ова покривање исто така доведе до политизирање на неговиот случај, каде што медиумите беа поделени помеѓу поддршка и критика за неговите активности. Случајот на Асанж служи како потсетник за одговорноста на медиумите да ја информираат јавноста објективно, но и за нивната ранливост на притисокот од владите и корпорациите. Овој случај истакнува дека слободата на медиумите останува еден од основните столбови на демократијата, кој треба да биде заштитен од сите закани.

Последиците од случајот на Асанж се чувствуваат надвор од границите на вклучените држави. Владите ширум светот внимателно го следат неговиот развој за да извлечат лекции за управувањето со слични случаи во иднина. Исходот може да има значајно влијание врз дефинирањето на односот помеѓу националната безбедност, човековите права и слободата на печатот. Случајот на Асанж, исто така, ги поттикна дебатите за реформите во меѓународното право за азил и заштитата на укажувачите. Неговата ситуација нагласува дека е потребен балансиран пристап кој ќе ги штити правата на поединците без да ја нарушува националната безбедност или меѓународните односи. Случајот на Џулијан Асанж претставува сложен пример за пресекот на правото, политиката и човековите права во контекст на глобалната политика за азил. Неговата борба за азил ја нагласува потребата од реформи во меѓународното право и заштита на укажувачите, истовремено поттикнувајќи дискусии за слободата на медиумите и транспарентноста на владите. Како симбол на дебатата за правото на јавноста да знае, случајот на Асанж останува тест за вредностите на демократијата и владеењето на правото во 21 век.

Користена литература

[1] Addley, E., & Topping, A. (2011, February 24). *Julian Assange attacks 'rubber-stamp' warrant as he loses extradition battle*. The Guardian. https://www.theguardian.com/media/2011/feb/24/julian-assange-extradition-sweden-verdict

[2] BBC News. (2012, August). *Timeline: Sexual allegations against Assange in Sweden*. https://www.bbc.com/news/world-europe-11949341

[3] CNN. (2010, July 25). *What is WikiLeaks?* https://news.blogs.cnn.com/2010/07/25/what-is-wikileaks/?iref=storysearch

[4] Dzubow, J. (n.d.). *The ancient origins of asylum: Part 1*.

[5] Gebauer, M., Goetz, J., Hoyng, H., Koelbl, S., Rosenbach, M., & Schmitz, G. P. (2010, July 25). *Explosive leaks provide image of war from those fighting it*. Der Spiegel.

[6] Hough, A. (2012, June 19). *Julian Assange: WikiLeaks founder seeks political asylum from Ecuador*. The Telegraph. https://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/wikileaks/9342856/Julian-Assange-WikiLeaks-founder-seeks-political-asylum-from-Ecuador.html

[7] Jericho, J., & The Free School. (2019, August). *WikiLeaks: News, cop, or psy-op?*

[8] Karhula, P. (2011, January 19). *What is the effect of WikiLeaks for freedom of information?* FAIFE Spotlight.

[9] Kerley, E. L. (1958). *Yearbook of the International Law Commission*. United Nations.
[10] Rozental, A. (2012, August 28). *Why is Ecuador protecting WikiLeaks' Julian Assange?* Brookings Institution. https://www.brookings.edu/articles/opinions/2012/08/28-ecuador-julian-assange-rozental
[11]Sutton, J. (2007, November 14). *Guantanamo operating manual posted on internet*. Reuters.
[12] United Nations High Commissioner for Refugees (UNHCR). (2011, September). *The 1951 Convention relating to the Status of Refugees and its 1967 Protocol*. UNHCR.
[13] United Nations. (1961). *Vienna Convention on Diplomatic Relations* (18 April 1961, entered into force 24 April 1964, 500 UNTS 95).
[14] United Nations. (1951). *Convention relating to the Status of Refugees*, Article 33.
[15] United Nations. (1951). *Convention relating to the Status of Refugees*, Article 1(A)(1).
[16] Кошевалиска, О., & Максимова, Е. (2020). *Меѓународно казнено право* [Електронски извор]. Универзитет „Гоце Делчев", Правен факултет, Штип.

CIP – Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“, Скопје

343.343.62:34(4-672ЕУ)(082)

341.645.2(44):341.231.14-054.73(497.7)(082)

364.4-054.72:340.13(497.7)(082)

341.43:327(082)

МЕЃУНАРОДНИ, европски и национални правни режими за миграција и азил

:збирка на трудови / уредници Ана Никодиновска Крстевска, Олга Кошевалиска, Елена Максимова. – Штип: 2-ри Август, 2026. – 156 стр.; 25 см

Фусноти кон текстот. – Библиографија кон трудовите

ISBN 978-9989-947-05-6

а) Европски суд за човекови права (Стразбур) – Пресуди – Право на бегалци – Македонија – Зборници б) Мигранти – Социјална заштита – Правна рамка – Македонија – Зборници г) Право на азил – Меѓународни односи -- Зборници

COBISS.MK – ID 68737541

Оваа книга претставува уникатна збирка на научни и стручни трудови од областа на миграцијата, азилот и бегалското право, во која се вклучени и преводи на еминентни странски автори што даваат значаен придонес во развојот на современата научна мисла во оваа област.

Целта на публикацијата е да обедини различни перспективи и анализи поврзани со заштитата на човековите права, нерегуларната миграција, политиките за азил, како и улогата на институциите и судовите во справувањето со овие комплексни прашања.

Преку ваков интердисциплинарен пристап, книгата придонесува кон развојот, продлабочувањето и систематизацијата на знаењата во областа на миграцијата, азилот и бегалското право на едно место.

Во време на динамични глобални миграциски текови и правни предизвици, ова издание претставува вреден и релевантен извор за студентите, истражувачите и поширокаta јавност, поттикнувајќи понатамошен интерес, истражување и академска дебата во оваа значајна област.

